Александар ДОНСКИ

АМЕРИКАНСКИ ЈАСНОВИДЕЦ ВО КОНТАКТ СО ДУХОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

МИСТЕРИЈА!

ЕМАРИ

Александар ДОНСКИ

АМЕРИКАНСКИ ЈАСНОВИДЕЦ ВО КОНТАКТ СО ДУХОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Штип, 2009 година

Александар ДОНСКИ

АМЕРИКАНСКИ ЈАСНОВИДЕЦ ВО КОНТАКТ СО ДУХОТ НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Издавач
ЕМАРИ - Штип

За издавачот
Проф. Марија Кукубајска

Печати
“2-ри Август - С” - Штип

НАМЕСТО ВОВЕД

На почетокот предлагам да поставиме едно логично прашање, иако во светот што го опишува оваа книга, не знам колку важат законите на нашава логика...

Ако сите сериозни религии низ светската историја тврдат дека постои живот по смртта; ако тоа го тврдат и значителен број научници кои од пред речиси четири децении сериозно го проучуваат феноменот на клиничка смрт во кој, луѓето кои краткотрајно биле прогласени за мртви, сведочат за неверојатни доживувања што ги имале за време на својата смрт и ако прифатиме дека постојат малубројни луѓе (јасновидци, т.е. медиуми) кои имаат докажана дарба и моќ да комуницираат со светот на покојните (за што постојат огромен број фрапантни сведоштва, од кои некои ќе изнесеме во продолжение) - тогаш логично се поставува прашањето: дали е можно некако да се стапи во контакт со душата (одвоениот идентитет од физичкото тело) на најголемиот македонски цар Александар Велики Македонски? Какви пораки ќе пренесе "тој"? И што ќе одговори на прашањата што би му биле поставени преку соодветниот јасновидец (медиум)? Овие прашања, оформени како зачеток на една голема авантура, наеднаш ми блеснаа во свеста зимата 2008 година... Нивните одговори се обидува да ги даде книгава што следи. Но, пред тоа неколку важни и нужни објаснувања...

ДАЛИ ПОСТОИ ЖИВОТ ПО СМРТТА?

Поради фактот што оваа книга е тесно поврзана со прашањето на постоење на живот по смртта, најнапред ќе дадеме неколку објаснувања околу оваа тема, превземени од мојата претходна книга “Што ќе ни се случи по смртта?” (КПЗ, Штип, 1996 год.) и дополнети со некои понови сознанија. Во таа книга, меѓу другото, како резултат на теренско истражување, за прв пат пред македонската јавност, претставив извесен број сведоштва од македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт.

Што ќе ни се случи по смртта? Не постои човек кој барем неколку пати во животот си го нема поставено ова прашање. Од друга страна, смртта и не е така честа тема на разговор кај поголемиот број на луѓе, т.е. претставува еден вид табу-тема. Причините за ова се сосема разбирливи и главно можат да се сведат на следните моменти.

Како прво, ќе го наведеме стравот од непознатото што го носи размислувањето или разговорот околу смртта. Тој страв уште повеќе се засилува од сознанието за нашата немоќ да сториме било што за да ја избегнеме смртта, да го избегнеме непознатото, т.е. неизвесното. Неизвесноста, пак, е една од најтешките состојби што ги преживува човекот, а во случајот на смртта таа е, би рекол, неприкосновена.

Второ, смртта, онаква каква што ја перцепираат живите за време на нејзиното настапување кај нивни близок не само што дава грда слика, туку предизвикува големи трауми и тоа најмногу поради: длабоката жалост заради физичкото исчезнување на покојникот и

тешкото помирување со таквата состојба; процесот на физичките промени (ни малку пријатни за човековите сетила) што се случуваат со трупот без разлика дали нив си ги замислуваме или ги гледаме на јаве. Сето тоа придонесува таквата грда слика да стане еден од елементите за создавањето на стравот од смртта кој, свесно или потсвесно, тлее кај човекот, немоќен да се спротивстави или да ја измени таквата состојба. Честопати тој страв е толку интензивен што голем број луѓе, како отпор кон него, едноставно ја отфрлаат помислата дека и самите ќе умрат еден ден. *Тоа мене нема да ми се случи* - е најчеста помисла која потсвесно тлее кај многумина обично додека присуствуваат на нечиј погреб, т.е. одблизу ја доживуваат смртта.

Значи смртта претставува табу-тема токму поради стравот од непознатото што го носи, немоќта да се спротивставиме на таквата состојба и, најмногу, поради стресот од вистината дека, сепак, еден ден и нам ќе ни се случи она што го гледаме кај мртовецот (распаѓање на нашето сакано тело, жалост на нашите блиски, наше погребување...). Затоа најчесто самите ја потиснуваме и избегнуваме дури и помислата на оваа тема, за да не си создаваме непотребни трауми, иако секогаш над нас лебди сознанието дека, колку и да сакаме, смртта не можеме да ја избегнеме.

Познато е дека физички смртта настапува во три фази, кои се карактеризираат со одредени физички промени кај умрениот. Така, во првата фаза настапуваат: престанок на работата на срцето и крвотокот, млитавост на мускулите, прекин на дишењето, бесчувствителност на кожата и слузокожата на термички и

механички дразнења, престанок на сензибилитетот и нереагирање на зениците на окото на светлина. Во втората фаза се јавуваат: мртовечко бледило, мртовечко студенило, мртовечка вкочанетост и мртовечки пеги, а во третата фаза имаме распаѓање на трупот и останати постмортни промени. Навистина грда слика за обичниот човек, која тешко може и да се замисли без да предизвика нелагодност и помал или поголем стрес.

Сепак, човекот одамна се интересирал за смртта и во рамките на можностите што ги нудело времето во кое живеел, се обидувал да даде најразлични толкувања за оваа неизбежна појава. Глобално гледано, овие толкувања денес содржат две дијаметрално спротивставени гледишта за она што ќе ни се случи по смртта (се разбира не со телото, туку со нашата свест, со нашите мисли, или теолошки кажано: со нашата душа).

Првото гледиште (атеизмот) смета дека по смртта човекот целосно исчезнува. Телото се распаѓа, а свеста му ја снемува. Според атеистите свеста е производ на мозокот и кога мозокот ќе исчезне (умре), свеста ќе ја снема. Теоријата дека не постои директно продолжување на животот по смртта, освен атеистите, ја застапуваат дури и некои религиозни заедници.

Според второто гледиште што го застапуваат најголемиот број на светски религии, низ историјата и денес, како и голем број на познати филозофи, човекот се состои од душа и тело. По физичката смрт телото се распаѓа, а душата (свеста) го напушта и вечно продолжува да живее *некаде.*

До неодамна овие две дијаметрално спротивставени гле-дишта меѓусебно се негираа, но се чини, ниту едните, ниту другите не беа во состојба да дадат аргументи кои ќе ја разубедат спротивната страна да се откаже од својата теорија.

Меѓутоа, во оваа *борба* на ставови, од не така одамна се вклучи уште еден фактор - науката, која со својата неприкосновеност изгледа е на прагот да ја открие дефинитивната вистина за она што ќе ни се случи по смртта. Имено, од крајот на шеесеттите години на 20 век, па наваму, во медицината почна сериозно да се истражува феноменот на клиничката смрт (кај нас познат како *премирање*), т.е. феноменот на луѓе кои краткотрајно биле мртви, а подоцна оживеале. Голем дел од овие случаи се случиле токму на операционите маси во медицинските институти и болниците, каде работеле лекарите-научници, кои со помош на прецизни апарати (ЕКГ и ЕЕГ) биле во состојба да ја потврдат смртта на пациентите и по реанимацијата (оживувањето) да ги забележат нивните фрапантни изјави за она што го доживеале додека докажано биле мртви.

За што посведочиле ваквите пациенти? Дали истите нешто доживеале за време на нивната краткотрајна смрт? И дали воопшто, медицински докажано, биле мртви? На сето ова ќе се обидеме да дадеме одговор во продолжение, но најпрво да направиме краток осврт на најновите научни сознанија за постоење на живот по смртта, спроведени неодамна во најразвиените земји во светот.

Научни и медицински докази за постоење на живот по смртта

Веродостојни, научни и медицински докази за постоење на живот по смртта до неодамна беше многу тешко да се обезбедат. Ваквата состојба траеше се до крајот на шеесеттите години кога во САД група лекари, самостојно или заедно, почнаа да го испитуваат феноменот на т.н. клиничка и медицинска смрт, односно научно да ја истражуваат реанимацијата на луѓе кај кои краткотрајно настапила смрт, но подоцна оживеале. Ќе се задржиме накратко на прегледот на овие мошне значајни истражувања.

Прв вистински *бум* во науката предизвика делото "*Живот по животот"* (*Лифе афтер Лифе*) од д-р Рејмонд Муди (Раsмонд Моодs), млад американски лекар и професор, кое го објави во 1975 година. Книгата стана светски бестселер, а само во бивша Југославија (каде беше преведена на хрватски и српски, но за жал, не и на македонски јазик) доживеа дури седум изданија, а според официјалните податоци објавени на неговата веб-страница досега била продадена во над 13 милиони примероци ширум светот. Заслугата на овој американски лекар е што прв се осмели да пишува за она што, сепак, некој мораше да го стори, а тоа е третирањето на проблемот на постоењето на живот по смртта од строго научен медицински аспект. Не знам колку на читателите им е позната содржината на ова, за оваа област, прво капитално дело, но мислам дека на кратко треба да објасниме за што зборува оваа книга, а во продолжение и ќе видиме зошто го правиме тоа.

Се почнало кон крајот на шеесеттите години. Д-р Муди имал баба, која преживеала краткотрајна смрт, т.е. од лекарите била прогласена за мртва, но на необјаснив начин, повторно оживеала. Подоцна возбудено им раскажувала на своите дека за цело време додека била мртва, всушност била жива и лебдела над своето тело, набљудувајќи се што се случува околу неа. Отпрвин никој не обратил големо внимание на тоа што го кажувала бабата на д-р Муди, се додека тој сосема случајно не сретнал и други случаи на луѓе кои доживеале исто искуство на краткотрајна смрт. Се вчудовидел кога видел дека тие искуства, раскажани од луѓе од сосема различни краеви на САД, во потполност се поклопувале со искуството што го доживеала неговата баба. Се повеќе почнал да се интересира за оваа тема и набргу се прочуло со што се занимава, па почнале од сите страни на САД да му се јавуваат луѓе од различни професии, кои доживеале краткотрајна смрт со слични искуства. Изјавите, како што самиот вели, ги систематизирал и обработил и како резултат на сето тоа се појави неговата книга "*Живот по животот"*, која набргу стана светски бестселер и поттикна многумина други лекари и научници да се зафатат со истражување на оваа област. Значи д-р Муди можеме да го сметаме за пионер во областа на научното, медицинско истражување за постоењето на живот по смртта; пионер кој, сепак, само го потврди она што одамна го тврдат најголемиот број на религии. Значи, во својата прва книга д-р Муди презентира поголем број на искази од луѓе (жители на САД), кои преживеале краткотрајна смрт, т.е. од лекарите и останатата околина биле прогласени за мртви, а подоцна

под дејство на реанимација или самостојно, оживеале; дава можни толкувања за овие доживувања и ги вклопува во научните тези за настапувањето на смртта кај човечкиот организам.

Сега, предлагам да направиме осврт кон медицинските сознанија и тези за мигот на настапувањето на смртта кај човечкиот организам, а потоа пак ќе се навратиме на д-р Муди и истражувањата што тој ги поттикна. Можеби на неупатените ќе им звучи чудно, но до денес не постои согласност кај лекарите и научниците околу лоцирањето на мигот кога настапува смртта на човечкиот организам. Имено, се знае дека главен фактор кој придонесува за настапување на смртта е недостатокот на кислород во клетките на човековиот организам (аноксија). Под влијание на аноксијата различни клетки од човековиот организам со различна брзина пропаѓаат. Така на пример, нервните клетки во малиот мозок пропаѓаат побргу од оние во 'рбетната срж и т.н. Клетките, како резултат на недостатокот на кислород, најпрво набабруваат, а потоа се распрснуваат или неповратно смалуваат, т.е. изумираат. По смртта на поедини клетки, изумираат ткивата, па органите, па животните системи и на крајот телото престанува да функционира. Меѓутоа, познато е дека телото може да функционира и откако некои органи ќе умрат, па поради тоа и настанува спорот со дефинитивната дефиниција на смртта, т.е. одредувањето на мигот кога смртта навистина настапува. Во врска со ова постојат различни сфаќања. Ќе ги разгледаме поединечно.

1. Според традиционалното сфаќање смртта настапува оној миг кога срцето престанува да чука

(работи). Како резултат на тоа доаѓа до запирање на снабдувањето на сите останати органи со храна и кислород (преку крвта), па доаѓа и до нивно одумирање. Ова пред се се однесува на мозокот како еден од најглавните делови на организмот. Значи, според оваа дефиниција за смртта, кога срцето престанува да чука, човекот е мртов. Се разбира, дека по престанокот на работата на срцето, доаѓа и до престанок на дишењето, проширување на зениците и постепено вкочанување на мускулите, но сето ова како да не е доволно да се прогласи настапувањето на смртта.

2. На ваквото традиционално сфаќање се спротивставуваат голем број научници и лекари, сметајќи дека срцето, иако престанува да работи, се уште во виталните органи има разерви од кислород и храна што срцето им ги доставило пред да престане да работи, па човекот е жив уште извесно време откако срцето престанало да му чука. Овде пред се се мисли на мозокот како најважен орган, кој извесно време по престанокот на работата на срцето ги користи резревите на кислород и храна што му ги доставило срцето пред да ја запре работата. Затоа периодот од мигот кога престанува срцето со работа, па се додека се потрошат резервите на кислород и храна во мозокот, е наречен *клиничка смрт,* т.е. тоа е еден вид *невистинска* смрт. Вистинската смрт, според ова сфаќање, настапува оној миг кога мозокот ќе ги потроши резервите на храна и кислород и таа смрт е наречена *медицинска* или *биолошка* смрт, т.е. тоа е вистинска смрт.

3. Постои и трето сфаќање за смртта, а тоа е најекстремно и според него, мртов организам се смета оној кој во себе нема повеќе ниту една жива клетка.

Првото сфаќање за смртта, со право е критикувано и има се помалку приврзаници. Имено, познати се бројни случаи кога срцето кај човекот не работи, но мозокот му е жив. Подоцна со помош на реанимација (масажа, електро-шокови или вештачко впумпување на воздух), но и благодарение на тоа што мозокот останал жив, срцето повторно проработува и човекот практично се реанимира, т.е. оживува, од што може да се заклучи дека тој не бил вистински мртов во тие мигови.

И третото сфаќање, колку и да изгледа прифатливо, има битни недостатоци. Според ова сфаќање, значи, кај организмот настапува конечна смрт оној миг кога во себе повеќе нема да има ниту една жива клетка. Логички, според оваа дефиниција, човекот е жив иако срцето и мозокот одамна не му работат, а, на пример, почнала да му расте брада и сл., што се разбира дека е неприфатливо. Тоа што некои клетки побавно умираат од срцето и мозокот, а немаат некаква позначајна функција во животот на човековиот организам (ноктите, брадата и др.), никако не значи дека тој човек е жив.

Значи, најприфатлива дефиниција за смртта се смета дека е онаа според која смртта настапува оној миг кога ќе настапи смртта на мозокот како највитален орган во човековиот организам. Мигот кога ќе настапи смртта на мозокот, практично го означува преминот од клиничка во медицинска, т.е. биолошка смрт. Времетраењето на клиничката смрт, т.е. на периодот од

престанувањето на срцето со работа, па се до смртта на мозокот, т.е. отпочнувањето на аноксијата на мозочните клетки, може да биде различно и најмногу зависи од телесната температура на човекот. Кај нас на Медицинскиот факултет во Скопје се смета дека тоа време може најмногу да трае до три минути, а во САД се смета дека може да трае до 5 минути, иако е забележан случај и на подолго време кога мозокот не прима храна и кислород од срцето кое не работи, а сепак не почнува процесот на аноксија, т.е. распаѓање и смрт на мозочните клетки. Се разбира дека овој случај се случил за време на операција на срцето, кога телесната температура на пациентот вештачки се снижува, па таквата ниска температура придонесува за успорување на процесот на аноксија. Да го спомнеме и тоа дека дали мозокот е жив или не прецизно може да се регистрира преку апаратот електроенцефалограф, кој е приклучен на мозокот на пациентот и ги регистрира и најситните импулси во мозокот преку линијата што се гледа на мониторот која се нарекува електроенцефалограм (ЕЕГ). Значи, во случај на рамна ЕЕГ линија на мониторот, мозокот практично е мртов, т.е. кај организмот настапил мигот на медицинска (биолошка) смрт.

Но, зошто го опишавме сето ова и каква врска има дефиницијата на смртта со книгата на д-р Муди и сите истражувања и дела што се јавија потоа во врска со оваа тема? Одговорот е многу едноставен, а се однесува токму на клучниот факт, сведен на прашањето: дали луѓето кои доживеале краткотрајна смрт и изјавиле дека биле живи за целото тоа време биле **навистина** мртви? Дали за време на нивното

доживување настапила медицинска или само клиничка смрт? Поставувајќи ги овие прашања доаѓаме до натамошната судбина на делото на Муди за која малку се знае во нашата јавност, а се однесува на редоследот на настаните што се случија во медицинската наука по појавата на книгата на Муди па се до денешни дни.

Спомнавме дека книгата беше објавена во 1975 година. Покрај огромниот успех што го доживеа, од страна на некои научници, меѓу кои предничеше д-р Роланд Пучети од Далхаузиевиот Институт во Нова Шкотска (САД), книгата беше жестоко критикувана. Критиките (не само од д-р Пучети, туку и од други) главно се сведуваа на моментот дека во книгата се застапени само лица кои преживеале клиничка смрт. Според нивната теорија, кај ниту еден пациент или испитаник не настапила вистинска, медицинска смрт, т.е. смрт на мозокот, па нивното искуство не било ништо друго, освен обична халуцинација, сензација или претстава, доживеана за време на клиничката смрт. Кон ваквите критики придонесе и самиот д-р Муди, кој призна дека навистина кај ниту еден од неговите испитаници не можела да се констатира смртта на мозокот од едноставна причина што, додека лекарите се обидувале да ги спасат во тие неколку судбоносни мигови за време на клиничката смрт, никому не му паднало на памет (што е и нормално во такви ситуации) да го приклучуваат ЕЕГ апаратот, како би виделе дали мозокот на пациентот е жив во тие мигови или не. И навистина, во светската научна јавност било многу тешко да се опонира на ваквите критики, но сепак тие траеле само нешто повеќе од три години. Во

1979 година, повторно во САД, се случило вистинско, дотогаш невидено и нечуено, чудо! Познатиот кардиолог и шеф на кардиоваскуларната служба во Болницата во Денвер, д-р Фред Скунмејкер (Фред Сцхоонмакер), таа година обелоденил дека дури во 55 случаи на негови пациенти, за време на нивната смрт мозокот им бил приклучен на електроенцефалографот и **дека за време додека биле мртви ЕЕГ-линијата на мониторот била рамна!** Според неговото стручно мислење овие пациенти биле и медицински, т.е. биолошки мртви, па сепак (**самостојно, понекогаш на необјаснив начин**, или со помош на апарати) се реанимирале (оживеале) и дале потполно идентични изјави за она што им се случило со изјавите што претходно ги обелоденил д-р Муди. Патем д-р Скунмејкер (1922 - 2005) е светски познат кардиолог и истиот беше личен лекар на кралското семејство на Саудиска Арабија. По ова следува вистинска лавина од познати лекари и научници кои почнуваат сериозно да го изучуваат постоењето на живот по смртта. Претходно, во 1978 година, формирано е научно здружение од познати американски научници (меѓу кои и познати психијатри, психолози, кардиолози, невролози и други), кое научно, со помош на најсовремена апаратура го испитува постоењето на живот по смртта. Се објавува и списанието *Анабиоза* во милионски тираж ширум САД и Западна Европа. Во 1977 година, веќе се имаат податоци за луѓе кои преживеале клиничка или медицинска смрт - припадници на преку 70 различни нации. Вчудовидувачки е што сите вакви изјави се поклопуваат помеѓу себе, иако доаѓаат од луѓе кои потекнуваат од различни краеви на светот. Значајни

прилози кон оваа област нудат и познатиот кардиолог д-р Мајкл Сејбом (Мицхаел Сабом) од Емори Универзитетот, кој прво бил мошне скептичен, но подоцна, заедно со својата соработничка Сара Кројцигер (Сарах Креутзигер) испитувал пациенти во својата болница при што сфатил дека сите го зборуваат она за што претходно пишувал д-р Муди. Оттогаш и самиот се посветил на проучување на овој феномен. Притоа забележал дека кај извесен број пациенти кои краткотрајно починале не постоела никаква ЕЕГ активност на мозокот, што значи дека овие пациенти практично биле медицински мртви (според прифатената дефиниција за смртта на Запад, според која човекот е мртов тогаш кога нема никаква активност во неговиот мозок). Сепак, по реанимацијата, и овие луѓе дале неверојатни сведоштва за своето вонтелесно искуство. Пионери на ова поле се и Џорџ Ричи (Георге Ритцхие) и П.М.Х Атвотер (П.М.Х. Атњатер). Д-р Кенет Ринг (професор по психологија на Универзитетот во Конектикат) објавува голем број на случаи од својата практика. Тој, своите истражувања ги започнал откако ја прочитал книгата на д-р Муди и во почетокот бил скептик, но откако подлабоко навлегол во оваа област, во својата книга "*Живот близу смртта: научно истражување на искуствата близу до смртта"* јавно, пред целата научна јавност, ја дал следната изјава: "*Верувам дека нашата свест ќе продолжи да егзистира и по нашата физичка смрт... Всушност, уверен сум - како врз основа на моите лични искуства, така и врз основа на моите проучувања што ги извршив како психолог - дека е можно да се стане свесен и за* ***други реалности*** *и дека наближувањето на мигот на*

смртта претставува пат кон една возвишена реалност, која во потполност ќе ја достигнеме после она што се нарекува смрт." Кенет Ринг, заедно со Мајкл Сејбом и Брус Грејсон (Бруце Грescон) своите истражувања ги претставиле и пред највисоките академски кругови на Запад од каде добиле финансии за натамошни истражувања. Гели Грин од Универзитетот во Оксфорд објавува над 400 случаи на луѓе кои имале вонтелесни искуства, а д-р Мелвин Морс (Мелвин Морсе) педијатар од Вашингтон за прв пат објавува поголем број вакви искуства доживеани од деца.

Вакви научни истражувања и експерименти веднаш почнуваат да се спроведуваат и во Западна Европа (д-р Јохан Кампе, д-р Пол Бекер и други), Јапонија и останатите земји од светот.

Во деведесеттите години на 20 век значајни истражувања на ова поле се спроведуваат во Холандија. Под раководство на д-р Пим ван Ломел, специјалист за кардиологија во Рајнштатската болница во Арнхем и Руд ван Вес, психолог во Утрехтскиот универзитет, од 1991 до 1995 година, се спроведуваат систематски проучувања на сведоштвата на луѓе кои преживеале клиничка смрт за она што го доживеале додека биле мртви. Поради усовршената методологија и строго научниот пристап, нивните истражувања привлекуваат огромен интерес во светската научна јавност, за што во март 1995 година, известија повеќе светски познати списанија, а преведен извештај од лондонскиот "Еуројпеан" пренесе и "Нова Македонија" под наслов "*Живот по смртта"* од 12.03. 1995. Доктор Питер Фенвик, советник за невропсихијатрија во лондонската

болница “Ројал Модли” смета дека неодамна објавените резултати од овие истражувања ќе предизвикаат формирање на нова наука - онаа што нема да прави разлика помеѓу духовното и телесното битие. Благодарение на истражувањата што и самиот ги спровел во Велика Британија, без двоумење пред научната јавност изјавил дека “*по смртта нашата свест живее и натаму и е присутна во поинаква состојба”.* Според него, не е далеку денот кога научниците сериозно ќе ги ревидираат своите теории во врска со смртта. Што се однесува до холандската студија, која предизвика вистинска сензација во научните кругови, нејзиниот главен раководител д-р Пим ван Ломел неформално уште од 1985 година започнал со интервјуирање на луѓе кои преживеале клиничка смрт преку кое собирал сведоштва за она што го доживеале додека краткотрајно биле мртви. Во 1991 оформил екипа со психолозите Ван Вес и Винсент Мегерс со кои го формираат холандскиот разгранок на Светското здружение за научно проучување за постоење на живот по смртта. Ним им се придружуваат и други лекари ширум десетте најголеми холандски болници од кои е формирана хомогена екипа со задача да се собираат сведоштва од луѓето кои доживеале краткотрајна клиничка смрт и тоа најмногу една недела по доживеаниот настан. Посебно се водело сметка за луѓето кои доживеале срцев напад, кои пред и после престанувањето на работата на срцето не примале никакви лекови (ниту анестетици), како би била негирана хипотезата (за која во продолжение ќе пишуваме), според која доживувањата за време на клиничката смрт се халуцинации

предизвикани од лековите. Сите испитаници веднаш по настанот биле интервјуирани, а по една година пак било разговарано со нив за да се утврди влијанието на нивниот краткотраен излет вон телото врз нивниот секојдневен живот. Во текот на тие четири години (1991-1995) биле забележани 62 пациенти кои доживеале клиничка смрт (49 мажи и 13 жени) од кои најголемиот број опишале потполно идентични доживувања за време на својата краткотрајна смрт како оние претходно забележани во седумдесеттите и осумдесеттите години, а дури 35 од нив детално ги раскажале сите фази што во продолжение ќе ги презентираме. По интервјуирањето, направено по една година од настанот, кај сите испитаници било забележано враќање кон верата, а некои од нив станале активисти во разни добротворни и хумани организации. На луѓето, на животот и на смртта сите почнале да гледаат многу попозитивно. Во врска со овие истражувања д-р Ван Вес изјавил дека "*сега е можно научно да се проучува она што порано било карактеризирано како мистично искуство".* Во врска со оваа научна студија е снимен и 24 минутен документарен филм кој и денес се прикажува по холандските болници. Авторите на студијата редовно одржуваат предавања на таа тема.

Овој преглед на истражувањата во деведесеттите години на 20 век (кои се разбира, не се спроведуваат само во Холандија, но нив ги издвоивме како покарактеристични по својот успех), ќе го завршиме со изјавата на д-р Фенвик според кој научната заедница конечно почнала да се однесува со должната почит спрема темата за која станува збор. Во

врска со ова тој вели: “*Во науката секогаш постои праг на кредибилитет меѓу откривањето на еден феномен и неговата општа прифатеност. Сигурен сум дека во наредните пет до десет години истражувањата за постоење на живот по смртта ќе влезат во главните текови на научното размислување.”* Треба ли овде да додадеме дека овде е кажана целата вистина за тоа дека од моментот на научното откритие до неговата прифатеност од пошироките кругови навистина треба време. Денес и децата знаат дека, на пример, Земјата се врти околу сонцето, а за тоа откритие научникот кој прв го објавил, платил со животот. Да се надеваме дека во овој случај, иако се работи за најнови научни сознанија, чии почетоци се само од пред неполни четири децении, нема толку долго да чекаме да бидат признати како општо прифатена реалност.

Истражувањата во оваа насока продолжуваат и во 2000-те години. Во 2002 година д-р Нил Гросман од Универзитетот во Индијана, ја објавува книгата “*Кој се плаши од животот по смртта*? (Гроссман, Неил, Индиана Университs анд Университs оф Иллиноис, *Њхо'с Афраид оф Лифе Афтер Деатх? Њхs НДЕ Евиденце ис Игноред*, Институте оф Ноетиц Сциенцес, ИОНС, 2002).

Во 2003 година д-р Дејвид Фонтана од Кардиф универзитетот во Ливерпул ја објавува книгата “*Дали душата ја надживува физичката смрт?*” **(**Фонтана, Давид , Цардифф Университs анд Ливерпоол Јохн Моорес Университs, *Доес Минд Сурвиве Пхscицал Деатх?*, 2003).

Секако дека во овој период се појавија и други значајни дела посветени на оваа тема.

За тоа како еволуираше науката во оваа област ќе наведеме и еден мошне илустративен пример. Имено, станува збор за професорката д-р Елизабет Кублер Рос (почесен доктор на дваесетина универзитети ширум светот) од САД, која заедно со д-р Муди претставува еден од првите пионери во науката кои го истражуваат феноменот на постоењето на живот по смртта. Таа прво во 1969 година ја објави книгата "*Разговори со луѓето кои умираат"* (објавена и во Загреб 1983 год), во која презентира повеќе интервјуа со луѓе болни од неизлечиви болести. Некои од нив таа ги интервјуирала на само неколку часови пред да умрат, а предмет на нејзиното интересирање била психичката состојба на луѓето кои се свесни дека набргу ќе умрат. И оваа мошне напната книга доживеа да стане бестселер, а на авторката и донесе светска слава, но уште поинтересно е она што подоцна се случи со правецот на нејзиното научно интересирање. Ова таа најдобро го објаснува во бројните подоцнежни интервјуа во кои без предрасуди изјавува дека за време на пишувањето на таа книга многу работи не и биле јасни! Имено, по објавувањето на книгата, таа продолжила со истражувањата, т.е. со интервјуирањето на лица кои се свесни дека набргу ќе умрат и наишла на една жена која возбудено и го опишала своето вонтелесно искуство што и се случило додека краткотрајно од лекарите била прогласена за мртва. Д-р Е. К. Рос тогаш за првпат се сретнала со ваквите доживувања и едноставно не знаела како да го објасни сето тоа и каде да го смести овој случај. Тогаш,

се заинтересирала и наишла и на други вакви случаи. Се впуштила во нивно проучување и набргу тоа станало доминантен дел во нејзината научна активност. Тоа било времето кога д-р Рејмонд Муди ја подготвувал својата книга "*Живот по животот".* Доаѓа до нивна средба и д-р. Е.К. Рос е таа што го охрабрува д-р Муди да ја објави својата книга, а истовремено таа е и првиот рецензент на истата. Подоцна, во едно интервју во списанието "*Екстра*" (бр. 4, Белград 1983 год.), д-р Рос недвосмислено изјавува дека живот по смртта постои и оди дури до таму што тврди дека таа и современите лекари и научници кои ја проучуваат оваа тема се избрани *одозгора* да го работат тоа. На прашањето околу нејзината прва книга во која вакви искуства не се спомнати, таа изјавува дека од *оние одозгора* таа книга и била дадена да ја напише како пробна задача за да *видат* како ќе ја изврши пред да и ја дадат вистинската задача - научно да го проучува и истражува постоењето на живот по смртта. Навистина, мошне смело од еден универзитетски професор од светски глас и почесен доктор на 28 универзитети ширум светот, но и доказ дека сознанијата за живот по смртта веќе почнуваат да стануваат општоприфатена и научно поткрепена реалност во развиениот научен свет и пошироко.

Овде мора да одговориме и на прашањето за случаите на преживување на клиничка (а можеби и биолошка) смрт во минатото. Се разбира, дека бројни вакви случаи се забележани уште многу одамна. Реанимацијата порано била многу поедноставна и се состоела од масажа во пределот на срцето на покојниот или впумпување на воздух преку устата.

Меѓутоа, изјавите на реанимираните покојници за она што им се случило додека биле мртви, не биле сериозно третирани од науката, токму поради немањето на прецизни апарати кои би утврдиле дали човекот бил навистина мртов или пак само во длабока здравствена криза, кога тоа што го опишал, само го сонувал или халуцинирал. Денес, меѓутоа, со помош на ЕКГ (за регистрирање на работата на срцето) и ЕЕГ (за регистрирање на работата на мозокот) прецизно може да се констатира смртта на човекот, по што се пристапува кон реанимација, главно со електро-шокови. Она што, меѓутоа, е необјасниво е фактот што понекогаш можеби се случува да дојде до самостојна реанимација на покојниот, т.е. срцето (кое престанало да чука), без никакви надворешни импулси (електро-шокови, масажа и сл.) само од себе да почне да работи. Добро знаеме дека срцето работи вон влијанието на нашата свест и потсвест, т.е. ние не можеме да му наредиме кога да работи, а кога не (тоа претставува автономен, т.е. вегетативен систем). Затоа овој необјаснив феномен на самостојна реанимација (за кој има индиции дека постои) изгледа уште почуден. Од каде доаѓа тоа? Кој му наредува на срцето повторно да проработи откако еднаш престанало? Луѓето на кои тоа им се има случено се децидни. За време на нивната краткотрајна смрт, тие го напуштиле телото, но *одозгора* им било наредено да се вратат назад. Нивното враќање се поклопува токму со несфатливото продолжување на работата на срцето. Една од индициите за постоење на самостојната реанимација како необјаснив феномен во медицината претставува и однесувањето на лекарите

кои кон овој можен феномен се однесуваат со должна почит, како во светот, така и кај нас. Така, на пример, добро е позната денешната законски наложена практика (прифатена од светските искуства) во македонските болници, покојниот пред да се однесе во мртовечница, да се остави во некоја соба уште извесно време (до два часа), а причина за тоа е токму можноста за ваквата самостојна реанимација (негово самостојно оживување). Значи, дури и ако смртта била прецизно констатирана преку ЕКГ линијата, покојниот сепак се остава уште два часа да одлежи во креветот на дофат на лекарите. Зошто, ако не поради можноста од самостојна реанимација? Впрочем, има големи индиции дека ваков фрапантен случај навистина се има случено на 1-ви мај 1950 година во Градската болница во Штип за што во продолжение ќе пишуваме. Кога сме кај Македонија, сакам да потенцирам дека и кај нас има бројни случаи на луѓе кои преживеале краткотрајна смрт или како што вели народот *премреле.* Недостатокот на современи апарати за реанимација кои би биле поставени буквално во сите болници и амбуланти (поради економската неразвиеност на Македонија), придонесува ваквите случаи да се помалубројни во однос на високоразвиените земји каде реанимацијата се извршува со посовремени апарати, речиси буквално во сите болници. Значи, кај македонските случаи на луѓе кои *премреле,* главно станува збор за самостојна реанимација, што ги прави можеби и попривлечни за истра-жување, иако под поимот *премирање* секогаш не треба да се подразбира клиничка смрт, туку честопати и само здравствена криза.

Во продолжение ќе направиме кратко резиме на она што го доживеал секој оној што се реанимирал по краткотрајната смрт. Ваквото резиме е направено врз основа на светските искуства и истражувања на сведоштвата на илјадници луѓе на кои тоа им се случило. Рековме дека кај некои од нив смртта е прецизно констатирана со помош на најсовремени апарати, а нивните изјави се поклопуваат со изјавите на останатите кои во мигот на својата смрт не биле приклучени на вакви апарати. Поради тоа, со сигурност можеме да констатираме дека и луѓето кои, од едни или други причини, не биле приклучени на прецизни апарати што ја констатираат смртта (ЕКГ и ЕЕГ) навистина краткотрајно биле мртви или барем биле близу до смртта. Затоа, буквално кажано, нивните сведоштва треба да ги прифатиме како сведоштва на луѓе кои практично, на кратко, престојувале во светот на мртвите или биле сосема близу до него. Ќе потсетам дека до денес се собрани повеќе илјади вакви сведоштва од луѓе од различни краеви на светот, кои никогаш во животот не се сретнале, а дале речиси идентични сведоштва за она што го доживеале за време на нивната краткотрајна смрт. Краткото резиме на она што го доживеале би било следното:

1. За тоа како биолошки настапува смртта објаснивме претходно, но со свеста на умрениот најпрво се случува едно необично брзо пропаѓање во нешто налик на *тунел, бунар, темен цилиндер, огромна мрачна спирала налик на инка,голема црна дупка* и сл. Умрениот чувствува неопислива леснотија, спокојство и убавина во *пропаѓањето*. Има чувство дека крајот е недостижен и покрај огромната брзина со која *пропаѓа.*

Понекогаш тоа *пропаѓање* е проследено со звуци на прекрасна мелодија, а понекогаш со силна бучава, зуење и неразбирливи звуци. Во помал број случаи некои сведочат и за *качување*, но суштината е иста: патување со огромна брзина во огромна празна темнина.

2. На крајот од *тунелот* отпрвин од далеку, а потоа се поблизу, кон умрениот се приближува една необична *светлина. Светлината* воспоставува мисловен контакт со умрениот, по што тој наеднаш се наоѓа надвор од своето физичко тело. Отпрвин е збунет, но и се чувствува прекрасно. Го чувствува целото свое тело, иако не може да ги види неговите делови, т.е. престојува во еден вид *спиритуално, нематеријално,* тело, кое е невидливо, но сепак лимитирано. Го чувствува сиот свој идентитет (мисли, меморија и т.н.). Од извесна висина го гледа своето мртво физичко тело и целата околина. Ако близу телото има присутни, инстинктивно се обидува да им довикне, но иако смета дека *вика,* сфаќа дека тие не го слушаат. Кај оние испитаници, кај кои смртта настапила побрзо, изостануваат сведоштвата за *тунелот*, туку прво сознание им е дека свеста им е одвоена од телото.

3. По првите мигови на збунетост од новонастанатата состојба и неможноста да им се јави на своите, умрениот, наместо страв, почнува да чувствува прекрасна воодушевеност. Чувствува божествена леснотија и таква убавина што дури не сака да се врати назад во телото. Движењето низ просторот не претставува никаков проблем за него. Доволно е само да замисли каде сака да престојува и веднаш се наоѓа таму.

Физичките препреки (предмети во собата, намештај, ѕидови и сл.) како да не постојат. Моќта за перцепција му е значително зголемена.

4.Сетилото за вид е многустрано изострено. Може да гледа на сите страни наеднаш како да има десетици очи. Ако сака одблизу да види некој предмет, не мора да оди до него, туку еден *дел* од неговото *ново тело,* едно *невидливо око* како *пипка од октопод* веднаш се упатува до предметот што сака да го види, додека *спиритуалното тело* си останува в место.

5. Покрај многустрано изостреното сетило за вид, чувствува многустрана изостреност и на сетилото за слух. Дури чувствува дека може да дознае што сакаат да кажат присутните во собата каде умрел и неколку мигови пред да го кажат тоа.

6. Сите физички недостатоци што умрениот ги имал за време на земскиот живот (парализа, недостаток на рака или нога, слепило и сл.) во новото спиритуално тело исчезнуваат.

7. Времето, онакво какво го знаеме ние, за него не постои. По реанимацијата не знае дали тоа што го доживеал траело десет секунди или два часа. Тоа му е потполно се едно.

8.*Чудесната светлина* што постојано е присутна околу него ја чувствува како суперинтелигентно возвишено суштество кое му дава сигурност и го опсипува со неизмерна љубов и добрина. Иако е блескава и сјајна воопшто не му пречи на сетилото за вид. *Светлината* го известува дека треба да се врати назад, но тој се буни. Не сака ни да слушне и дава отпор на враќањето. Прекрасно му е со *светлината* и против своја волја е принуден да се врати назад во физичкото тело. Со

светлината контактира мисловно. Чувствува дека таа му ги *чита* мислите. Понекогаш таа му поставува прашања во стилот: *Дали ја сфативте минливоста на земскиот живот?* Во нејзините прашања нема никаква осуда, туку неизмерна љубов и топлина.

9. Во присуство на *светлината* на умрениот му излегува во свеста целиот негов претходен живот. Вакватa ретроспектива ја набљудува тродимензионално и иако добива впечаток дека животот си го набљудувал долговремено и студиозно, сфаќа дека сето тоа траело само за миг. Се чувствува величествено кога се гледа себе си и се она што го доживеал како во тродимензионален филм, небаре составен од сјајни подвижни дијапозитиви. *Светлината* му укажува на сите негови добри, но и лоши дела што ги сторил во животот. Ниту тогаш нема осуда, туку само неизмерна љубов.

10. Оној на кој смртта му траела подолго, т.е. поминало подолго време додека бил ренимиран, известува за доаѓање заедно со предобрата *светлина* до нешто налик на *небесен отвор* или *врата,* по чие преминување, влегува во сосема нов *свет, нова реалност.* Таму најпрво се среќава со нешто налик на *море,* среде кое има *тенок како влакно мост.* Се плаши да го помине, но *предобрата светлина* му дава сигурност и го тера да појде напред. После првиот *чекор* сфаќа дека *мостот* лесно ќе го помине.

11. Некои оделе и понатаму. Немаат зборови како да ја објаснат убавината што таму ја доживеале. Прекрасно осветлени предели, *цветни полјани* како од најубавите сништа, весели *луѓе, жени* и *деца* кои таму си играат. Се се сјае, а никаде нема сонце. Таа убавина

неможела да се опише со поими од нашето секојдневие. Тоа не можел да го стори ни најдобриот писател. Таквата убавина само можела да се доживее.

12. Сосема спротивно од ова, некои сведочат дека *светлината* ги одвела да го видат и *пеколот.* Грозотии, какви не можат да се опишат. *Луѓе* фрлени во *бунари*, *оковани* во *ланци*, во *оган*... Неописливи стравотии и умрениот ја моли *светлината* да заминат од таму.

13. Средба со своите блиски кои претходно починале. Понекогаш овие средби се случуваат по заминувањето низ *вратата,* а понекогаш пред тоа. Умрениот е радосен и пресреќен поради ваквите средби. Со своите блиски умрени комуницира мисловно на еден универзален јазик, како да си ги читаат мислите едни со други. Умрениот дознава дека тие дошле да го пречекаат и охрабрат за да се навикне на новонастанатата состојба.

14. На умрениот му се всадуваат неколку основни сознанија: дека душата е бесмртна, дека постои Бог и дека постојат два дијаметрално спротивни света каде таа ќе престојува по физичката смрт, теолошки кажано - рај и пекол; дека убиството и самоубиството се најстрого забранети, а љубовта кон луѓето и стекнувањето знаења е она поради човекот го живее земскиот живот.

15. По запознавањето со *делови* од светот на мртвите, во присуство на предобрата *светлина,* умрениот е известен дека мора да се врати назад. Енергично и со сите сили се спротивставува на тоа. Не сака да ја напушти прекрасната убавина. Се бунтува... Речиси *на сила* е отргнат оттаму и принуден е да се врати назад.

Пак чувствува пропаѓање и ги отвора очите во своето физичко тело.

16. Одвај чека да им го опише на блиските тоа што го доживеал, но чувствува јазична бариера. Има тешкотии да најде вистински зборови со кои ќе им ја опише убавината и возвишената реалност во која се нашол за време на својата смрт.

17. Престанува да се плаши од смртта. Цел живот го памети прекрасното доживување и, ако бил атеист, се враќа кон религијата на која и припаѓа.

Еве ова, колку и да звучи неверојатно, беше краткото резиме засновано на илјадници сведоштва на луѓе од целиот свет, во голем дел наши современици, од кои некои медицински докажано, краткотрајно дури биле и биолошки мртви; сведоштва кои се внимателно забележани од страна на светски познати научници и лекари. Секој од испитаниците забележал по нешто од гореопишаните состојби, која најмногу му оставила впечаток за време на краткотрајната смрт, а овде го изнесовме збирот на сите тие забележувања.

Кај извесен број случаи изостануваат сведоштвата за некои од гореспомнатите фази или сознанија, па некои испитаници не сведочат за се она што погоре го спомнавме, но во секој случај и нивните сведоштва се вклопуваат во некоја од гореопишаните состојби.

Во врска со сето ова потребно е да ги дадеме и следните дообјаснувања.

Прво ќе почнеме со јазичната бариера што ја спомнавме на крајот од ова резиме. Сите испитаници, без исклучок, тврделе дека тоа што го доживеале *таму* не може да се опише со зборови. Реалноста во која се нашле била толку поинаква и повозвишена што, еднос-

тавно поимите од нашиот земен живот, таму не важеле. Затоа, во описот на своите доживувања тие се користат со поими од земниот живот што најмногу ги асоцираат на она што *таму* го сретнале. Поради ова за *тунелот* во кој *почнале да пропаѓаат,* некои изјавиле дека е *огромна дупка,* други дека е некаков *темен вакуум,* трети дека се работи за *бунар* и т.н. Меѓутоа, впечаток е дека сите зборуваат за исто, само што во немоќта да го најдат вистинскиот израз, се користат со приближни изрази од нивниот секојдневен јазик (понекогаш преземени од нивното верско воспитание). Ова се однесува и за *светлината,* која некои ја именуваат како *светол човек* (не поради тоа што таа навистина е во облик на човек, туку поради тоа што таа *светлина* е персонифицирана, т.е. тие контактираат со неа, а се знае дека обичниот човек, барем за сега, на интелигентен начин може да контактира само со луѓе, а не со други суштества; затоа на *светлината* и е додаден и поимот човек); некои ја опишуваат како *светла магла*;за христијаните *светлината* е лично Исус Христос (потсетувајќи се на неговите зборови: ЈАС СУМ СВЕТЛИНА НА СВЕТОТ!) кој дошол да им ја пречека душата; за муслиманите тоа е архангелот Азраил (кој според Кур'анот ги пречекува душите на умрените); за Евреите тоа е ангелот и така натаму, но суштината за сите нив е иста - *некој* или *нешто* ја пречекува душата (свеста) на умрениот, ја води, ја опсипува со љубов, но и ја враќа назад во физичкото тело.

Ваквата јазична бариера, сепак, се чини најмногу доаѓа до израз кога испитаникот се обидувал да го лоцира времето за кое сето тоа му се случило. Не

наоѓајќи зборови, испитаникот изјавувал дека *таму* каде што бил **времето не постои** онакво какво го знаеме на земјата. Ова е многу тешко, не само да се објасни, туку и да се сфати. Можеби најблизу до ваквото сфаќање е доживувањето на времето какво ни се чини дека е додека сонуваме. Имено, на секој од нас му се има случено, да спие кратко, а да сонува *долги сонови.* Познат е експериментот на д-р Шулц од 19 век кој сонувал долги сонови, што потоа во детали ги раскажувал како да поминал часови *доживувајќи* ги тие настани, а спиел само неполна минута. Значи, сон од неколку секунди ни остава впечаток како да сме сонувале со часови или, со други зборови, во сонот немаме претстава за времето онакво какво го знаеме кога сме будни. За нешто слично (само доживеано со чиста свест) сведочат и испитаниците кои преживеале краткотрајна смрт.

Значи возвишената реалност во која човекот влегува по смртта не може да се опише со зборови од земниот живот. Таа реалност исто така е различно именувана, но најчести изрази за неа се: *Божје царство, оној свет, небесно царство, небеса, нов свет, паралелен свет* и други. Ваквата реалност, како нематеријална, не може ни просторно да се лоцира. Таа истовремено е и близу и далеку од нас.

Спомнавме дека на умрениот му било ставено до знаење дека убиството и самоубиството се најстрого забранети. Кон прилог на ова постојат неколку сведоштва од испитаници кои преживеале краткотрајна смрт поради тоа што се обиделе да се самоубијат. Нивните сведоштва се дијаметрално спротивни од оние кои умреле не по своја волја. Сите сведочат за

неописливи ужаси и стравични привиденија што ги пречекале на *оној свет.* Сите до еден изјавиле дека на крај памет нема да им падне повторно да го сторат тоа.

Сепак, остануваат бројни неразјаснети прашања, како на пример: што со оние самоубијци кои трагичниот чин го извршиле несвесно (под дејство на душевна болест, длабока депресија и сл.); понатаму што со оние самоубијци кои свесно се самоубиле за да спасат живот на друг, како и што со оние луѓе кои преку дрогата, алкохолот, пушењето и т.н., за кои им е забрането поради здравствени причини да ги употребуваат, а сепак го прават тоа, вршат *тивко самоубиство?* На сите овие прашања засега нема одговор.

Во книгата "*Што ќе ни се случи по смртта?*" објавивме неколку автентични сведоштва од македонски граѓани (со нивниот полн идентитет), кои овде нема во целост да ги пренесеме, туку само ќе се потсетиме на помали извадоци од нив.

Единаесетгодишно дете (сега возрасна жена) од околината на Штип, која накратко била прогласена за мртва за време на тешка операција, раскажува:

...*Со огромна брзина почнав да* ***паѓам*** *во еден длабок и темен* ***бунар****.* ***Паѓав*** *се подлабоко. Во ушите чувствував силна бучава, која ме следеше за време на паѓањето. Ништо друго. Само* ***паѓање****, бескрајно* ***паѓање****... На крајот од темнината здогледав необична* ***светла точка*** *кон која со огромна брзина се устремив, а таа со моето приближување стануваше се поголема и посјајна... Како да ме мамеше кон себе со некоја огромна и неопислива љубов... Леснотијата со која патував и среќата што*

ме обземаше поради сознанието дека ќе стигнам кон ***светлината****, која со својата љубов ме мамеше кон себе, може да ги сфати само оној што ги доживеал. Тоа со зборови не се опишува. Кога конечно стигнав до неа, проследена со неизмерна љубов, како да влегов во некоја друга реалност и пред мене се појави* ***светол облак*** *со неодредена форма, како дух, кој со огромна љубов ме прими во новата реалност... Љубов и само љубов чувствував во мене и околу мене. Неопислива љубов. Тоа што потоа го видов не се опишува со зборови. Таква убавина, такви предели,* ***ливади*** *и* ***цвеќиња*** *како од најубавите бајки, вистинска милина. Живописни и впечатливи бои какви нема на земјата. Се беше облеано со сончевина, а никаде не видов сонце. Весели* ***дечиња*** *си играа во* ***тревата, пеперуги, срнички, јагниња****... Наеднаш како да слушнав дека некој ме* ***вика*** *да се вратам назад. Не сакав ни да помислам на тоа. Таква убавина не се остава... Сепак, нешто како да сакаше да ме врати назад. Не знам што се случи потоа, но по извесно време ги отворив очите на операционата маса, гледајќи ги лицата на возбудените лекари над мене.*

Возрасна жена од околината на Штип, откако претходно од повеќемина граѓани бев слушнал за нејзиниот случај на *премирање*, раскажува за она што го доживеала:

...Со чиста свест почнав да пропаѓам во една длабока и темна ***дупка****. Пропаѓав со огромна брзина и се чувствував некако лесно. Наеднаш пред мене се појави еден* ***човек,*** *кој имав чувство дека ме фати за рака и ме праша дали сакам да ме води со него за да*

си ги видам умрените роднини? Ми беше мошне убаво во негово присуство и одговорив потврдно...Тоа што потоа го доживеав, никогаш нема да го заборавам. Прекрасни предели, ливади со најразновидни цвеќиња, убавина каква не може да се опише. Се се сјаеше, иако сонце не видов никаде. Човекот ме поведе по тие убавини и во една ливада видов весели дечиња како берат цвеќиња и си играат. На моја огромна радост ги видов таму моите четири претходно починати деца. Колку им се израдував, а и тие мене. Почнаа весело да викаат: "Мамо! Мамо!"... Посакав да се стрчам кон нив и да ги прегрнам, но ***човекот*** *не ми дозволи. Ми рече дека треба да се вратам назад. Не сакав ни да слушнам за тоа. Со сите сили се напнав да останам таму. Таква убавина и среќа не се напуштаа. Сепак, речиси на сила бев оттргната оттаму и бев принудена да се вратам назад. Не сакав по никоја цена да го сторам тоа. Сакав засекогаш да останам во тие невидени убавини... Ги отворив очите во Градската болница во Штип, каде сум била пренесена.*

Малолетно девојче за време на својата кратко-трајна смрт раскажува за она што го доживеало:

Она што го доживеав додека сум била прогласена за мртва до денес го помнам и никогаш нема да го заборавам. Таквото доживување и сега честопати го сонувам и посакувам. За целото време додека ме сметале за мртва јас ***летав****.* ***Летав*** *над прекрасни предели, прекрасни ридови со дрвја, сјајни ливади со цвеќиња и други убавини, какви не можат да се опишат со зборови. Огромно спокојство и убавина чувствував во* ***летањето****... Наеднаш*

слушнав како некој ме вика да се вратам назад. Иако не сакав, како да бев принудена да го сторам тоа, по што ги отворив очите дома во креветот.

Студент кој доживеал тешка здравствена криза во својот дом, раскажува:

Наеднаш со чиста свест се најдов близу таванот на собата. Сосема јасно се видов себе си како лежам во постелата и моите успаничени родители околу мене. Јасно го видов татко ми како ме фати за левата рака за да ми го измери пулсот и како возбудено извика: ***Па, тој воопшто нема пулс!*** *Мајка ми падна во хистеричен плач, а татко ми почна да ми удира шлаканици и да ми прави масажа, која воопшто не чувствував. Јас бев горе и тоа што го правеа на моето тело како да го правеа на некој друг. Кога видов колку се уплашија почнав да им викам дека со мене е се во ред.* ***Тато, бе... тато... јас сум жив! Не плашете се! Не ми е ништо! Тука сум!...*** *Воопшто не обрнуваа внимание на тоа што им го викав. Сфатив дека не ме слушаат... Се чувствував прекрасно лесно... Сепак, како да чувствував некоја невидлива врска, некоја сила, која како да ме врзуваше да не одам подалеку од своето тело, кое во тие мигови не ми значеше ништо. Наеднаш пред мене се појави една силна бела светлина, а веднаш до неа видов нешто налик на црвена светлина. Светлината со својата убавина како да ме мамеше кон себе и истиот миг летнав кон неа. Наеднаш во етерот како да простру прашањето:* ***Дали сакаш да живееш уште?*** *Тоа прашање и сожалувањето што наеднаш го почувствував кон родителите во тие мигови како да ме натераа да не одам повеќе кон*

светлината... Следното што го помнам е движењето на мојата лева нога. Ги отворив очите,гледајќи ги над себе уплаканите, но среќни, лица на моите родители.

Момче на 25 години, на 1 мај 1950 година, по здравствената криза, било погласено за мртво и однесено во мртовечницата на Градската болница во Штип. За неговото доживување (за кое подоцна известија и некои ТВ станици), тој сведочи:

...Со огромна брзина почнав да пропаѓам во еден голем и многу мрачен ***тунел,*** *на кој крајот не му се назираше. Пропаѓањето како да траеше бескрајно и чувствував неопислива леснотија и спокојство додека* ***пропаѓав.*** *Наеднаш патот пред мене ми го попречи едно* ***суштество,*** *кое, иако немаше физичко тело, чувствував дека е таму. Имаше неодредена форма како на светол облак од магла и не зборуваше, туку како да ми ги наметнуваше своите мисли директно во мозокот... За големо изненадување сосема јасно ја видов и мојата покојна тетка. Кога ме виде дека ја гледам, ми мавна рака во знак на поздрав, но потоа се сврте и избега од мене.* ***Суштеството****, кое за цело време ме придружуваше, ми рече дека се уште не е време да останам кај него... Чувствував жал кога ми кажа дека ќе мора да се вратам назад... Следното што го видов беше таванот над мене. Забележав дека не е истиот од болничката соба. Се подигнав и видов околу мене неколку покриени трупови. Со ужас сфатив дека сум во болничката мртовечница. Станав и токму кога посакав да повикам некого, дојде еден болничар, кој се уплаши кога ме виде и избега. Веднаш потоа пак дој-*

де во придружба на еден лекар и веднаш бев префрлен во болничка соба.

Повеќе детаљи за овие искуства (нивни целосен опис, заедно со автентичниот идентиет на испитаниците) се предадени во книгата "*Што ќе ни се случи по смртта*?" (Штип, 1996), а овде само ќе спомнам дека искуствата на македонските испитаници во целост се вклопуваат во искуствата на испитаниците од останатите краеви на светот.

Разни хипотези за толкување на вонтелесните искуства

За толкување на настаните на вонтелесните искуства за време на краткотрајната смрт некои научници се обиделе да понудат неколку хипотези. Ќе направиме краток осврт на најзначајните од нив.

Психолошката хипотеза ваквите искуства се обидува да ги протолкува со т.н. *деперсонализација на личноста.* Застапник на оваа хипотеза е д-р Рајсел Нојз, психијатар на Медицинскиот колеџ на Универзитетот во Ајова. Според оваа хипотеза, кога човекот ќе стане свесен за близината на смртниот час, тој едноставно се *деперсонизира*. На биолошко поле, мислите му стануваат побрзи, се чувствува побуден, емоциите се губат како би бил умот поштеден од стресот поради сознанието за блиската смрт и сето ова е резултат на самонагонски активираниот одбранбен механизам на човековото *его* за неприфаќање на смртта.

Основна слабост на оваа хипотеза лежи во фактот што таа можеби би можела да се примени кај оние луѓе

кои се свесни за блиската смрт. Меѓутоа, што со оние луѓе кај кои клиничката смрт настапила без да бидат свесни за тоа? Ваквите луѓе и не знаеле дека се мртви бидејќи за цело време на нивната краткотрајна смрт биле потполно свесни, а дури подоцна им било соопштено дека на кратко биле мртви. Сепак, дефинитивен удар на оваа хипотеза и бил зададен од страна на д-р Ринг кој дал официјален извештај за еден необичен случај. Имено, еден пациент за време на клиничката смрт додека лебдел со својата свест близу таванот доживеал средба со духовите на неговите двајца браќа. Кога бил реанимиран, возбудено го раскажал тоа, а на прашањето од лекарот дали неговите браќа се мртви, одговорил дека едниот од нив е покоен веќе неколку години, но дека другиот е жив. На општото чудење немало крај кога по неколку дена бил известен дека и другиот брат му починал и тоа пред пациентот да ја преживее клиничката смрт. Оттаму д-р Ринг во својот извештај прашува: *"Можеби овој пациент ја преживеал смртта онака како што ја очекувал дека ќе му се случи, но ако фантазирал врз основа на информациите складирани во неговиот ум, како тогаш, воопшто можел да очекува да го види духот на некој за кој воопшто и не знаел дека е мртов?"*

Невролошката хипотеза се засновува на претпоставката дека за време на клиничката смрт, мозокот кој доживува стрес, лачи одредени материи кои активираат еден адаптивен нервен механизам, сличен на оној кај епилепсијата, што то стимулира прикажувањето на визии.

Слична на оваа хипотеза е и една **медицинска хипотеза,** според која чувството на напуштење на

телото може да биде предизвикано од недостатокот на кислород во мозокот, појава која стручно се нарекува *церебрална аноксија* или *хипоксија.* Застапник на оваа хипотеза е д-р Ернест А. Родин, невролог од Детроит и според него, додека трае аноксијата, се случуваат самоизмами и халуцинации. Слични толкувања се обидува да даде и д-р Сузан Блекмор (Сусан Блацкморе) од универзитетот во Бристол.

И овие хипотези во практика биле демантирани. Како прво, забележани се бројни случаи на луѓе кои имале вонтелесни искуства, а не биле ниту повредени ниту ранети, ниту пак под какви било анестезии или дроги, каков што е случајот со еден војник кој доживеал вонтелесно искуство во мигот кога видел дека куршумите летаат кон него, па помислил дека ќе биде убиен. Тој дури не бил ниту повреден, а сепак доживеал вонтелесно искуство. Значи, кај ваквите случаи немало спречување на дотекот на кислород во мозокот. Од друга страна, д-р Скунмејкер тврди дека во случаите што тој ги проучил било измерено количеството на кислород во крвта во мигот на престанувањето на работата на срцето при што констатирал дека за вонтелесни искуства известиле дури и оние пациенти кои имале доволни резерви на кислород со кои им било одржано нормалното функционирање на мозокот. За ваквите случаи д-р Рејмонд Муди го има следното логично објаснување: "*Да претпоставиме дека постои директно продолжување на животот по физичката смрт. Во тој случај, мора да постои некој механизам - телесен или духовен или можеби и едниот и другиот - кој ја ослободува психата, душата, од телото по физичката смрт. Дали може-*

би понекогаш за време на разни ситуации - стресови и слично - прерано се активира тој механизам?” Како и да е, вакви случаи се забележани и кај нив воопшто не доаѓа до оштетување (аноксија) на мозокот со што би биле предизвикани претстави и халуцинации како резултат на тоа. Втор аргумент кој ги негира овие хипотези се самите фрапантни изјави на оние кои тоа го доживеале. Имено, нема ништо чудно во тоа пациентот за време на операцијата во полусвесна состојба да се сеќава на она што го разговарале лекарите, но како ќе се објасни фактот што пациентите и визуелно го следеле тоа што се случува околу нивното тело, за што подоцна дале детален опис? Некои од нив детално ги опишале сите движења на лекарите, па дури и шарите на подот под операциската маса или точниот распоред на предметите во соседната соба во која тие со својата свест без никаков проблем *сирнале* додека биле надвор од физичкото тело, а тоа секако не се халуцинации (уште помалку самоизмами). Неверојатен пример кон побивање на оваа хипотеза е примерот со една потполно слепа постара жена (која ослепела на возраст од осумнаесет години). На стари години таа доживеала краткотрајна смрт. Подоцна возбудено раскажувала дека за време на смртта сосема јасно **гледала.** Додека лебдела над своето тело, таа ја видела целата околина и лекарите кои се обидувале да ја спасат, а потоа сето тоа детаљно го опишала, кажувајќи дури и кој предмет во болничката соба каква боја имал. По реанимацијата таа пак се повратила сосема слепа. Овој случај е евидентиран во книгата “*Светлината од онаа страна*” (*Тхе Лигхт Бесонд*) од д-р Рејмонд Муди и д-р Пол

Пери (објавена во 1988 год.). Понатаму забележани се и случаи на луѓе кои на кратко умреле, а потоа детаљно ја опишувале не само поблиската, туку и подалечната околина која ја набљудувале додека биле надвор од своето тело. Во еден случај на клиничка смрт една жена детаљно ги опишала хируршките инструменти, кои претходно ги немала видено, а го опишала и разговорот што го воделе лекарите додека ја оперирале додека таа била под општа анестезија. Овој неверојатен случај го опишува д-р Сејбом во својата книга "*Светлина и смрт: Едно фасцинантно сведоштво за искуство близу смртта*" (Сабом, Мицхаел. *Лигхт & Деатх: Оне Доцтор'с Фасцинатинг Аццоунт оф Неар-Деатх Ецпериенцес*. 1998. Гранд Рапидс, Мицхиган: Зондерван Публисхинг Хоусе). Во друг случај, медицинската сестра ги тргнала протезите од клинички мртвиот човек од срцев удар, а откако тој се повратил на *овој свет*, ја замолил да му ги врати протезите (иако цело време бил клинички мртов). Овој случај е од Холандија и истиот детаљно е евидентиран во книгата "*Искуство близу смртта на преживеаните од срцеви заболувања*" ("*Неар-Деатх Ецпериенце ин Сурвиворс оф Цардиац Аррест: А проспецтиве Студs ин тхе Нетхерландс* ван Ломмел П, ван Њеес Р, Меперс В, Елфферицх И. 2001. Ланцет, Децембер 15;358 9298: 2039-45.).

Секако дека надвор од здравиот разум е да се тврди дека сето ова биле нивни *халуцинации*, токму поради прецизните описи на околината и настаните што се случиле додека биле краткотајно мртви, а ги дале откако биле реанимирани.

Друг аргумент со кој исто така се побива медицинската хипотеза лежи во сведоштвата на испитаниците во кои сите до еден тврделе дека свеста им била поинтензивна во тие мигови. Спомнавме дека во таквата состојба тие можеле многу подобро да перцепираат отколку додека биле во физичкото тело. Затоа, ако ја прифатиме материјалистичката теорија според која свеста е производ на мозокот и дека истата ќе згасне кога ќе умре мозокот, тогаш логично би било со започнувањето на аноксијата на мозочните клетки да започне и згаснувањето на свеста. Практичен пример на намален интензитет на свеста, т.е. на *полузгасната* свест е сонот, па според материјалистичката хипотеза доаѓањето на смртта, за свеста би наликувало на состојбата на сонот. Емпириката, меѓутоа, зборува за нешто сосема спротивно. Свеста со почнувањето на анкоксијата на мозочните клетки, не само што не згаснува, туку станува и *поинтензивна,* со што се негира не само оваа теорија, туку и севкупната материјалистичка теорија според која свеста е производ на мозокот.

Дека не станува збор ниту за халуцинации сведочи и фактот што халуцинациите главно се од индивидуален карактер, т.е. директно зависат од многу субјективни фактори (интелектуалното ниво на личноста, верските убедувања, секојдневните преокупации, страсти, пориви, опсесии, потсвесни желби, комплекси и т.н.), па оттаму бидејќи овие фактори се различни кај секоја индивидуа, докажано е дека и халуцинациите би биле индивидуални (различни) кај секого. Кај вонтелесните искуства, меѓутоа, имаме дијаметрално спротивен случај: луѓе од различни

вери, нации, пол, интелектуално ниво, возраст и т.н. имаат потполно идентични доживувања. Значи, на пример, десет луѓе кога би биле доведени во состојба да халуцинираат под дејство на, за сите, ист фактор, т.е. кога секој би примил подеднаква доза на иста халуциногена дрога, секој од нив би имал сопствена халуцинација, различна од останатите, која ќе зависи од факторите што погоре ги изнесовме. Така на пример: Ескимот можеби ќе халуцинира бели мечки, Африканецот џунгли и лавови, Кинезот полиња со ориз и т.н. Овде, пак, се работи за илјадници евидентирани случаи од целиот свет на луѓе кои, пак под дејство на ист фактор (краткотрајна смрт), во суштина сведочат за потполно идентични доживувања. Во овој контекст, отпаѓаат и хипотезите за влијание на религиите врз потсвеста на луѓето кои имале вонтелесни искуства, зашто, како што спомнавме меѓу испитаниците има луѓе од различни вероисповеди, но и атеисти, кои даваат идентични толкувања за она што им се случило, а забележани се и случаи на деца кои преживеале краткотрајна смрт, кои секако дека немале време во својот живот да го прифатат и сфатат религиозното учење за сознанијата за постоење на живот по смртта.

Во врска со сето ова д-р Грејсон во 2001 година ќе запише: "*Ниту еден физолошки или психолошки модел не може да ги објасни општите елементи од искуството близу смртта*" (Грescон, Б. 2001. Посттрауматиц стресс csмптомс фоллоwинг неар-деатх еџпериенцес. Америцан Јоурнал оф Ортхопcsцхиатрs, 71, 368-373).

Да го спомнеме и фактот дека постојат и случаи на луѓе кои преживеале краткотрајна смрт, но подоцна не

можеле да се сетат дали нешто им се случило. И самиот разговарав со една госпоѓа на која, за време на операцијата во Градската болница во Штип, во 1994 година, срцето престанало да и работи, но подоцна со електро-шокови била реанимирана, која ми изјави дека не се сеќава дека доживеала нешто во миговите на нејзината клиничка смрт. За ваквите случаи д-р Муди дава мошне смело објаснување дека на тие луѓе можеби им се случило вонтелесно искуство, но откако биле реанимирани едноставно го потиснале од свеста, т.е. го *заборавиле*, исто како што понекогаш се случува да се *заборави* сонот непосредно по будењето. Друго логично толкување е дека кај нив не дошло до активирање на тој *механизам* што ја исфрла свеста (душата) од телото од причина што *се знаело* дека нема да умрат.

Од друга страна, како што погоре спомнавме, понекогаш е можно да дојде до напуштање на телото од страна на свеста (душата) и за време на други состојби (преживеан стрес, во сон и т.н.), со што не доаѓа до никакво оштетување на клетките на мозокот. Во втората половина на седумдесеттите години на 20 век за првпат се обрнува научно внимание и на ваквите случаи. Се јавуваат и првите научни експерименти. Бројни научни институции и универзитети се заинтересирани да ги финансираат истражувачите кои се впуштаат во *потера по душата.* Како вистинска сензација одекнува експериментот на д-р Карл Озис (директор на Американското друштво за психолошки истражувања). Имено, тој направил специјален *сандак* со електрично поле и мерни уреди. Го замолил г-дин Пет Прајс, кој тврдел дека повремено има вонтелесни

доживувања, да се обиде со својата душа да влезе во тој сандак. Секогаш кога Пет Прајс тврдел дека со душата бил во сандакот, мерните уреди споулавено реагирале, т.е. нешто одвнатре го иритирало електричното поле. Д-р Чарлс Тарт (психолог на Универзитетот во Калифорнија) направил уште еден сензационален експеримент во кој му помогнала госпоѓа Завоки, која исто така тврдела дека понекогаш во ноќта се будела сосема свесна близу таванот од каде го набљудувала своето заспано тело. Таа доброволно прифатила да спие во лабораторијата на д-р Тарт, каде нејзиниот мозок бил приклучен на електроенцефалографот, апарат што, како што спомнавме, ги регистрира и најситните електрични појави на активноста на мозокот. На високиот таван на лабораторијата, со ситни цифри бил напишан еден петоцифрен број што таа не го знаела. Утредента, по четвртата ноќ, госпоѓата изјавила дека имала вонтелесно доживување и го соопштила точниот број што го прочитала додека со душата била близу таванот. **Меѓутоа, она што ги изненадило научниците бил престанокот на напонот на ЕЕГ апаратот, т.е. неактивноста на мозокот додека таа тврдела дека е вон своето тело и го докажала тоа со читањето на броевите.** Д-р Вилијам Демонт, еден од водечкиоте научници во светот за научно истражување на сонот, кој го следел овој експеримент, останал вчудовиден. Тој изјавил дека ваквото доживување не е во состојба да го класифицира во ниту една од досега познатите групи на сонови или будни состојби. Сличен експеримент е направен и со г-дин Роберт Монро, кој исто така бил приклучен на

ЕЕГ и за време на својот излет вон телото дошло до прекин на напонот во неговиот ЕЕГ графикон, кој се поклопувал токму со времето за кое тој тврдел дека е вон своето тело.

Од сето ова значително се менуваат и сите претходни дефиниции за дефинитивната смрт од која нема враќање, т.е. смрт во која физичкото тело ќе умре и никогаш повеќе нема да оживее. Според д-р Елизабет Кублер Рос (од која инаку било побарано да напише дефиниција за смртта во светски познатата *Енциклопедија Британика)*, дефинитивна смрт од која нема повеќе враќање е дефинитивното разделување на свеста (душата) на умрениот од неговото физичко тело, во кое таа повторно не се враќа. Значи, дури и ако скептичните лекари и научници и понатаму се сомневаат дека оние пациенти кои преживеале краткотрајна смрт не биле вистински мртви, сепак не можат да ги негираат бројните фрапантни сведоштва дека нивната свест (душа) во тие мигови вистински им се одделила од телото или барем ги направила почетните *чекори* да го стори тоа. Доказ за ова е и самиот карактер на сведоштвата, кои со својата суштина емпириски ги демантираат сите хипотези дека станува збор за самоизмами, претстави или халуцинации. Во прилог на ова е и фактот дека оние на кои краткотрајната смрт им траела подолго, по реанимацијата сведочеле за нивно подолготрајно вонтелесно искуство, т.е. запознавање на повеќе фази и детаљи од реалноста на *оној свет* и нивно подлабоко навлегување *таму.* Од ова логично заклучува д-р Рос дека "*постои невидлива врска составена од енергија помеѓу нашето физичко тело*

и она што е во нас бесмртно. Нема да стапнеме во вечниот живот додека оваа врска не биде прекината. Кога сме помеѓу животот и смртта, како некои пациенти во кома, тогаш иако сме вон нашето физичко тело, таа врска се уште не е трајно прекината, а тоа значи дека се уште не сме дефинитивно мртви". Значи, дури по целосното прекинување на врската помеѓу свеста (душата) и телото, може да се каже дека настапила неповратна смрт, т.е. дури тогаш кај телото почнува процесот на негово распаѓање.

Пишани сведоштва за постоење на живот по смртта низ историјата

До сознанија за постоење на живот по смртта луѓето дошле уште пред околу 100.000 години, кога е забележано дека тогашните луѓе ги погребувале своите мртви, оставајќи предмети од нивното секојдневие во нивна близина. Најголемиот број народи, независно едни од други, дошле до истите сознанија, а многу е веројатно дека токму вонтелесните искуства на нашите претци биле една од основите за големиот број на религии. Впрочем, во многубројните свети книги тоа е и децидно опишано.

Историјата не познава народ без религија. Луѓето кои ја проповедале религијата, т. е. сознанијата за постоење на живот по смртта, по правило биле најобразованите и најпаметните луѓе на своето време. Постоењето на живот по смртта, како реалност, подеднакво се однесува на сите луѓе без разлика во

кое време живееле или на кој народ и вероисповед припаѓале. Сите луѓе се исти и по смртта ги очекува иста судбина. Тоа е ноторен факт. Друг ноторен факт (според бројните сведоштва на краткотрајно умрените) е дека реалноста во која престојувале не може точно да се опише со зборови и поими од земниот живот, туку само приближно. Значи, ако со голема веројатност претпоставивме дека вонтелесните искуства се основа за најголемиот број религии, еве го објаснувањето зошто во различни религии реалностакаде оди душата по смртта е различно именувана, а така е и со именувањето на Бог, рајот, пеколот и т.н. Секој народ, во неможноста да најде адекватни поими за именување на реалноста која настапува по смртта (бидејќи такви универзални поими нема), употребил поими од своето секојдневие, такви какви најмногу му одговарале да ја именува таа реалност и се околу неа. Ете затоа, на пример, Пигмеите од Екваторијална Африка (кои многу одамна дошле до сознанија за постоење на живот по смртта) местото каде оди душата по смртта (рајот) го нарекле *блажено живеалиште*, а Ескимите од Аљаска истото тоа место (рајот) го нарекле *свет на северната зора* во кој по смртта *одат душите на добрите.* Затоа отпаѓаат атеистичките хипотези дека религиите си влијаеле една на друга, па поради тоа се слични помеѓу себе. Кој може да поверува дека во далечното минато Ескимите од Аљаска дошле кај Пигмеите од Екваторијална Африка за да ги прашаат дали да веруваат во задгробен живот или не? Конечно, дури ако хипотетички претпоставиме дека во минатото се случило тоа, тогаш логично е дека именувањата на рајот би им биле

исти. Зошто Ескимите би ги прашале Пигмеите дали да веруваат, а подоцна откако би го прифатиле тоа, би го смениле името на рајот? Напротив, вистината е дека и кај едните и кај другите постоеле луѓе кои преку вонтелесните искуства им посведочиле за постоењето на задгробен живот, чија реалност ја именувале со најблиските им поими од нивниот тогашен јазик. Затоа, кај различни народи, кои меѓусебно во историјата немале никакви контакти, реалноста во која оди душата по смртта е различно именувана, но суштината кај сите е иста - душата по смртта се дели од телото и заминува *некаде,* т.е. во рајот (близу до Бога) или пеколот (и рајот и пеколот секаде се различно именувани), во зависност од нејзиниот земен живот. Се разбира дека има случаи кога одделни религии имале влијанија една врз друга, но тоа главно се познати случаи и за нив има пишани докази.

Мошне интересно е да се спомне дека најпознатите свети книги во светот нудат детаљно изложени сознанија за постоење на живот по смртта. Затоа предлагам да направиме краток осврт и на оваа тема, а верувам дека никој нема да остане рамнодушен на фрапантната и нападна подударност на ваквите древни записи со сведоштвата на нашите современици кои преживеале краткотрајна смрт во најсовремените институти и болници ширум светот.

Свето Писмо (Библија)

Ќе започнеме со Светото Писмо (Библија). Библијата е најпреведуваната и најчитаната книга во светот.

Веднаш ќе кажеме дека во Библијата има голем број сведоштва кои се речиси идентични со сведоштвата на современите испитаниици кои доживеле спиритуално искуство.Спомнавме дека поради познатата реченица на Исус: ЈАС СУМ СВЕТЛИНА НА СВЕТОТ, многу испитаници во *светлината* го препознале лично Него,кој дошол со огромна љубов да им ја пречека душата.Впрочем, љубовта кон луѓето и Бога е основа на Новиот Завет.

Лично Господ Исус Христос дал сведоштво за постоење на живот по смртта и за задржување на сопствениот идентитет на покојникот од страна на неговата душа. Неспорен доказ за ова е изјавата што Исус ја дал додека бил распнат на крстот на еден од разбојниците кои биле исто така распнати до него. Кога разбојникот го замолил Исуса да се присети на него во *Божјото царство,* знаејќи дека земниот живот на обајцата им е при крај, Исус му одговорил: НАВИСТИНА ТИ ВЕЛАМ, ДЕНЕС ЌЕ БИДЕШ СО МЕНЕ ВО РАЈОТ. Значи, иако на обајцата физичките тела ќе им останат мртви на крстовите на кои биле распнати, нивните души (нивните идентитети, т.е. самите тие) ќе заминат во *Божјето царство.*

Доказ за ова е и библиското сведоштво за сиромавиот Лазар и богаташот. Богаташот, кој живеел злобно, откако умрел стасал во пеколот. Поради маките што таму ги доживеал, почнал да го моли духот на отец Аврам, да го испрати духот на сиромавиот Лазар од рајот на земјата за да ги опомене неговите пет браќа да живеат чесно. Значи и овде имаме сведоштво за физички мртви луѓе кои меѓу себе контактираат, т. е. по смртта си го задржале секој својот идентитет, престојувајќи

онаму каде што заслужиле со својот земен живот (едниот во рајот, а другиот во пеколот).

Спомнавме дека бројни испитаници не можеле временски да го лоцираат своето вонтелесно искуство, т.е. не можеле да утврдат дали додека биле вон физичкото тело поминале две секунди или два часа. Фрапантно истоветно сведоштво имаме во апостолските посланија, каде дословно се вели: ЗА ГОСПОД ЕДЕН ДЕН Е КАКО ИЛЈАДА ГОДИНИ, А ИЛЈАДА ГОДИНИ СЕ КАКО ЕДЕН ДЕН.

Бројни описи во Библијата се дадени во врска со карактерот на спиритуалното тело во кое егзистира душата по физичката смрт од една страна и физичкото тело од друга страна. Свети апостол Павле пред повеќе од 19 векови, во своето Прво послание до Коринтјаните напишал:

ПОСТОЈАТ И НЕБЕСКИ И ЗЕМНИ ТЕЛА, НО ПОИНАКОВ СЈАЈ ИМААТ НЕБЕСНИТЕ ОД ЗЕМНИТЕ... ТАКА Е И СО ВОСКРЕСЕНИЕТО НА МРТВИТЕ. СЕ ПОСЕЈУВААТ ВО РАСПАЃАЊЕ, ВОСКРЕСНУВААТ НЕРАСПАДЛИВИ. СЕ ПОСЕЈУВААТ ВО СРАМОТА, ВОСКРЕСНУВААТ ВО СЛАВА. СЕ ПОСЕЈУВААТ ВО СЛАБОСТ, ВОСКРЕСНУВААТ ВО СИЛА. СЕ ПОСЕЈУВА ЗЕМСКО ТЕЛО, А ВОСКРЕСНУВА ТЕЛО ДУХОВНО.

Значи, овде имаме симболичен опис на разликата помеѓу физичките и спиритуалните тела. Сите физички недостатоци по смртта исчезнуваат. Срамотата се преторува во слава, распаѓањето во нераспадливост, слабоста во сила. Се разбира дека на спиритуалното тело не му се нужни потребите што ги има физичкото тело (храна, пијалоци, облека и сл.), а

од емоциите најмногу се задржува љубовта, додека зависта, злобата, љубомората и останатите негативни емоции исчезнуваат. Во контекст на ова имаме и сведоштво во Првото Петрово послание каде се вели:

... ЗАТОА НА МРТВИТЕ ИМ СЕ ПРОПОВЕДА РАДОСНАТА ВЕСТ ДА БИДАТ СУДЕНИ СО ОБЗИР НА ТЕЛОТО И ДА ЖИВЕАТ КАКО БОГ СО ОБЗИР НА ДУХОТ.

Значи, луѓето ќе *одговараат* за своите земни дела што ги направиле за време на земниот живот, т.е. додека биле во физичкото тело, а ќе живеат како Бог со обзир на духот, т.е. како нематеријални Божји созданија.

За вечниот живот на душата и минливоста на смртта свети апостол Павле вели:

КОГА РАСПАДЛИВОТО ТЕЛО ЌЕ СЕ ОБЛЕЧЕ СО НЕРАСПАДЛИВОСТ И СМРТНОТО ТЕЛО СО БЕСМРТНОСТ, ТОГАШ ЌЕ СЕ ИСПОЛНИ ПИШАНОТО: ПОБЕДАТА ЈА ПРОГОЛТА СМРТТА...

А, за сето ова во Второто Послание до Коринтјаните читаме:

ЗНАЧИ ЗНАЕМЕ, АКО ОВОЈ ШАТОР - НАШАТА ЗЕМНА КУЌА - СЕ СРУШИ, ИМАМЕ ЗГРАДА КОЈА Е БОЖЈЕ ДЕЛО - ВЕЧНА КУЌА НА НЕБЕСАТА - КОЈА НЕ Е НАПРАВЕНА ОД ЧОВЕЧКА РАКА.

Интересен опис имаме за задржувањето на идентитетот на умрениот од страна на неговата душа по неговата смрт. Свети апостол Павле пишува:

ПРВИОТ ЧОВЕК Е ОД ЗЕМЈА - ЗЕМЈАН. ВТОРИОТ ЧОВЕК Е ОД НЕБО... И КАКО ШТО ЈА НОСЕВМЕ СЛИКАТА НА ОНОЈ ЗЕМСКИОТ, ИСТАТА ЌЕ ЈА НОСИМЕ И НА ОНОЈ НЕБЕСНИОТ...

За неможноста со зборови да се опише убавината на рајот во Второто послание до Коринтјаните свети апостол Павле пишува:

... И ЗНАМ ДЕКА ТОЈ ЧОВЕК, СО ТЕЛО ИЛИ БЕЗ ТЕЛО: НЕ ЗНАМ, БОГ ЗНАЕ, БЕШЕ ГРАБНАТ И ОДНЕСЕН ВО РАЈОТ И ДЕКА ЧУЛ НЕИСКАЖЛИВИ ЗБОРОВИ ШТО ЧОВЕК НЕ МОЖЕ ДА ГИ ИСКАЖЕ.

Сведоштва за карактерот на *новата земја* имаме и во новозаветната книга на "Јовановото Откровение". Авторот, свети Јован, и самиот имал вонтелесно искуство, па она што притоа го доживеал го опишал со поими кои тогаш му биле достапни. За неговото вонтелесно искуство и за тоа што *таму* го доживеал свети Јован вели:

И МЕ ОДВЕДЕ СО ДУХОТ НА ЕДНА ГОЛЕМА И ВИСОКА ПЛАНИНА. И МИ ГО ПОКАЖА СВЕТИОТ ГРАД... НА ГРАДОТ НЕ МУ ТРЕБААТ НИ СОНЦЕ НИ МЕСЕЧИНА, ЗАШТО БОЖЈИОТ СЈАЈ ГО ОСВЕТЛУВА... НЕГОВАТА ВРАТА НЕМА ДА СЕ ЗАТВАРА ДЕЊЕ, ЗАШТО ТАМУ НЕМА НОЌ. НИШТО ШТО Е НЕЧИСТО НЕМА ДА ВЛЕЗЕ ВО НЕГО...

Значи гледаме потполно идентичен опис на сјајот и светлината без сонце што го осветлуваат небесното царство. Во контекст на ова е и следното:

ПОТОА ВИДОВ НОВО НЕБО И НОВА ЗЕМЈА, ЗАШТО ПРВОТО НЕБО И ПРВАТА ЗЕМЈА ИСЧЕЗНАА... ТОГАШ ЧУВ СИЛЕН ГЛАС ОД ПРЕСТОЛОТ: ЕВЕ ГО БОЖЈОТО ЖИВЕАЛИШТЕ МЕЃУ ЛУЃЕТО...

За карактерот на спиритуалните тела свети Јован пишува:

ТИЕ ЌЕ БИДАТ НЕГОВ НАРОД, А ТОЈ ЌЕ БИДЕ НИВНИОТ БОГ. ЌЕ ЈА ИЗБРИШЕ СЕКОЈА СОЛЗА ОД

НИВНИТЕ ОЧИ. И СМРТ НЕМА ДА ИМА ВЕЌЕ. И ТАГА НЕМА ДА ИМА ВЕЌЕ. НИ ПИСОК, НИ БОЛКА ЗАШТО СТАРИОТ СВЕТ ПОМИНА...

И овде имаме јасно сведоштво дека сите слабости што ги имало физичкото тело (солзи, болка, смрт) во новото спитритуално тело ќе исчезнат.

Значи, Библијата на многу места ги потврдува сознанијата за постоење на живот по смртта до кои дошле современите истражувачи, кои во многу можат да се потпрат врз она што го нуди оваа света книга.

Постоењето на живот по смртта и Православието

Како поднаслов во сведоштвата за постоење на живот по смртта што се среќаваат во Библијата, да направиме посебен осврт на ставот на Православието (како најдоминантна вероисповед во Македонија) кон оваа тема. Веднаш ќе кажеме дека ставот на Православието во многу се поклопува со она што неодамна го откријa современите научници, а се однесува на постоењето на живот по смртта. Ова ќе го поткрепиме со факти. Постоењето на живот по смртта претставува еден од фундаментите на православната апологетика (наука за оправданоста на религијата). Православните теолози не останаа рамнодушни кон најновите научни откритија за постоење на живот по смртта, бидејќи ваквите сознанија фактички ја потврдија исправноста на Православието по ова прашање. Така на пример, познатиот православен теолог д-р Лазар Милин во своето дело: “*Научната оправданост на религијата (книга 6, Апологетика)”*

од 1986 година (кое инаку се изучува и на Богословијата и на Богословскиот факултет во Скопје), како потврда за исправноста на православното учење за постоење на живот по смртта, ги цитира научните истражувања од д-р Рејмонд Муди, Џемс Бедфорд и Волт Кенсингтон (стр. 223 - 224). За ова тој, меѓу другото, пишува:

Џемс Бедфорд и Волт Кенсингтон наодамна објавија книга која во 1976 година е преведена и на српски под наслов "Експеримент Делпас" во која со строго научни методи па дури и со физички експерименти докажуваат дека после смртта на телото душата продолжува да егзистира. Не се работи тука за никаков спиритизам ниту окултизам, туку за строго физички експеримент. Треба да се нагласи и напомне дека авторите не ја напишале оваа книга со однапред осмислен план и намера по секоја цена да докажат дека душата го надживува телото, туку објективно и крајно строго критички, со помош на научни и физички методи ги констатираат и испитуваат појавите во врска со душата и нејзината бесмртност. Затоа тие строго научно изнесуваат и докази и противдокази сосема објективно и критички, не брзајќи да дадат какви било заклучоци.

Рејмонд Муди пред извесно време објави книга под наслов "Живот по животот", која е преведена на хрватски и издадена во Загреб во 1980 година. Авторот од свое лично искуство преку истражување на бројни примери, докажува дека душата за време на т.н. "клиничка смрт" го напушта телото и е свесна за сите настани што околу неа се случуваат....

Аргументите говорат дека човекот нема само физичко тело и дека неговата свест, макар и за кратко, може да опстојува вон телото. (Д-р Лазар Милин: "*Научно оправдање религије",* Београд 1986).

Значи, гледаме дека познатиот православен теолог д-р Милин сосема оправдано ги прифаќа најновите научни сознанија за постоење на живот по смртта. Според Православието, смртта ги раздвојува телото и душата. Со смртта телото ја губи животната сила, а душата останува и понатаму жива и таа е бесмртна: НЕ ПЛАШЕТЕ СЕ ОД ОНИЕ ШТО ГО УБИВААТ ТЕЛОТО, А ДУШАТА НЕ МОЖАТ ДА ЈА УБИЈАТ (Библија).

Дали ретроспективата на животот за која известуваат бројни испитаници се однесува всушност на *посебниот суд на душата,* во кој (според Православието) *ангелите* и ги прикажуваат сите добри дела од земскиот живот, а *лошите духови* сите лоши дела, можеме со сигурност да претпоставиме.

Основните православни постулати за постоење на живот по смртта би можеле да се сведат на следното:

1. Постои задгробен живот на душите.

2. Животот на душата зависи од моралните квалитети: на добрите добро, на лошите лошо.

3. Душите во задгробниот живот меѓусебно се познаваат.

4. Душите се сеќаваат на земниот живот и се грижат за најблиските.

5. Душите не се наоѓаат на исто место бидејќи меѓу нив постои *голема бездна* и не е можно да се мешаат едни со други.

6. Душите на праведниците, ангелите ги носат во небесниот свет на славата Божја, а душите на грешниците одат во пеколот.

Гледаме дека постои фрапантно поклопување со описот на посмртните доживувања од страна на бројни наши современици од различни земји на светот. Како доказ за ова се и следните цитати од Православниот Требник кои се кажуваат (пеат) за време на чинот на погребение:

...Сам Ти Господи упокој ја душата на Твоето починато чедо во место светло, место тревнато и убаво, место мирно каде што нема болка, жал и воздишка...

... Упокој го Боже Твојот слуга и всели го во рајот, каде што сите светии светат како светила. Таму упокој го починатиот слуга твој и прости му ги сите гревови...

... Со светиите упокој ја Христе душата на слугата Свој таму каде што нема тага ни болест ниту воздишка, туку каде што царуваш Ти и животот вечен!

...Сите суетни човечки работи се попусти и не постојат по смртта. Не останува ни богатството, а ниту славата оди со човекот... затоа Христа бесмртниот молитвено да го повикаме за упокоениот да го всели во населбата каде се вечните радости на праведниците Твои Господи.

... Но, ве молам сите вас непрестано да се молите на Христа Бога да не бидам, според моите гревови изведен на местото на маките, туку да бидам таму каде што е светлината на животот...

Некои религиозни заедници не признаваат директно продолжување на животот по смртта

Колку и да звучи неверојатно, денес во Македонија (се разбира и пошироко во светот) егзистираат две религиозни организации кои, верувале или не, го **негираат директното постоење на животот по смртта.** Се работи за Христијанската Адвентистичка Црква - адвентисти и Царството на Јеховините сведоци. Ниту едните, ниту другите не веруваат во никакви докази за директно продолжување на живот по смртта и со тоа тие имаат идентичен став со атеизмот - најголемиот опонент на сите религии воопшто. Не сум теолог и нема овде да се впуштам во никаква теолошка расправа со нивните ставови, но ќе спомнам едно мое искуство со претставници на овие религиозни групи.

Во август 1993 година ја посетив малата адвентистичка заедница во Штип и присуствував на еден нивни собир. Во паузата го прашав проповедникот каков е ставот на нивната црква во однос на постоењето на живот по смртта и мошне се изненадив кога тој дословно рече: *Не постои никаков живот по смртта! По физичката смрт, телото се распаѓа, а душата се враќа кон Бога. Дури откако ќе дојде Исус Христос на земјата и откако ќе дојде мигот на Конечниот Суд, тогаш Бог повторно ќе ги спои физичките тела со душите и ќе им суди на сите, а дотогаш ние ќе бидеме мртви.* Со оваа изјава (која накратко го опфаќа ставот на оваа Црква кон постоењето на живот по смртта) се негираат речиси сите останати светски поголеми или помали религии, а се негираат и најновите научни докази за директно

продолжување на животот по смртта. Јас бев упорен и го прашав: *Во ред. Знаеме од што е составено нашето тело и знаеме дека тоа по смртта ќе се распадне, но што е со описот на душата? Дали сметате дека душата всушност ја преставува нашата свест, нашите мисли, нашата меморија или, едноставно кажано нашиот идентитет?* Проповедникот одговори потврдно, по што јас веднаш му дофрлив: *Ако е така, тогаш душата сме самите ние. Значи, нема да умреме, туку нашата свест, нашиот идентитет, без разлика каде ќе оди и во каква форма ќе биде, ќе продолжи да живее.* На ова проповедникот за миг замолча и се замисли, а потоа почна да ме убедува дека така не пишувало во Библијата, по што разговорот го прекинавме.

Интересна средба имав и со претставниците на Царството на Јеховините сведоци од Штип. Повод беше една информација што ја добив дека некоја жена преживеала краткотрајна смрт. Се упатив во нејзиниот дом, но, за жал, нејзиниот син ми рече дека таа веќе е покојна. Ме покани внатре и почнавме разговор. Испадна дека тој и неговата сопруга се членови на Царството на Јеховините сведоци. Кога слушнаа за темата на моето интересирање почнаа да ме убедуваат дека директно продолжување на животот по смртта не постои и ми го раскажаа ставот што претходно го слушнав од адвентистите. Тогаш јас го прашав домаќинот: *Дали Вашата мајка извесно време била мртва?* Ми одговори потврдно (впрочем сведоци за тоа биле и бројни соседи и нивни роднини). Потоа го прашав: *Дали за времето додека била мртва таа доживеала нешто?* И овој пат ми одговори потврдно,

но веднаш напомна дека таа тоа не го доживеала, туку дека била *излажана од ѓаволот* (!?). *Па, ако живот по смртта не постои, т.е. ако таа навистина била мртва и престанало нејзиното постоење како можел да ја излаже ѓаволот? Ѓаволот ги лаже живите, а не оние кои не постојат.* - го прашав, но домаќинот одби да разговара бидејќи пак повтори дека тоа се *ѓаволски работи.* Ми спомна и дека нему на сон му била претскажана смртта на мајка му, но одби да ми го раскаже сонот, повторно со образложение дека *ѓаволот му го прикажал таквиот сон за да го излаже.* Навистина, не може а да не се забележи дека овие луѓе не си веруваат ниту на самите себе под влијание на своите религиозни убедувања. Нивната литература е полна со слики од типот: нацртан мртовец во мртовечки сандак и нацртана неговата душа (истиот човек, само побледо нацртан), која му го напушта телото, но **прецртана,** значи: не постои. Останува да заклучиме дека еден ден самите ќе видат кој бил во право.

Исламска Света книга Кур'ан

Исламот, како втора по бројот на припадниците вероисповед во Македонија, преку својата света книга Кур'ан исто така дава значајни сведоштва за постоење на живот по смртта. Постоењето на живот по смртта претставува еден од фундаментите на исламот. Според исламската наука, по смртта на човекот, телото се распаѓа, а душата (која е пречекана од ангелот Азраил) оди во *џенет* (рај) или *џенем* (пекол) во

зависност од нејзиниот земски живот. Смртта е врата кон еден нов, посовршен и повозвишен, вечен свет кој се нарекува *Ахирет.*

Сега да поминеме на цитати од Кур'анот што се однесуваат на постоењето на живот по смртта, што во потполност се поклопуваат со сведоштвата на современите испитаници кои доживеале краткотрајна смрт.

За преоѓањето по смртта на човекот во нова реалност, во шестиот ајет од поглавието *Ел Ел'а* се вели:

ВИЕ ЌЕ ПРЕЈДЕТЕ ОД ЕДНА ВО ДРУГА СОСТОЈБА.

Понатаму, децидно опишано сведоштво за постоење на живот по смртта и за одделувањето на душата од телото е следното:

О ЧОВЕКУ! ПОСТОЈАНО СЕ ТРУДИШ (ОДЕЈЌИ) КОН СВОЈОТ ГОСПОДАР И ЗАТОА (ПО СМРТТА) ЌЕ ГО СРЕТНЕШ ОНА ПО ШТО КОПНЕЕШ (шести ајет од поглавието Ел Иншикак).

Во едно друго поглавие се вели:

О, СМИРЕНА ДУШО! ВРАТИ СЕ КОН СВОЈОТ ГОСПОДАР ЗАДОВОЛЕНА (СО НЕГО), ЗАДОВОЛЕН И (ТОЈ СО ТЕБЕ), ПА ВЛЕЗИ... ВО МОЈОТ РАЈ.

За недовербата на некои луѓе за постоењето на живот по смртта во петтиот дел од поглавието Нахл се вели:

И ТИЕ (НЕВЕРНИЦИТЕ) СЕ КОЛНАТ НА БОГА СО СВОЈАТА НАЈСИЛНА ЗАКЛЕТВА: БОГ НЕМА ДА ГО ОЖИВЕЕ ОНОЈ КОЈ УМИРА! НАПРОТИВ, ТОА ОЖИВУВАЊЕ Е НЕГОВО ВИСТИНСКО ВЕТУВАЊЕ, НО ГОЛЕМ ДЕЛ ОД НАРОДОТ НЕ САКА ДА ГО ЗНАЕ ТОА.

Во третиот дел на поглавието Ел Бекаре исто имаме сведоштво за постоење на живот по смртта:

КАКО ВИЕ НЕ ГО САКАТЕ АЛАХ КОГА БЕВТЕ МРТВИ, А ТОЈ ВЕ ОЖИВЕА...

Во третиот дел од поглавието Ен'Ам во врска со идолопоклониците пишува:

ТИЕ ВЕЛАТ: НЕМА ДРУГ ЖИВОТ (ОЖИВУВАЊЕ) ОСВЕН ЗЕМНИОТ И НИЕ НЕМА ДА БИДЕМЕ ОЖИВЕАНИ! НО, ЌЕ ВИДИШ КОГА ЌЕ ЗАСТАНАТ ПРЕД СВОЈОТ ГОСПОДАР, ЌЕ ИМ РЕЧАТ: НЕЛИ Е ВИСТИНА? ТОГАШ ТИЕ ЌЕ ОДГОВОРАТ: ДА, ВИСТИНА Е!...

За тоа дека *некој* или *нешто* по смртта ја прифаќа душата на умрениот сведочи и Кур'анот. Според оваа света книга *мелеците* (ангелите) се тие кои ја прифаќаат душата на умрениот, непосредно по смртта. За ова во поглавието Ел Нази'ат читаме:

МЕЛЕЦИТЕ ЈА ПРЕЧЕКУВААТ ДУШАТА НА УМРЕНИОТ.

Во осмиот дел од поглавието Ен'Ам, во врска со ова се вели:

ТОЈ ВЛАДЕЕ НАД СВОИТЕ РОБОВИ И КОГА ЕДНАШ ДО ВАС ДОЈДЕ СМРТТА, НАШИТЕ ПРАТЕНИЦИ (МЕЛЕЦИ) ГО УСМРТУВААТ (МУ ЈА ЗЕМААТ ДУШАТА) НЕ ПРАВЕЈЌИ ПРИТОА НИКАКВИ ОТСТАПКИ (БЕЗ ИСКЛУЧОЦИ). ПОТОА ЌЕ БИДЕШ ВРАТЕН НА БОГА, СВОЈОТ ВИСТИНСКИ ГОСПОДАР.

Во многу ајети од Кур'анот се опишува величествената убавина на вечниот свет, каква што ја опишуваат современите испитаници, но и другите религии:

...И НАВИСТИНА ВЕЧНИОТ ЖИВОТ Е (МНОГУ) ПОГОЛЕМ ПО ПОЛОЖАИТЕ И (МНОГУ) ПОГОЛЕМ ПО ВРЕДНОСТИТЕ.

Во поглавието Ел е' Лав на незнабошците им се потенцираат разликите помеѓу земниот и идниот свет:

ВИЕ, НАПРОТИВ, МУ ДАВАТЕ ПРЕДНОСТ НА ЗЕМНИОТ ЖИВОТ, НО ИДНИОТ СВЕТ Е НАЈДОБАР И НАЈТРАЕН.

Во поглавието Р'Ад, во третиот дел, се вели:

ЗЕМНИОТ ЖИВОТ, ВО ОДНОС НА ВЕЧНИОТ, Е САМО (ПРИВРЕМЕНА) РАБОТА.

За наградите на небесата на оние кои во земскиот живот правеле добри дела во Кур'анот се однесуваат следните сведоштва:

ЗА ОНИЕ КОИ ПРАВАТ ДОБРОДЕТЕЛСТВА НА ОВОЈ СВЕТ (НАГРАДАТА Е) ДОБРО ДЕЛО (ВО ИДНИОТ ЖИВОТ). А, КУЌАТА НА ВЕЧНОСТА Е НАЈ-ДОБРА (НАГРАДА)... (четврти дел, поглавие Нахл); ОНИЕ КОИ ПРАВАТ ДОБРОДЕТЕЛСТВА, ЌЕ ИМААТ ДОБРОДЕТЕЛСТВА, ПА И ПОВЕЌЕ ОД ТОА. НИВНИТЕ ЛИЦА НЕМА ДА БИДАТ ПОМРАЧЕНИ, НИТУ СО ЦРНИЛО, НИТУ СО ПОНИЖУВАЊЕ. ТОА СЕ ТИЕ, НА КОИ ИМ ПРИПАЃА ЏЕНЕТОТ, ВО КОЈ ВЕЧНО ЌЕ ПРЕСТОЈУВААТ (трети дел, поглавие Јунус).

Спротивно од нив, на злосторниците и другите грешници, по смртта им е одредена поинаква судбина. За ова во поглавието Ен'Ам читаме:

НА ОНОЈ ШТО ЌЕ НАПРАВИ ДОБРО ДЕЛО, МУ ПРИПАЃА ДЕСЕТОСТРУКА НАГРАДА, А ОНОЈ ШТО ЌЕ НАПРАВИ ЛОШО ДЕЛО ЌЕ БИДЕ КАЗНЕТ СПОРЕД ГОЛЕМИНАТА НА ГРЕВОТ, НО НАД НИВ, НЕМА ДА СЕ НАПРАВИ НИКАКВО НАСИЛСТВО.

Во третиот дел на поглавието Јунус, читаме:

НА ОНИЕ КОИ ПРАВЕЛЕ ЛОШИ ДЕЛА, КАЗНАТА ЌЕ ИМ БИДЕ АДЕКВАТНА (ЗА СЕКОЕ ЛОШО ДЕЛО) И НИВ ЌЕ ГИ ПРЕКРИЕ ПОНИЖУВАЊЕ. ТИЕ НЕМА ДА ИМААТ НИКОГО КОЈ БИ ГИ ЗАШТИТИЛ ОСВЕН БОГ. ЌЕ ИМ СЕ ЧИНИ ДЕКА НИВНИТЕ ЛИЦА СЕ ПРЕКРИЕНИ СО ДЕЛОВИ ОД ЦРНАТА НОЌ. ТОА СЕ ОНИЕ НА КОИ ИМ ПРИПАЃА ОГАНОТ ВО КОЈ ВЕЧНО ЌЕ ПРЕСТОЈУВААТ.

За судбината на грешникот по смртта имаме сведоштво и во третиот дел на поглавието Ибрахим, каде се вели:

ЗАД НЕГО Е ПЕКОЛОТ ВО КОЈ ЌЕ БИДЕ ПОЕН СО ВРЕЛА ВОДА ШТО ЌЕ ЈА ГОЛТА, НО НЕМА ДА МОЖЕ ДА ЈА ПРОГОЛТА. СМРТТА ЌЕ МУ ДОАЃА ОД СЕКАДЕ, НО ТОЈ НЕМА ДА БИДЕ МРТОВ (ДА УМРЕ ЗА ДА СЕ СПАСИ ОД НЕВОЛЈАТА) И ЗАД НЕГО Е ГРОЗНА КАЗНА.

Во пеколот злосторниците ги очекува следното:

ТИЕ НЕСРЕЌНИЦИ СЕ ВО ПЕКОЛОТ. ТАМУ ЌЕ ВИКААТ И ВРЕСКААТ. ТИЕ ТАМУ ЌЕ ОСТАНАТ ВЕЧНО ДОДЕКА ТРААТ НЕБОТО И ЗЕМЈАТА, ОСВЕН АКО ГОСПОДАРОТ ОДЛУЧИ ПОИНАКУ.

За карактерот на спиритуалните тела и за изгледот на рајот (џенетот) во Кур'анот се вели:

...И НИЕ ЈА ОТРГНАВМЕ ОМРАЗАТА ОД НИВНИТЕ ЛИЦА... НИВ НЕ ГИ ОБЗЕМА НИКАКОВ ЗАМОР ВО РАЈОТ, НИТУ ПАК ЌЕ БИДАТ ИЗВЕДЕНИ ОТТАМУ.

За убавината на рајот самиот Хазрети-Мухамед изјавил дека:

Алах на своите добри робови им подготви награди, какви ниту едно око не видело, ниту едно уво не слушнало и ниту еден човек не замислил.

Според Ибн Абас, еден од најголемите познавачи на Исламот, во рајот не свети сонце, иако се се сјае.

За ретроспективата на животот на умрениот исто така имаме опис во Кур'анот:

СЕКОЈ ГРЕВ ОСТАВА ТРАГА ВО СЕЌАВАЊЕТО... СИТЕ ГРЕВОВИ ШТО ЧОВЕКОТ ЌЕ ГИ НАПРАВИ ЌЕ СЕ ИЗНЕСАТ ПРЕД НЕГО...

И во Кур'анот имаме опис на *плодови* кои душата на умрениот ќе ги сретне во *џенетот.* Овде треба да се нагласи дека не станува збор за никакви материјални плодови или други предмети, туку за еден вид, нам тешко сфатлива, визуелизација на таквите *предмети*. Се разбира дека материјални предмети не постојат во спиритуалниот свет на душите, па затоа се вели дека, на пример, злосторникот ќе пие *врела вода*, која не ќе може да ја *проголта* (поради овие причини сите вакви *предмети* ги напишав со *курзивни* букви од останатиот текст во кој се спомнуваат).

Значи и во Кур'анот имаме значајни сведоштва за постоење на живот по смртта, кои исто така се вклопуваат со оние дадени од современите испитаници кои преживеале краткотрајна смрт.

Будизам

Будизмот признава стремеж кон состојба на *конечна вистина, блаженство и ништотија,* која се

нарекува *нирвана.* Преку *нирваната* човекот се поистоветува со Бога. Иако, сето ова за неупатените, можеби на прв поглед изгледа нејасно и контрадикторно, ќе забележиме дека ако *нирваната* ја поистоветиме со вонтелесното искуство, ќе добиеме одговор на сите нејаснотии, при што, сите елементи (*блаженство, поистоветување со Бога и ништота*), иако изгледаат контрадикторни еден со друг, ќе си го добијат своето место во ваквото толкување. Така можеме со голема веројатност да претпоставиме дека *поистоветувањето* на човекот со Бога се однесува всушност на мигот кога душата го напушта физичкото тело и станува нематеријална, т.е. како и Бог, нема физички облик. Блаженството што притоа се доживува е токму онаа, извонредно прекрасна и неопислива леснотија што ја опишуваат современите испитаници што ја почувствувале откако се нашле вон телото. Во ваквото толкување целосно се вклопува и поимот *ништота,* кој несомнено се однесува на нематеријалноста на спиритуалното тело, каква ја опишуваат современите испитаници.

Дефинитивна потврда за исправноста на оваа претпоставка е будистичкото сфаќање дека состојбата на *нирвана* за време на животот можат да ја достигнат само искусните јогини, а сите останати ќе ја достигнат по смртта.

Тибетанска Книга на мртвите

Докази за постоење на живот по смртта нуди и *Тибетанската книга за мртвите* - психолошко религио-

зен ракопис напишан како резултат на вековното искуство на тибетанските мудреци. Ракописот е изработен во 8 век по Христа и долго време се сметал за таен, а преведен е на англиски дури во 1927 година (во 1981 е преведен и на македонски), што значи дека творците на овој ракопис немале никакви контакти со западната цивилизација, а дале идентичен опис за постоење на живот по смртта. Во него се опишани сите фази на смртта низ кои минува умрениот, како и карактерот на неговата душа:

ВО ОВОЈ МОМЕНТ СОСТОЈБАТА НА ТВОЈОТ ДУХ Е ЧИСТА ПРАЗНОТИЈА. НЕМАШ НИКАКВА ЖИВОТНА СИЛА, НИ КВАЛИТЕТ, НИ БОЈА, САМО ЧИСТА ПРАЗНОТИЈА.

Покојникот по смртта го задржува својот идентитет, а фрапантното поклопување на натамошните сведоштва за постоење на живот по смртта со се она што досега го изнесовме, го оставаме без коментар:

НЕГОВАТА СВЕСТ СЕ ПОЈАВУВА И ТОЈ НЕ ЗНАЕ ДАЛИ Е УМРЕН, ИЛИ НЕ. ТОЈ ЌЕ ГИ ВИДИ СВОИТЕ РОДНИНИ ИСТО КАКО И ПОРАНО И ЌЕ ГО ЧУЕ НИВНИОТ ПЛАЧ. ТОЈ МОЖЕ ДА ГИ ВИДИ НИВ, НО ТИЕ НЕ МОЖАТ ДА ГО ВИДАТ НЕГО. ТОЈ МОЖЕ И ДА ГИ ЧУЕ НИВ, НО ТИЕ НЕ МОЖАТ ДА ГО СЛУШНАТ НЕГО... ТИ НЕМАШ ФИЗИЧКО ТЕЛО, ПА БЕЗ ОБЗИР КАКОВ ЗВУК ЌЕ СЛУШНЕШ И НА КАКВА БОЈА И СВЕТЛИНА ЌЕ НАИДЕШ, ТИЕ НЕ МОЖАТ ДА ТЕ ПОВРЕДАТ И ТИ НЕ МОЖЕШ ДА УМРЕШ... СВЕТГЛИНАТА СО СВОЈАТА ТЕМЕЛНА ЧИСТОТА... ЌЕ ДОЈДЕ ПРЕД ТЕБЕ...И ЌЕ ИМАШ ЧУВСТВО НА ЗАДОВОЛСТВО ВО ОДНОС НА МЕКАТА СВЕТЛИНА НА БОГОВИТЕ. БИДИ ПРИВЛЕЧЕН КОН НЕА СО

ВЕРА И ПРЕДАНОСТ. ТИ СИ МЕНТАЛНО ТЕЛО И БИДЕЈЌИ ДУШАТА ТИ Е ОДДЕЛЕНА, ТИ НЕМАШ МАТЕРИЈАЛНО ТЕЛО... МОЖЕШ ДА МИНУВАШ НИЗ ПЛАНИНИТЕ ИЛИ КАДЕ И ДА БИЛО... ТИ МОЖЕШ ДА КРУЖИШ ОКОЛУ КОНТИНЕНТИТЕ И ВО МИГ ДА СТАСАШ КАДЕ САКАШ УШТЕ ДОДЕКА ПОМИСЛУВАШ НА ТОА... МОЖЕШ ДА ИЗВЕДЕШ СЕ ШТО ЌЕ ПОМИСЛИШ И НЕМА ДЕЛО КОЕ НЕ МОЖЕШ ДА ГО ИЗВРШИШ... ОНИЕ КОИ БИЛЕ ДОБРОДЕТЕЛНИ И СО ДОБРИ ОСОБИНИ... ЌЕ ГИ ДОЖИВЕАТ СИТЕ ВИДОВИ УБАВИ РАБОТИ, БЛАЖЕНСТВА И СРЕЌА... ДОБРАТА СОВЕСТ ВО ТЕБЕ ЌЕ ГИ СОБЕРЕ СИТЕ ТВОИ ДОБРИ ДЕЛА... А ЛОШАТА СОВЕСТ ЌЕ ГИ СОБЕРЕ СИТЕ ЛОШИ ДЕЛА. ОД ТОА ТИ ЌЕ БИДЕШ ИЗНЕНАДЕН И ЌЕ ЛАЖЕШ ДЕКА НЕМАШ ГРЕВОВИ. ТОГАШ ГОСПОДАРОТ НА СМРТТА ЌЕ ПОГЛЕДНЕ ВО ОГЛЕДАЛОТО НА КАРМАТА И СИТЕ ТВОИ ГРЕВОВИ И ДОБРИ ДЕЛА НАЕДНАШ ЌЕ СЕ ПОЈАВАТ ЈАСНО И ВИДЛИВО И ЛАЖЕЊЕТО НЕМА ДА ТИ ПОМОГНЕ...

Харе Кришна (Багавад Гита)

Религиозното движење Харе Кришна засновано врз *ведите* (свети списи дадени од самиот Бог) и *Багавад Гита* (света книга со основни упатства за духовниот живот, дадени исто така од Господ), тврди дека постои духовен и материјален универзум. Кришна (сепривлечниот, заб. ав.), т.е. Бог е сепривлечен и семоќен. Тој е творец на двата универзума. Душата на човекот е честица од Бога и нејзина цел е, по смртта, да се врати

кај Него. Земскиот живот е подготовка за небесниот, а убиството и самоубиството се најстрого забранети.

За бесмртноста на душата во Багавад Гита читаме:

ДУШАТА НИКОГАШ НЕ СЕ РАЃА НИТУ УМИРА... ТАА НИКОГАШ НЕ ПРЕСТАНУВА ДА ПОСТОИ. НЕРОДЕНА Е, ВЕЧНА И СЕКОГАШ ПОСТОИ. ТАА НЕ МОЖЕ ДА УМРЕ, НИТУ ДА БИДЕ УБИЕНА ОТКАКО ТЕЛОТО ЌЕ СЕ УБИЕ... ОНОЈ ШТО ПРЕСТОЈУВА ВО ТЕЛОТО Е ВЕЧЕН И НИКОГАШ НЕМА ДА БИДЕ УБИЕН. ЗАТОА НЕ ТРЕБА ДА ЖАЛИМЕ ПО НИКОГО... НЕУНИШТИВОТО ЧОВЕЧКО ЖИВО СУШТЕСТВО ПРЕСТОЈУВА ВО МАТЕРИЈАЛНОТО ТЕЛО, КОЕ Е ПОДЛОЖНО НА УНИШТУВАЊЕ...

Дека просторот не претставува пречка за патувањето на душата во Багавад Гита читаме:

... МОЖЕ ПО СОПСТВЕНА ЖЕЛБА ДА СЕ ПРЕНЕСЕ НА КОЈА БИЛО ПЛАНЕТА ОД МАТЕРИЈАЛНИОТ СВЕТ. АКО ПОСАКА ДА ЈА ВИДИ МЕСЕЧИНАТА, МОЖЕ ДА СЕ ПРЕФРЛИ ТАМУ, ИЛИ АКО ПОСАКА, МОЖЕ ДА ОТИДЕ И НА ДРУГА ПЛАНЕТА...

За местото каде престојува Бог во Багавад Гита самиот Бог го дал следното сведоштво:

...МЕСТОТО КАДЕ ПРЕСТОЈУВАМ НЕ ГО ОСВЕТЛУВААТ НИТУ СОНЦЕ, НИТУ МЕСЕЧИНА... ТОЈ ШТО ЌЕ ДОЈДЕ ВО НЕГО НИКОГАШ ПОВЕЌЕ НЕ СЕ ВРАЌА ВО МАТЕРИЈАЛНИОТ СВЕТ...

Освен ова, во Багавад Гита има и други сведоштва за постоење на живот по смртта, кои во потполност се вклопуваат во се што до сега напишавме.

Останатите светски религии и учења

До сознанија за постоење на задгробен живот, во суштина фрапантно слични (дека душата се дели од телото, дека е нематеријална и дека вечно живее, дека постои Бог, дека постојат два дијаметрално спротивни света каде, во зависност од земскиот живот, ќе престојува душата), дошле и други бројни народи низ историјата од кои поголемиот број од нив во минатото немале никакви меѓусебни контакти, а нивните религии зборуваат за, во суштина, исти работи. Некои од нив се: северноамериканските Индијанци, Пигмеите од Екваторијална Африка, Ескимите од Аљаска, старофилипинскиот народ Аети, старите Египјани, старите Персијанци, античките балкански народи, Монголите, Јакупите, Кинезите, Јапонците и други. На детален опис на нивните религии овде нема да се задржиме, но со малку труд, тоа може секој заинтересиран читател да го стори, а овде ќе продолжиме со сознанијата за постоење на живот по смртта до кои дошле некои светски познати филозофи, од кои можеби најкарактеристичен е Платон (428 - 348 год. пред Христа). Платон се спротивставил на некои претходни филозофски сфаќања дека смртта е како сон. Напротив, тој тврди дека земниот живот е сон, а смртта е онаа вистинска реалност. Според него, душата, како повозвишено суштество, со влегувањето во човековото тело спаѓа на пониско ниво, исто како кога будниот по заспивањето се спушта од повисоко во пониско ниво на свеста. Душата, по смртта, се дели од телото, кое е само нејзино привремено сместувалиште. Таа оди во друга реалност, каде времето не постои,

онакво какво нам ни е познато. Таа таму може да се сретне со душите на претходно починатите и да разговара со нив. За тоа време постојано е следена од својот *духовен чувар*, кој ја води во преодот од материјалниот во духовниот свет. Непосредно по смртта душата минува низ едно *море* и трајно се вселува во областа на посмртното постоење. Платон дава и опис за ретроспективата на животот што настапува по смртта или непосредно пред опасноста од неа. Човекот стварноста ќе ја осознае дури по смртта.

Навистина премногу истоветни сведоштва од различни краеви на светот. Се разбира дека постојат и разлики помеѓу религиите, но тие главно се настанати поради тешкотиите во описот на реалноста што *таму* владее со помош на скромниот број поими од јазиците на различни народи. Меѓутоа суштинските постулати (без разлика како се нарекуваат кај различни народи) дека: постои живот по смртта, т.е. одделување на душата од мртвото тело, дека постои Бог, дека постојат рај и пекол, дека душата е нематеријална и бесмртна и нејзиниот посмртен живот зависи од земниот живот - се потполно истоветни кај речиси сите народи - народи од кои најголемиот број во времето кога дошле до ваквите сознанија немале никакви меѓусебни контакти, како би си влијаеле едни на други.

На крајот да спомнеме и голем број познати личности, кои ја задолжиле светската историја на кои им се имало случено вонтелесно искуство. Некои од нив се: Џек Лондон, Ги Де Мопасан, Валзер Де Мар, Д. Х. Лоренс, Ернест Хемингвеј и други. Некои од нив своите вонтелесни искуства ги запишале и објавиле. Така на пример, Ернест Хемингвеј своето вонтелесно искуство

го доживеал во Првата светска војна, додека бил тешко ранет од граната. Тој подоцна го напишал следното:
... Мојата душа ми го напушти телото... Летав наоколу, а потоа се вратив и повторно влегов во телото. Повеќе не бев мртов.

Во почетокот на 20 век свештеникот Луј Такер (Лоуис Туцкер) објавува книга под наслов "*Клерикални грешки*" (*Цлерицал Еррорс*) во која го опишува сопственото вонтелесно искуство. Во 1909 година бил прогласен за мртов од страна на локалниот доктор поради труење. Но, потоа ненадејно оживеал. Тој опишува како паднал во некој *тунел*, а околу него имало *голема врева*. Наеднаш се нашол во некое неописливо убаво место окружен со љубов и со своите покојни пријатели. Многу се израдувал кога таму го сретнал својот покоен татко. Тогаш сфатил дека со татка си може да комуницира *мисловно*. Татко му му рекол дека мора да се *врати*, по што ги отворил очите пред лицето на вчудовидениот доктор кој претходно го прогласил за мртов. Потоа Такер изјавил дека воопшто не сакал да се *врати* од тој преубав свет, но дека не можел да се спротивстави на таквата одлука.

ПОСТОЕЊЕТО НА ЖИВОТ ПО СМРТТА И ЈАСНОВИДЦИТЕ

- Штом ќе застане човек пред мене, неговите блиски умрени се наредуваат околу него, ми поставуваат прашања и одговараат на поставените прашања, а јас на живите им го соопштувам она што ќе го слушнам од нив.

Ова фрапантно тврдење претставува изјава на една од најголемите јасновитки на светот во сите времиња, струмичанката која живееше во Петрич, Ванѓа (позната како Баба Ванѓа). Изјавата ја има дадено во едно од нејзините бројни интервјуа и истата е забележана во книгата од Красимира Стојанова под наслов "*Ванга",* објавена во Софија 1989 година, а преведена и објавена и на македонски во 1997 год. Фактот што еден од рецензентите на оваа книга, која секој што ќе ја прочита верувам дека нема да го остави рамнодушен, е познатиот бугарски академик Пантелеј Зарев, а втор рецензент е професорот Александар Фол и фактот што подоцна се појавија и други книги за феноменот на Ванѓа, децидно говорат до каде беше отиден научниот интерес во Бугарија за расветлување на т.н. *парапсихолошки феномени* дури и во времето на комунизмот. Денес во многу држави исто така научно се проучува овој феномен (САД, Русија, Холандија, Велика Британија, Германија и други). Дали ќе дочекаме некој од македонските академици да се зафати со ваква или слична тема? До кога кај нас ќе владее научната суета како стамен рецидив од пропаднатото атеистичко општество?. Д-р Ѓорѓи Лозанов (поранешен директор на Бугарскиот институт за сугес-

тологија), кој го испитувал феноменот на Ванѓа повеќе години, има забележано и фактографски документирано над 7.000 неверојатни изјави на Ванѓа кои подоцна се обистиниле (меѓу кои и земјотресот во Скопје). Дека ваквиот феномен доаѓа од нејзината комуникација со душите на умрените, можеме со сигурност да претпоставиме, земајќи ги предвид не само нејзината изјава, туку и сето она што досега го напишавме за постоењето на живот по смртта. Во прилог на ова од бројните примери со кои изобилува книгата ќе наведеме неколку.

За време на поплавата во Скопје, несреќни родители си го загубиле единственото дете. Логично, заклучиле дека детето се удавило, но трупот никако не можел да се најде. На ужалените родители не им останало ништо друго, освен да отидат кај Ванѓа и да ја прашаат каде им е детето. Ванѓа им одговорила да не плачат бидејќи детето и навистина не било помеѓу живите, но дека така му било пишано. Потоа им рекла дека тие досега на погрешно место го барале трупот. Тој бил подолу, по еден голем свиок на реката. Таму телото било заплеткано во крошната на едно паднато дрво. Ванѓа рекла дека јасно му го гледала испруженото раче. Детето се појавило пред неа и и рекло: "*Дојди, ќе те одведам на точното место*." По извесно време дошле роднини на родителите и им соопштиле дека навистина трупот на детето е пронајден на место како што таа го опишала.

Друг случај: дошла една мајка, чиј син починал како војник во една несреќа. Ванѓа ја прашала:

- *Како се вика момчето?*
- *Марко* - одговорила жената.

Ванѓа рекла:

- *Но, тој ми вели дека се вика Марио.*

- *Да.* - потврдила возбудено жената, одвај успевајќи да додаде - *Дома нагалено го викавме Марио.*

Преку Ванѓа мртвото момче ја известило мајка си дека тоа самото си е виновно за смртта. Ја прашал дали му купиле часовник? Мајката низ солзи соопштила дека пред да умре во касарната му го украле часовникот и таа ветила дека ќе му купи нов, но откако разбрала за несреќата, не купила ништо. Синот прашал зошто не ја гледа сестра му дома, а мајката одговорила дека таа завршила со школувањето и живее и работи во друг град.

Третиот случај ќе го презентираме не само заради неговата необичност, туку заради фактот што во него актер е светски позната личност. Се работи за најпознатиот руски (тогаш советски) глумец Вјечеслав Тихонов. Кога во 1979 година Тихонов дошол кај Ванѓа, таа рекла на сестра и:

- *Нека почекаат малку надвор бидејќи треба да добијам сигнал кога да ги примам.*

Во моментот кога Тихонов влегол во вратата Ванѓа му рекла:

- *Зошто не му ја исполни желбата на твојот најдобар пријател Јуриј Гагарин? Кога тој замина на својот последен лет, дојде кај тебе да се испратите и те замоли да му купиш будилник. Те замоли ти да го купиш будилникот и да го чуваш кај тебе на бирото, бидејќи тој нема време да го стори тоа, а ако не се врати да ти биде спомен од него.*

Вјечеслав Тихонов по овие зборови се струполил во несвест. Откако се освестил, му дале валеријан и

потврдил дека случката во целост е така како што му ја опишала Ванѓа. Во збунетоста поради смртта на својот другар Гагарин, тој заборавил на часовникот и навистина не го купил. На крајот Ванѓа додала:

- Но, треба да знаете сите. Јурij Гагарин не умре во несреќата. Тој беше земен и одведен.

Од кого и како - никогаш не објаснила, но факт е дека телото на Гагарин по несреќата до денес не е пронајдено.

Фактот дека ниту дебелата идеолошка завеса, ниту мрачниот комунистичко-атеистичко-материјалистички чадор под кој најдолго се одвиваше феноменот на јасновидоста на Ванѓа, не успеаја да ја прикријат вистината за неа, го прави нејзиниот случај уште пореален и поубедлив. Еве уште неколку нејзини изјави од разни интервјуа, кои фрапантно се поклопуваат со сведоштвата за вонтелесните искуства:

- Што мислите за смртта?

Ванѓа: *Постои само физичка смрт.*

- Дали личноста останува да живее и по смртта?

Ванѓа: *Да.*

- Како го гледате умрениот, како лице, поим или нешто друго?

Ванѓа: *Го гледам целосно и му го слушам гласот.*

- Дали Вашата дарба за видовитост е програмирана од виши сили?

Ванѓа: *Да.*

- Дали го имате видено Христос?

Ванѓа: *Да*. *Но, тој нема фигура. Тоа е еден огромен огнено-светлосен облак во кој не можеш ни да погледнеш од силната светлина. Само светлина.*

Друго ништо не се гледа. Тоа е Бог. Ако некој Ви каже дека го има видено Бог како човек, да не му верувате.

Што се однесува до јасновидците на територијата на Република Македонија, несомнено најголем од нив на сите времиња, јасновидец кој дури може да се рамни и со Ванѓа бил Турчинот Синан Усеин, попознат како Битолскиот *оџа* Десовец или Десоец (по селото Десово од каде потекнувал), роден во 1873, а починал во 1953 година. За жал, Десовецот живеел и дејствувал во многу тешки времиња, па за неговите фрапантни примери на јасновидост не било речиси ништо пишувано. Во мојата книга "*Натрприродни одгласи*" (КПЗ, Штип, 1994) зебележав неколку негови успешни претстажувања, а неговиот лик секако дека треба да биде предмет на понатамошни истражувања.

Што се тоа јасновидци?

Не постои општо прифатена единствена дефиниција за описот на јасновидците, т.е. на способноста што ја поседуваат, па односот (описот) кон нив зависи од неколку субјективни фактори на оние што го артикулираат. Сепак во посериозните светски енциклопедии дефинициите за јасновидоста се слични една на друга, т.е. содржат заеднички елементи.

Во енциклопедијата "Британика", во врска со ова пишува:

Јасновидоста е перцепција која се појавува независно од познатите сензорски процеси... Јасновидоста претставува натприродна свесност за присуство на објекти или настани кои не секогаш им

се познати на другите, како и предзнаења и знаења поврзани со иднината. (БРИТАННИЦА, *Цлаирвоянце*).

Во енциклопедијата “Колумбија” (Шесто издание, 2008 год.), во врска со јасновидоста пишува:

Јасновидоста претставува моќ да се перцепираат објекти и лица кои не се забележливи преку обичните сетила .

Во познатата ЦД енциклопедијата “Енкарта” во врска со јасновидците читаме:

Јасновидец е оној за кого се претпоставува дека има способност да перцепира работи што се недостапни за човековите сетила. (хттп://енцарта. мсн. цом/ дицтионарс 1861597573 / цлаирвоянт.хтмл).

Слично пишува и во Мерием-Вестер Речникот, каде читаме дека јасновидецот е човек кој “...*е способен да гледа вон дометот на обичната перцепција*” (хттп:// њњњ.мерриам-њебстер.цом/дицтионарс/цлаирвоянт

Вакви дефиниции застапуваат и останатите познати светски енциклопедии, составувани од врвни научници во своите области. Практично, повеќе сериозни субјекти го признаваат и прифаќаат нивното постоење (кое, впрочем, е засновано врз илјадниците досега евидентирани случаи), но кај некои од нив постојат разлики во нивното толкување, кои опфаќаат широк дијапазон - од научни обиди истото да биде протолкувано, па се до нивно потценување.

Но, овде треба да истакнене една **многу важна работа - можеби и најважна во сето ова!** Кога зборуваме за јасновидци, ги имаме предвид само оние кои навистина имаат таква докажана способност и дарба. А

таквите се малумина на број (во светот денес можеби ги има само неколку десетици). За разлика од нив постојат илјадници кои за себе тврдат дека се "јасновидци", па "гледаат" во грав, на кафе, на метла, на карти за играње и уште како ли не? Неретко главна цел на овие луѓе е материјалниот интерес. Некои од нив се свесни измамници, а некои и навистина за себе се убедени дека дека се "јасновидци", иако тоа не се, т.е. нема независна потврда за такво нешто (освен доколку некогаш по нешто случајно не "погодат"). Јасно се оградуваме од ваквите луѓе и во оваа книга, секогаш кога пишуваме за јасновидци, ги имаме предвид само оние неколкумина кои докажано имаат таква способност и дарба, од кои, некои и овде спомнуваме.

Како работат вистинските јасновидци? Логично е дека ако сметаме дека постои живот по смртта, тогаш душите на покојните, како интелигентни нематеријални и енергетски суштества, можеби можат да испраќаат сигнали со помош на својата енергија. Јасновидците за себе тврдат дека умеат да ги перцепираат ваквите сигнали и импулси и да ги пренесуваат на луѓето. Затоа некои од јасновидците себеси се нарекуваат и "медиуми" (посредници меѓу материјалниот и духовниот свет).

Од не така одамна во Русија се почнати научни експерименти на ДНК за да се направи обид да се открие дали и кои физиолошки процеси овозможуваат на некои луѓе да "ловат" енергетски импулси од некоја повозвишена реалност. Се прават истражувања и во насока дали секој човек има потенцијална можност, преку активирање на ваквиот механизам во својата ДНК, да може и самиот да прима импулси од духовниот

свет. Се разбира дека сето ова засега се само претпоставки и хипотези, но важно е дека на тоа поле веќе е почнато да се истражува од научен аспект. (Повеќе детаљи во трудот: "*Руските ДНК откритија ги објаснуваат човековите паранормални појави*" од авторот Барбел, чие резиме е објавено на Интернет на: хттп://њњњ.ренсе.цом/ генерал62/еџпл.хтм).

Феноменот на јасновидоста се користел и од врвни политичари. Неодамна е објавено дека дури и Леонид Брежњев (семоќниот лидер на СССР), иако ортодоксен комунист и атеист, своевремено праќал свои емисари кај познатата Баба Ванѓа за да се распрашуваат за неговото здравје и кариера. Слично практикувале и други познати политичари, но и видни луѓе од јавниот живот.

Негирање на јасновидоста

Постојат субјекти кои целосно ја негираат и отфрлуваат јасновидоста. Најгласни во ова се скептиците (претеѓно атеисти). Тие сметаат дека јасновидост не постои, а необјаснивите случаи на "погодување" на настани ги прогласуваат за "случајност". На пример, некој јасновидец ќе каже дека "видел" како во одделна држава ќе се случи авионска несреќа... И потоа - чека и навистина некој ден да се случи таква несреќа, за потоа да каже дека тој тоа го "погодил".

Понатаму скептиците тврдат дека секој човек самиот себе си се убедува дека јасновидецот нешто му "погодил". Според скептиците, јасновидецот обично кажува "општи" работи, кои можат без малку да се вкло-

пат во сечиј живот, а слушателот самиот себе си се убедува дека тоа се однесува токму за него.

Со целата почит кон ваквите ставови, но барем мене ми изгледаат мошне неубедливи. Како прво, постојат илјадници случаи кои се толку специфични што никако не можат да се објаснат и вклопат со толкувањата на скептиците. Веќе го спомнавме случајот со Ванѓа, која точно погодила како родителите нагалено го викале својот покоен син (*Марио*, а не *Марко*). Или на случајот со Вјечеслав Тихонов. Зарем може некој да верува дека тоа се "случајности"? Од каде ги знаела таа ваквите детаљи? Има илјадници вакви случаи, од кои некои ќе надевеме и во продолжение, кои целосно ги побиваат обидите на скептиците да го негираат постоењето на духовниот свет.

Практично скептиците се скептични кон сето она што денешната наука не умее да го објасни. Тие не се скептични единствено кон својот скептицизам. Мое мислење е дека скептицизмот кај овие луѓе во голема мера претставува потсвесен *страв од непознатто*, па затоа тие свесно или потсвесно го отрфлуваат се она што не е во склад со (за нив) *сигурната* материјалистичка реалност.

Впрочем, никој сериозен научник или истражувач не смее да тврди дека се е откриено и познато во природата. Оние појави кои се уште не можеме научно да ги објасниме треба барем да ги евидентираме, за да им го олесниме на идните генерации нивното научно толкување. Голема грешка кај некои современи истражувачи и научници е што се обидуваат ваквите, засега недоволно објаснети појави, да ги толкуваат преку досега познатите научни методи и тези, како резултат

на што звучат неубедливо, по што многумина од нив, прифаќаат помала линија на отпор, отфрлувајќи го дури и постоењето на вакви појави со што се доведуваат во опасност да се најдат во улога на суетни квази-научници. Вистинскиот научник никогаш не бега од реалноста, а ваквите појави се очигледна реалност, која, ако засега не може да се протолкува со досега познатите научни методи и тези, не значи дека не постои и треба барем да се евидентира.

Јасновидците и спиритизмот

Некои субјекти погрешно ги поистоветуваат јасновидците со спиритистите (секако доколку го прифатиме мислењето според кое спиритистите се луѓе кои *повикуваат духови*). Според официјалниот став на повеќето сериозни Цркви, повикувањето духови на умрените (некои го користат и зборот *вознемирување*) е погрешно и истото се смета за *ѓаволска работа*.

Веднаш ќе кажеме дека целосно се согласуваме со осудата на оние кои се занимаваат со *повикување духови*. И навистина повикувањето духови на покојните е нездрава работа, не само од религиозен, туку и од психолошки аспект и истата може да предизвика тешки психо-патолошки дефекти кај оној што тоа го практикува. Оттаму, осудата на Црквите кон ваквата активност не само што има религиозна, туку има и хумана димензија - ги советува луѓето да не талкаат во несигурни сфери во кои можат да добијат сериоизни застранувања со можни психички последици.

Понатаму Црквата (во склад со своите постулати) смета на овие сеанси, организирани од спиритистите, честопати се јавувал *ѓаволот*, а не душите на покојните кои биле повикувани и вознемирувани. Можеби некој атеист ќе каже дека Црквата претерува со ваквите тврдења. Но, потполно ист став со Црквата имаат и јасновидците (мислам на оние чесните и вистинските, добронамерни луѓе, кои без да сакаат, имаат дарба да комуницират со духовниот свет). Веќе наведовме изјава од светски познатата Баба Ванѓа која вели дека нејзе душите на покојните **сами**и се јавувале, што значи дека таа нив **не ги повикувала**.

Уште подециден во објаснувањето на оваа вистина е американскиот јасновидец Стив Херман (за кого во продолжение подетаљно ќе пишуваме). Тој категорично тврди дека не се занимава со повикување духови или со претстажување на иднината, туку само има дарба да прима импулси од духовниот свет. Во преписката и разговорите што ги имав со Херман, тој (сликовито кажано) вели дека никој не може да повикува души на покојни затоа што тие се интелигентни суштества, кои живеат во *повозвишена реалност*, па тие *сами* одлучуваат дали и кому ќе му се прикажат, а кому не. Ако ги прифатиме ваквите толкувања на јасновидците, логично испаѓа дека Црквата и овој пат е во право кога го осудува повикувањето духови. Штом душите на покојните (како интелигентни нематеријални суштества) *сами* одлучуваат кому ќе се појават, тогаш и навистина кој знае кој им се прикажува на спиритистите кои повикуваат духови (ако воопшто тоа е вистина).

Значи, состојбата со јасновидците (медиумите) е сосема поинаква. Тие не се занимаваат со повикување духови, туку (да се изразиме сликовито) *самите души* на покојните ним им се *јавуваат* самоиницијативно откако *сфаќаат* дека овие луѓе имаат способност да ги примаат нивните импулси. Ако и навистина е така, тогаш тоа се две сосема различни работи. Не е исто дали ти ќе повикуваш некого или самиот тој ќе дојде кај тебе.

Впрочем, да се потсетиме дека мнозина од секојдневните луѓе (посебно оние кои се соочиле со загуба на свој близок) тврдат дека, барем еднаш во животот, и самите доживеале чувство на *физичка присутност* на својот близок покоен - небаре сакал на некој начин да им се *јави*. Да претпоставиме дека многу од ваквите случаи се резултат на потсвесната (па и свесна) желба да се биде со најблискиот кој починал, т.е. дека тоа се само обични халуцинации, но што е со случаите за кои можеби постојат и, еден вид, физички докази?

Не можам да тврдам дали такво искуство доживеав и јас, но никогаш нема да заборавам кога на 29. 11. 2006 година околу 05 часот наутро, од ѕидот во собата каде спиевме со сопругата, сама од себе се откачи уметничка слика, насликана од татко ми и тресна на подот од што, јас и сопругата нагло се разбудивме. По околу половина час ни јавија дека татко ми починал во Градската болница во Штип токму околу 05 часот наутро, т.е. приближно во времето кога се откачи сликата... Се разбира дека јас не тврдам (немам докази) дека откачувањето на сликата беше *знак* од негова страна, но алтернатива на ова е само случајноста (демек, сликата *случајно* се откачила сама

од себе приближно во тоа време). Меѓутоа, ако станува збор за случајност тогаш таа би се граничела со многу мала веројатност. Имено, таа слика стоеше закачена на тој ѕид цели три години пред тоа (од нашето вселување во тој стан во ноември 2003), па како можела да се откачи сама од себе токму приближно во мигот на упокојувањето на мојот татко? Колкав е процентот на веројатност ако се знае дека откачувањето на слика (кинењето на канапот со кој е закачена) трае една до две секунди? Колку такви *една до две секунди* беа поминати во претходните три години? И зошто тоа откачување, т.е. тие *една до две секунди,* се случи приближно во исто време со упокојувањето на мојот татко?

Во разговори со луѓе имам забележано и други вакви случувања. Ако претпоставиме дека и навистина овие луѓе биле сведоци на обид на душите на покојните блиски, преку физички контакт да остварат комуникација со нив, дали тоа значи дека сите овие луѓе (обични наши сограѓани кои, без да сакаат, доживеале вакви необјасниви искуства) се *грешни*, само затоа што сметаат дека ним *сами* им се јавиле душите на нивните блиски покојни? Секако дека не. Иста е состојбата и со јасновидците кои тврдат дека душите на покојните *сами* им се јавуваат.

Во крајна линија, вистинските и докажани јасновидци (медиуми) се жива потврда на она што го тврдат религиите, а тоа е дека постои бесконечен живот по смртта, дека постои Бог и дека постојат две судбини на душата по смртта - добра и лоша (христијански кажано: рај и пекол) во зависност кој како живеел на земниот свет.

Соработката на јасновидците со полицијата

Веќе спомнавме случај со Ванѓа која помогнала на родители (со помош на тогашната милиција) да го најдат трупот на своето загинато дете од поплавата во Скопје. Вистинските и докажани јасновидци одамна соработуваат со полицијата посебно во западните високо развени земји. До не така одамна за оваа вистина полицијата само понекогаш срамежливо даваше информации, кои беа пренесувани од медиумите во тие земји. Меѓутоа од првите години на 21 век, веќе беа евидентитрани толкав број случаи во кои јасновидци помогнаа на полициите во своите земји во расветлувањето на сериозни злосторства, што едноставно таа вистина повеќе не можеше да се прикрива од јавноста. Така дојде до снимање на ТВ серијата "*Духовни иследници"* (*Псцихиц Инвестигаторс*) во британско-канадска копродукција, во која, за прв пат во толкав обем, официјални лица од полицијата, инспектори, детективи и истражни судии, пред камерите сведочеа дека за решавање на својот случај (најчесто убиство), откако не можеле да дојдат до никакви клучни траги во истрагата, се консултирале со некој познат јасновидец, кој им давал информации за убиецот, преку кои, подоцна случајот бил решаван. Оваа документарна ТВ серија предизвика огромен интерес на Запад и истата беше неколку пати репризирана или превземана од неколку светски ТВ станици за емитување (меѓу кои и познатата *Дисцовеpс*). Најголем дел од ваквите случаи беа евидентирани во САД, што на сето ова му дава уште поголема тежина. Практично најмоќната полиција во светот ФБИ пред целата светска јавност призна

дека соработува со јасновидци и таа соработка во детаљи е опишана. Во серијата секоја епизода е посветена на по еден случај, кој е темелно евидентирсн со соодветна документација, фотографии и изјави од директните учесници. Посебен впечаток оставаат признанијата на инспекторите, кои велат дека отпрвин биле скептични, а потоа вчудоивидени од детаљите за убиството што им биле кажани од јасновидците, како и од детаљите околу убиецот, неговите помагачи, па дури и начинот на кој ќе биде пронајден, што во најголема мера се исполнувало.

Да бидам искрен, токму додека ја гледав оваа серија преку кабелската ТВ (зимата 2008) и ми дојде идејата за истражувањето опишано во оваа книга. Патем, на Запад, во моментов на пишувањето на ова што сега го читате, серијата "*Духовни иследениции*" се уште се емитува...

Пред да продолжиме понатаму, ќе дадеме краток опис на неколку епизоди од оваа светски позната ТВ серија со надеж дека еден ден ќе биде превземена и прикажана и од некоја македонска ТВ куќа. Дел од содржините на овие емисии се предадени и на Интернет(хттп://њњњ.биографхs.цом/псзцхиц_инвестигатор/пи_еписоде_гуиде.јсп?еписоде=167059).

Случајот со убиството на Дерил Козарт

На 1 март 1997 Дерил Козарт (Дарзл Цозарт) од малиот град Шарпсвил (Схарпсвилле) во Пенсилванија, излегол надвор по завршувањето на работата

во сабота навечер, но не се вратил дома кај својата сопруга Џенет и двете мали деца. Таа знаела дека нешто не е во ред. Пред камерите Џенет раскажува:

- Тој ми рече дека ќе оди во бар со двајца пријатели што беше многу несекојдневно од негова страна. Тој обично не излегуваше со пријатели и беше семеен човек.

Во неделата, откако Дерил се уште не се вратил дома, Џенет се јавила во полиција за да го пријави неговото исчезнување.

Инспекторот Џери Смит (Jepps Смитх) од полициската станица во Шерон (чија изјава исто така е емитувана) и рекол дека требало да поминат 48 часа и дека мажот и веројатно ќе си дојде дома. Џенет објаснува дека полицаецот ја убедувал дека можеби мажот и се напил некое шише повеќе, а таа му рекла дека нејзиниот маж не е таков.

Во понеделникот Џенет и мајка и почнале да лепат флаери низ градот за исчезнувањето на Дерил. Истовремено објавиле информација и во локалниот весник. Потоа мајката на Џенет го однела весникот на јасновитката Мери Елен Родригез (Maps Еллен Родригуес).

Во емисијата Мери Елен раскажува:

- Таа ми го даде весникот и кога го допрев, како да ја почувствував неговата енергија. И наеднаш го видов Дерил како стои веднаш до неа. Од едната страна стоеше таа, а од другата Дерил и јас гледав два света како се испреплетуваат во исто време. Тој сакаше да биде пронајден...

Мери Елен со жалење им соопштила дека Дерил е мртов. Таа им рекла дека тој бил убиен и дека самиот

и го опишал своето убиство. Потресените жени и предложиле средба со инспекторот Смит, а Мери Елен и пред него го повторила истото. Таа рекла дека Дерил е убиен со пиштол и дека неговото тело ќе биде најдено во едно мочуриште.

Следните денови духот на Дерил секој ден и се појавувал на Мери Елен, *кажувајќи* и каде се наоѓа неговото тело. Постојано како да и го повторувал зборот "фикл" (на англиски фицкле - непостојан). Мери Елен пред камерите возбудено го повторува она што духот на Дерил и го кажал:

- *Тоа е фикл, тоа е фикл!*

Никој не знаел како да го објасни овој збор. Случајот завршил кога било најдено возилото на Дерил со крв во него. Потоа некој возач на камион известил дека видел труп недалеку од патот. Тоа бил трупот на Дерил и тоа токму во некое мочуриште како што го опишала Мери Елен. И навистина бил убиен со пиштол... Натамошната истрага на полицијата довела до неговиот убиец. Тоа бил љубоморниот сопруг на некоја колешка на Дерил, кој се сомневал во нивна љубовна врска... Најголемото изненадување стигнало кога се дознало презимето на убиецот. Тоа било - Фикл!

Случајот со убиството на Марк Грин

Еден од најневеројатните настани за учество на јасновидец во решавање на случај на нерешено убиство е случајот со убиството на Марк Грин од Велика Британија. Овој случај предизвика огромен

интерес во медиумите во повеќе држави во светот... Но, да видиме за што станува збор.

Во втората половина на јануари 2002 година, полицијата во Бирмингем, добила пријава за исчезнувањето на ученикот Марк Грин (Марк Греен). Полицијата не била сигурна дали тој самиот заминал, па го завела неговиот случај како случај на "исчезнато лице".

По неколку дена се случило вистинско чудо. Неговата тетка Мајрин отишла кај познатата британска јасновитката Дијана Лазарус (Диане Лазарус) за да ја замоли ако може да оствари контакт со нејзината покојна ќерка. Наеднаш, во текот на сеансата, Дијана Лазарус и кажала на Мајрин дека од духовниот свет се појавило некое момче кое сакало да комуницира со неа.

- *Ова момче се вика Марк*. - и рекла Дијана.

Мајрин зачудено одговорила:

- *Тоа е мојот внук од сестра, но тој не е мртов. Само е исчезнат*.

Мајрин била толку категорична што Дијана почнала да и го опишува момчето што се појавило:

- *Има кафеава коса.. И прекрасна насмевка... Вели дека ја сака уметноста... Ми го покажува патот до училиштето... Значи оди на училиште... Ми покажува дека носи чанта и дека секогаш брза...*

- *Да, тоа е мојот внук Марк...Тој е ученик, но тој не е мртов.* - продолжила вчудовидено да реагира тетката Мајрин.

Дијана со жалење констатирала:

- *Тој дефинитвно е поминат во духовниот свет...*

Мајрин за малку ќе се онесвестела. Описот на Дијана бил толку убедлив што не и останало ништо друго освен да поверува. Била шокирана, но побарала уште информации:

Дијана продолжила:

- Марк ми вели дека не е исчезнат и дека не побегнал од своите родители. Многу е вознемирен. Ми вели дека бил убиен... Вели дека отишол во еден ноќен клуб и откако излегол оттаму бил нападнат. Вели дека напаѓачот носел ракавици и дека бил силно удрен од позади во главата... Вели дека е погребан... Вели дека една госпоѓа ќе помогне да се реши случајот. Таа госпоѓа ќе има кратка коса и убави очи. Исто така спомнуваа дека ќе има појавување на телевизија, а веднаш потоа убиството ќе биде решено.

Мајрин била толку возбудена што не знаела што да прави. Откако малку се совзела, ја зела лентата со снимената сеанса и утредента ја пратила во полиција. Лентата била примена од детективката Дејли, која за ТВ емисијата изјавува дека откако ја слушнала снимката, емоциите и се измешале. Таа признава дека Дијана посочила на детаљи од облеката на Марк, кои претходно никако не можела да ги дознае. Посебно била изненадена кога го слушала тврдењето на Дијана дека случајот ќе го води инспекторка со кратка коса и убави очи, каква што била токму Дејли.

Тогаш детективката Дејли контактирала со јасновитката Дијана.

Во врска со ова, Дијана пред камерите вели:

- Добив телефонски повик од Вест-мидленската полиција од инспекторката Дејли која

ме праша од каде знам за убиството на Марк и од каде знам толку детаљи? Почнав да се тресам затоа што се почувствував како да ме испрашуваат... Почнав да и објаснувам, колку што можам најдобро, дека јас не сум вмешана и дека овие информации ми ги даде самиот Марк од духовниот свет.

Потоа детективката ја поканила Дијана во Бирмингем на средба. Во ТВ емисијата таа вели дека тоа за неа била прва средба со јасновидец и дека Дијана и дала многу детаљи за убиството на Марк, кои таа едноставно не можела да ги игнорира. Детективката ја одвела јасновитката на улицата каде што Марк за последен пат бил виден жив. Сакала да се увери дали има вистина во приказната за убиството...

Така тргнале по улиците на Бирмингем, а Дијана рекла дека го гледа Марк пред себе како ја повикува да оди по истите места по кои тој одел. Стигнале до улица на која имало поставено камера, која и навистина на кратко го снимила Марк додека таму минувал. (Снимката и изјавите од Дијана и инспекторката се прикажани во ТВ емисијата). Дијана била убедена дека Марк ја водел по истите места низ кои минувал ноќта кога бил убиен. Продолжиле да одат, свртувајќи ту лево ту десно... Детективката вели дека решила да ја следи Дијана и да види што ќе се случува.

Дијана рекла дека Марк таа вечер не бил сам.

- *Има уште некој со него и овој човек сигурно не му е пријателски настроен... Го гледам Марк како гледа во излогот на една продавница. Како да сака јас да гледам преку неговите очи... Како да ми вели: "Го гледаш ли тоа што и јас го гледам?"*

По неколку часа одење дошле во дел од Бирмингем, каде Дијана рекла дека стигнале на вистинското место.

Таму Марк почнал да открива во детаљи за сето она што се случило таа ноќ. Дијана раскажува:

- *Тој бил турнат, а потоа удиран по главата од позади.Го прашав: "Каде си сега Марк?", а тој ми одговори: "Овде нема да ме најдеш. Овде нема да ме најдеш... Далеку сум однесен..."*

Меѓутоа, полицијата немала никакви информации ни траги дека Марк престојувал во тој дел на Бирмингем. Тој таму немал ниту свои пријатели.

Сепак детективката го пренасочила случајот со Марк од "случај на исчезната личност", во "случај на убиство".

Така почнала интензивна полициска истрага низ Бирмингем. Но, безуспешно. И покрај сите напори од Марк немало ни трага.

Пред ТВ камерите Дијана вели:

- *Марк ми кажа дека ќе има емисија на ТВ, а по таа емисија случајот со неговото убиство ќе биде решен.*

Така и се случило. Во мај 2002 детективката Дејли била повикана на ТВ да зборува во емисија во живо. Имајќи го предвид тоа што и го кажала Дијана, таа се согласила да учествува. Емисијата одела во живо на ББЦ.

Настапот на Дејли го гледале милиони луѓе, меѓу кои и братот на убиецот на Марк по име Џејмс Мек Мен. Тој се шокирал кога ги слушнал информациите што таму биле изнесени. Уплашен дека полицијата им е на трагот, решил сам да се пријави.

Во полицијата рекол дека неговиот брат Роберт е убиецот на Марк, а дека тој му помогнал да го сокријат трупот на убиеното момче.

Така се случило се како што предвидела Дијана. По телевизиската емисија бил откриен убиецот на Марк, по име Роберт Мек Мен. Тој бил неонацист, кој и пред тоа бил евидентиран заради насилно однесување. Полицијата го упасила и обвинила за убиство на Марк Грин. Било утврдено дека Роберт го убил Марк на 17 јануари 2002 во својот стан што се наоѓал токму на местото на кое Дијана претходно ја одвела детективката. По убиството, Роберт го однел трупот на Марк кај својот брат Џејмс, кој живеел 15 милји подалеку. Таму го закопале во бавчата на братот.

На 7 јули 2003 година екипа форензичари извршила копање во бавчата на Роберт и таму биле откриени остатоци од машки труп. По направената анализа било утврдено дека тоа е токму трупот на Марк Грин.

На судењето било утврдено дека Марк бил убиен затоа што бил хомосексуеалец. Убиецот бил осуден на доживотен затвор, а неговиот брат добил три години.

Овој случај предизвика вистинска сензација во светските медиумии и за истиот постои целосна документација.

Дијана тврди дека покојниот Марк и ги кажал информациите за своето убиство. Во емисијата таа вели:

- Јас не знаев ништо до пред тоа за Марк Грин, се до тој ден. Прв пат го видов Марк за време на гледањето на неговата тетка.

Таа додава дека до денес неговиот дух и се прикажува и е една од нејзините најдоверливи врски со духовниот свет.

Случајот со убиството на Алексис Барк

Да ја спомнеме и емисијата посветна на случајот со убиството на Алексис Барк (Алеџис Бурке) од Лејк Освего (Лаке Осњаго) во државата Орегон. На 31 март 1996 година, полицијата добила повик од 28 годишниот Џон Барк (Јохн Бурке), чија жена Алексис (21 година) ја немало веќе три дена. Тој рекол дека, по една вечерна расправија со него, таа заминала со нивниот автомобил. Детективнот Роберт Ли (Роберт Лее), кој бил назначен на случајот, во емисијата вели дека отпрвин не бил сигурен како да го класификува овој случај: дали како "исчезнување" или како "убиство". Меѓутоа се посомневал во изјавата на Џон затоа што тие имале мало дете со даунов синдром. Детективот помислил дека не е вообичаено мајка да го напушти своето болно дете. Освен тоа Алексис (која била многу убава жена) никогаш не го напуштала пред тоа своето дете повеќе од неколку часови и тоа само кога имало исклучителна потреба да излезе некаде. Заради тоа бил извршен темелен претрес на нивниот стан, а Џон бил испрашан. Меѓутоа немало никакви докази потив него, па затоа се фокусирале на барање на нивниот автомобил. По еден месец од исчезну-

вањето, мајката на Алексис разговарала со локалната јасновитка Лори Мек Квери (Лаурие МцЉауps).

Во емисијата Лори изјавува:

Првиот воечаток што го добив во разговорот по телефон, дури и без да видам слика, туку само откако го слушнав името на Алексис, знаев дека таа е мртва. Имало ужасна борба.... Го видов убиецот... Тој веќе ја закопал.

Потоа Лори и рекла да донесе фотографија од Алексис и да го каже датумот на нејзиното раѓање. За време на сеансата Лори и ја кажала својата визија на мајката на Алексис, според која Џон ја задавил Алексис. Јасновитката рекла дека и други луѓе знаат за тоа, но не зборуваат. Спомнала и дека има нешто поврзано со вода и со некој голем стар автомобил, како и дека е вмешан помладиот брат на Џон, по име Кели (Келлs). Потоа, на инсистирање на мајката, јасновитката ова го повторила и пред детективот Ли (чии изјави исто така се пренесени во емисијата). Под влијание на она што го сушнал, тој превзел истрага следејќи ги упатствата од Лори. По цела година, Кели признал дека брат му ја убил Алексис. По успешното решавање на случајот детективот Ли и јансовитката Лори се вљубиле еден во друг и денес живеат во среќен брак.

Серискиот убиец од Гонзалес

Април 1997 година. Во малото гратче Гонзалес во американската држава Луџзијана инспекторот на локалната полиција Бил Лендри (Бил Ландрs) добил пријава на убиство во гратчето Гонзалсес. Жртва била

71 годишната вдовица Лилиен Фели, која била убиена во својот дом. Бил Лендри веднаш се упатил на местото на злосторот, каде ја видел жртвата на подот до својот кревет. Повеќе пати била избодена со нож во пределот на вратот и главата. Истражниот судија Алфредо Суарез пред ТВ камерите вели дека бил вчудовиден од бруталноста на убиството. По ова завладеал масовен страв во Гонзалес. Недолго потоа се дознало за уште две убиства кои се случиле во претходните шест месеци во поширокаta околина. Првото било на извесен Виктор Роси, кој бил убиен со безбол палка, а втората жртва Барбара Бушуа била избодена со нож. Полицијата бргу ги поврзала трите убиства. Сите жртви биле осамени постари луѓе и биле убиени во своите домови. Била спроведена интензивна истрага, но без успех. Еден ден инспекторот Лендри добил телефонски повик што ќе го промени курсот на истрагата. На другата страна на линијата била извесна Марша, која рекла дека живее во Хонолулу на Хаваите. Таа била внука на Лилиен Фели и му предложила на инспекторот да се поврзи со нејзината пријателка Роуз Коп (Росе Копп), која била јасновидец. Фрустриран заради тоа што истрагата не напредува инспекторот бил подготвен да превземе се, вклучително и контакт со јасновидец. Откако воспоставиле контакт Роуз (која и самата живеела на Хаваите) му рекла дека ќе се обиде да открие барем некои детаљи во врска со убиствата. Таа побарала да и биде испратена фотографија од жртвата и неколку нејзини предмети. Но пред да ги добие, се случило ново, овојпат двојно, убиство во истата околина. Жртви биле постариот брачен пар Сем и Луела Аркури, кои биле убиени во

својот дом. По пет дена пак имало убиство. Овојпат во својот двор била убиена 55-годишната Џоан Брок. Веќе немало сомнение дека се работи за сериски убиец. Полицијата се нашла во ќорсокак. Немало никаква трага од убиецот (ниту ДНК, ниту отпечатоци од прстите). За тоа време во Хонолулу јасновитката Роуз паднала во своевиден транс. Таа тврди дека со својот "дух" отпатувала директно на местото на злосторот каде била убиена првата жртва Лилиен. Таа опишала некои предмети од внатрешноста на куќата, меѓу кои и стол оставен врз надворешниот отвор за вентилација преку кој убиецот се качил на кровот на куќата од каде потоа се симнал преку степениците на таванот во собата... Потоа нејзината визија престанала. Инспекторот бил шокиран кога слушнал за столот, за што таа немала никаква шанса да дознае однапред.

Јасновитката Роуз Коп пред камерите вели:

- Убиецот бил како змија, како анаконда, како што змиите се доближуваат, тој наеднаш се втурнал кон жртвата. Почнал да ја боде во вратот и во грлото... Имало многу крв наоколу... Таа се обидела да го отфрли од себе, но без успех. Тој бил многу посилен. Таа не можела да го отрфли... Видов многу крв на перницата и на креветот.

Практично Роуз опишала детаљи од убиството кои биле познати само на полицијата. Во истрагата, во која се вклучила и ФБИ, било несомнено потврдено дека најмалку три од убиствата биле извршени од ист убиец. Потоа инспекторот Лендри (кој исто така сведочи во емисијата) пак се јавил на Роуз. По нејзината втора визија, таа (откако повторно имала видение за куќата на првата жртва) раскажува:

- Погледнав зад моето десно рамо и видов паркиран автомобил. Погледнав внатре во автомобилот и видов на подот ливчиња за коцкање, тикети за обложување и такви работи...

Ова целосно се вклопило со вистината. Полицијата од претходно се сомневала дека мотивот за ова убиство е грабеж. Впрочем и кај другите убиства фалеле пари на жртвите, па полицијата претпоставувала дека убиецот барал пари за коцкање...

Роуз рекла дека имала визија за девојката на убиецот:

- Ја видов како работи во објект во кој се послужува храна. Ми беше јасно дека е келнерка и се обидов да го видам нејзиното напишано име. Не бев сигурна дали се вика Бренди или Синди или Кенди... Се обидов да дознаам каде се наоѓа ресторанот во кој таа работеше... Затоа "погледнав" низ прозорецот и видов една многу голема зграда... И почувствував крв... Наеднаш пред мене се појави отсечена глава од крава и тоа толку ме потресе што веднаш се вратив во своето тело.

Но ваквата, на прв поглед, бизарна визија на инспекторот Лендри му оставила силен впечаток. Пред камерата тој вели:

- Уште кога слушнав што кажа, знаев точно на што се однесува. Во нашава околина имаше кланица за крави.

Најчудно било тоа што таа кланица од пред неколку години била урната.

Роуз повторно добила визија, по што му се јавила на инспекторот. Пред камерите таа вели:

- Видов рака на стара жена која напиша "речен стаорец" (Ривер рат)...

Но, ниту ваквото чудно тврдење не го изненадило инспекторот. Тој веднаш ги препознал зборовите, кои се користеле во нивниот крај за луѓето кои живееле осамени крај речниот брег на Мисисипи. Тоа биле дојденци кои таму се населиле и од локалното население биле нарекувани "речни стаорци". Но, инспекторот се уште не знаел како да го поврзи овој израз со убиствата.

Тогаш се случил уште еден напад. Маж и жена во околината биле застрелани со пиштол во својот дом. За среќа обајцата преживеале. Подоцна на инспекторот му дале опис на убиецот од кој тој останал вчудовиден.

Старата жена (бидејќи од куршумот што го добила не можела да зборува) побарала лист и пенкало за да даде опис на убиецот. Кога и донеле, таа прво напишала "Речен стаорец" (Ривер рат), а потоа дала и други детаљи за напаѓачот.

Врз основа на описот бил составен фото-робот што бил објавен во јавноста. По само пет дена во полицијата било пријавено дека човек кој личел на фото-роботот бил виден во блиското казино како троши големи суми. Тоа бил Даниел Бленк жител на Гонзалес. Живеел осамен крај реката. Полицијата почнала да го следи и било утврдено дека и навистина потрошил големи суми, а бил вработен како механичар. Заради тоа бил уапсен, а по 12 часовно испрашување, ги признал сите шест убиства. Била најдена и неговата девојка по име Синди, која работела како келнерка во мала кафетерија. Во таа кафетерија имало апарат за

коцкање, каде што често се коцкал Даниел. Всушност, Роуз го почувствувала неговото присуство во кафетеријата при што ја *видела* и неговата девојка... Дури и името приближно и го погодила. Интересно е и тоа што кафетеријата се наоѓала токму наспроти поранешната кланица за крави. Синди не знаела за убиствата и ветила дека ќе соработува со полицијата. Во своето признание Бленк во детаљи го раскажал и бруталното убиство на Лилиен. Тој и навистина се качил со помош на стол, а потоа со кујнски нож ја избодел до смрт несреќната старица. На 2 септември 1999 (околу две години по убиствата) Бленк бил осуден на смрт.

Сите предвидувања на Роуз се остварile, иако за цело време била оддалечена над 6.000 км. Воедно во целост се поклопиле и детаљите што таа ги опишала (столот што го употребил убиецот, работниот ангажман и името на неговата девојка, местото каде таа работела, страста за коцкање на убиецот... како и неговото живеалиште крај реката.

Убиството на Пени Сера

Јули, 1973 година. Среде бел ден младата 21 годишна девојка по име Пени Сера (Пеннеѕ Серрa), брутално била убиена во градското паркиралиште на градот Њу Хевн во американската држава Конектикат. Тој ден таа имала слободен ден од работата и отишла да купува намештај. Притоа го паркирала својот автомобил на најгорниот кат од градското паркиралиште. Пред да влезе назад во автомобилот,

била нападната. Во борбата напаѓачот си ја пресекол раката. Сепак успеал да ја прободе со нож во срцето при што таа на место починала. Неколку сведоци го виделе убиецот како бега, а форензичарите подоцна откриле траги вклучително и крв и отпечатоци од прстите. Но, тоа не било доволно за да се открие неговиот идентитет.

За случајот бил ангажиран детективот Џорџ Мазакејн (Георге Маззацане), кој во мигот на снимањето на емисијата, веќе заминал во пензија. Во врска со убиството, пред ТВ камерите, тој вели:

- *Имавме петмина сведоци на настанот, имавме крвна група на убиецот, имавме и отпечатоци од прстите, имавме се освен неговото име и адреса*...

Полицијата дури осомничила еден човек. Тоа било момчето со кое Пени излегувала. Недолго по убиството бил доведен на сослушување. Дури бил и препознаен од некои од сведоците. Меѓутоа, тој имал несоборливо алиби. Дванаесет сведоци потврдиле дека во време на убиството тој бил во еден ресторан.

Истрагата почнала да тапка в место. Тогашната техника не овозможувала да се открие убиецот преку ДНК анализа. Тогаш детективот Мазакејн се обратил на јасновитката Мери Дауни Паскарела (Maps Доњnes Пасцарелла) со молба ако може да помогне во решавање на случајот. Без да знае никакви детаљи, Мери му рекла:

- *Крвта ќе проговори.*

Потоа почнала да зборува за интензивна сина боја, за мирис на гаража каде се поправаат автомобили и за вода. Кога го посетила местото на

убиството, Мери добила визија за униформа на која било напшано име кое почнувало на буквата “Е”. Таа рекла дека *видела* нечии извалкани раце како ставаат извалкано парче ткаенина врз отворена повреда на глава.

По 26 години (во 1999 год.), откако технологијата значително напреднала, во отпосле создадената архива на отпечатоци на прсти, како убиец на Пени Сера бил идентификуван извесен Едвард Р. Грант. Врз основа на крвната анализа што му била направена и споредена со примерокот на крв зачуван од времето на убиството, несомнено било потврдено дека токму тој е убиецот.

На тој начин, визијата на Мери се остварила дека “*крвта ќе проговори*”. Понатаму, се откpило дека на денот на убиството Едвард добил повреда на главата при што се обидел да ја залечи раната со извалкана ткаенина. Инаку, тој живеел во градот Вотербури (Њатербурѕ - њатер= вода) и работел во гаража. Катот од паркиралиштето каде било извршено убиството бил целиот обоен со сина боја.

*

Другите емисии од оваа серија исто така нудат фрапантни и неверојатни сведоштва за соработката на полицијата со јасновидците од кои се гледа дека јасновидците се добронамерни луѓе, кои практично помагаат на други луѓе. Пак повторувам дека ги имам предвид оние вистински јасновидци, кои се сосема малку на број, а не сите оние кои себеси така се претставуваат и чиј број е далеку поголем од бројот на оние вистинските.

Да го кажеме и тоа дека сето ова не значи оти сите јасновидци секогаш се успешни во откривањето на неразјаснети убиства или друг вид предвидувања. Напротив, забележани се случаи дури и кај најпознатите јасновидци кога имало и неточни презентирања на информации и промашување во предвидувањата. Бројни се случаите и со *делумнии* погодувања, т.е. дел од кажаното одговарало на вистината која подоцна била утврдувана, а дел не. Сепак овие факти не можат да го побијат или намалат впечатокот од случаите во кои тие и навистина многу работи погодувале благодарение на контактите со *духовниот свет*.

КОНТАКТ СО ПОЗНАТ АМЕРИКАНСКИ ЈАСНОВИДЕЦ

Како резултат на сето досега изнесено, кај мене се јави желбата да се обидам да стапам во контакт со некој познат американски јасновидец, не за да ми "гледа" мене, туку (како што веќе спомнав) да се направи обид (доколку е тоа можно) да се стапи во контакт со душата на најголемиот македонски цар на сите времиња - Александар Трети Велики Македонски. Едноставно (во склад со она што досега го презентиравме), во мигот кога Александар починал, исто како и кај сите луѓе, неговата душа се одделила од телото и преминала во духовниот свет. Ако пак некој забележи дека оттогаш поминале над 2.300 години, ќе потсетам на сведоштвата од испитаниците кои доживеале клиничка смрт (а кои се спомнати и во Библијата (ЗА

ГОСПОД ЕДЕН ДЕН Е КАКО ИЛЈАДА ГОДИНИ, А ИЛЈАДА ГОДИНИ СЕ КАКО ЕДЕН ДЕН), според кои времето во таа духовна реалност не постои такво какво што овде го перцепираме. Понатаму, ако сите светски религии, заедно со податоците од најновите научни истражувања, сведочат дека душата на покојниот (неговиот идентитет, т.е. неговата свест) како енергетско тело е бесмртна, тогаш временската разлика од физичката смрт на Александар до нашево време, станува ирелевантна.

Меѓутоа, сепак, ова за мене беше едно ново и сосема непознато искуство, па не знаев од каде да почнам. Затоа се обратив на "сезнајниот" интернет. Во гоогле ги внесов зборовите: *список, јасновидци, САД* и набргу ми се појавија бројни веб-страници со имиња на луѓе кои за себе тврдат дека се јасновидци од САД. Но, од каде да знам како да го одберам оној вистинскиот? Оној што не е измамник и што веќе се има докажано? Продолжив да барам при што наидов на веб-страната на истражувачот Боб Олсон. Тој денес се смета за еден од најдобрите познавачи на јасновидците во САД. Порано и самиот бил скептик, но откако наишол на некој добар јасновидец, се фрапирал од тоа што му било кажано и оттогаш се занимава со проучување на овој феномен. Конкретно тој ги посетува американските јасновидци, а потоа ги оценува и рангира - кој од нив и навистина му оставил силен впечаток.

Врз основа на овие свои сознанија Олсон има направено листа со подобрите американски јасновидци што самиот ги посетил.

Воедно со мојата идеја ја запознав и нашата семејна пријателка проф. Марија Кукубајска (македонски

и американски државјанин), која заедно со својот американски пријател Мајкл Брекстон (инаку поранешен американски дипломат и голем пријател на Македонија) ме канеа во летото 2008 да одам кај нив на гости во Арлингтон (близу главниот град на САД, Вашингтон).

Од списокот на Олсон пишав писма на неколку познати јасновидци со прашање дали ќе може да се сретнам со нив преку летото и дали на закажаната сеанса има можност некако да се појави ликот на одредена историска личност (без да спомнам конкретно за кого се работи). Резултатот на овој мој обид беше речиси поразителен. Некои од нив ме известија дека не можат да контактираат со историски личности; некои ме известија дека распоредот за средби со месеци однапред им е зафатен, а некои не ми ни одговорија. Имаше и такви кои ми одговорија, но по моите дополнителни проверки (гледање на нивни видео клипови преку интернет) и во консултација со мои блиски, се посомневав во нивната вистинска способност, па ја прекинував комуникацијата.

Единствено најдобар впечаток ми остави и се концентрирав кон јасновидецот по име **Стив Херман** (Стеве Херманн).

Кој е Стив Херман? Тој е познат американски јасновидец на околу 45 годишна возраст. Г-дин Херман е член на Меѓународната духовна федерација и директор на Храмот за духовно лекување во Гринфилд, Масачусец. Освен во разни делови на САД, досега својата моќ ја има прикажувано и во: Австрија, Велика Британија, Исланд, Индија и Нов Зеланд.

Гореспомнатиов Боб Олсон, за кого рековме дека е еден од попознатите американски истражувачи на феноменот на јасновидците, на својата веб-страница, во врска со Стив Херман пишува:

Велечасниот Стив Херман е меѓународно познат и признат медиум со неверојатен талент. Преку неговото исклучително детаљно и прецизно гледање, Стив е во состојба да понуди доказ од прва рака дека постои живот по смртта, преку специфични пораки кои содржат имиња, датуми и места кои се познати само на личноста на која тој "чита". Прикажувајќи ја преку радио и ТВ ширум светот, неверојатната моќ за "читање" на Стив е документирана и од Асошиејтед Прес и други медиуми. (хттп://њњњ.бестпсцхицдирецторс.цом/массацхусеттс/Реверенд-Степхен-Херманн-л222.хтмл).

Стив Херман има настапувано во повеќе радио и ТВ емисии, а има давано и интервјуа по весници, не само во САД, туку и во: Велика Британија, Исланд, Нов Зеланд (каде има настапувано и на националната ТВ мрежа) и други. Стотици луѓе доаѓале кај него, меѓу кои и познати рок-ѕвезди, а видовме дека за неговите способности има известувано и светски познатата Асошиејтед Прес.

Стив Херман снимен со легендарната рок ѕвезда Дејв Дејвис (основач на славните "Кинкс")

Во врска со својата дејност, самиот Стив Херман на својата веб-страница пишува:

Како медиум јас сум способен ментално да видам, слушнам и почувствувам личности од духовната димензија и да ги пренесам пораките од нив на луѓето во физичкиот свет. Иако ја користам мојата ментална способност да примам информации од духовниот свет, ***јас не сум "гледарец" или "претскажувач на иднината"****... Јас не повикувам духови, туку само можам да посредувам помеѓу спиритуалните луѓе и вас, во текот на целата сеанса. (*хттп://стевехерманнмедиум.цом).

Значи овде тој самиот децидно се дистанцира од оние кои се занимаваат со нездравата дејност на

“*повикување духови*” и притоа објаснува дека дали и кои духови ќе се појават, не зависи од него, туку од *нив*, т.е. од *вишите сили*.

Ваквите негови објаснувања целосно ги задоволија моите критериуми, но останаа уште многу прашања без одговор. Дали Стив Херман ќе сака да стапи во контакт со (за него) сосема непозната личност од далечна и мала европска земја? Дали ќе има желба и време за средба со мене? И дали јас воопшто ќе успеам да појдам за САД? Дали ќе ми дадат виза? Дали ќе најдам навреме авионска карта?... Сите овие крупни прашања, кои се уште немаа одговор, беа испречени пред мене како една огромна планина која требаше да се премине... Но, дури и да ги решев сите нив - што потоа? Што ќе се случи таму? Дали ќе испадне нешто од она на што се надевав?

За почеток работите некако како да почнаа сами по себе да се средуваат. Му пишав на Стив Херман и се изненадив од неговиот брз и пријателски конотиран одговор... Подоцна дознав дека тој емотивно бил врзан со Балканот поради својата голема љубов од соседна Бугарија со која требало да се ожени... Понекогаш емоциите и навистина предничат пред останатиот интерес. Во мигот кога добил порака од Балканот, претпоставувам дека се сетил на својата балканска љубов, па затоа некако мене ми даде “предност” во комуникацијата. Во продолжение во целост ја пренесувам преписката помеѓу мене и овој познат американски јасновидец.

На 20.04.2008 му го испратив следново писмо:

Драг г-дине Херман,

Ви го пишувам ова писмо од европската држава Република Македонија. За Вас најдов информации на Интернет на *хттп://њњњ.тхеисф.цом/*.

Таму прочитав дека можам да Ви поставам прашања во врска со духовниот свет.

Ме интересира дали можете да ми доставите информации во врска со медиуми кои можат да остварат контакт со историски личности?

Ова лето можеби ќе престојувам во САД, така што ќе Ви бидам благодарен ако ми испратите вакви информации (контакти, веб-страници и сл.). Се разбира дека сум заинтересиран исклучиво за сериозни медиуми, а поради тоа што ќе бидам сместен на Источниот брег, заинтересиран сум за луѓе кои таму живеат.

Поздрав,
Александар Донски
“Коле Неделковски” 23
2000 Штип
Република Македонија
тел. ++ 389 32 393 175
адонскиЖмт.нет.мк

Истиот ден (20.04.2008) го добив следниот одговор (во кој, во типичен американски стил, бев именуван со моето име, па така и ја продолживме комуникацијата):

Здраво Александар,

Благодарам за твоето јавување. Има неколку многу добро квалификувани медиуми во САД. Јас сум сместен на Источниот брег на САД, па тогаш кога ќе дојдеш, те молам слободно контактирај ме, па ќе

ти дадам контакти со луѓе кои живеат во реоните што ќе ги посетиш.

Секој медиум што тврди дека може да контактира со историски личности, или ќе ти "гледа" телефонски или ќе те излаже! Историските личности и навистина понекогаш се јавуваат, но многу е важно кога станува збор за духовна комуникација, да се биде крајно внимателен и скептичен кон таквите тврдења. Секогаш проверувај го тоа и, доколку информацијата ти звучи како да е од некој научно-фантастичен филм, тогаш не треба да и се верува.

Јас самиот сум медиум и водам многу програми, па така, ако наминуваш во мојот крај, добредојден си да ни се придружиш. Единствено нема да работам од 20-22 јуни кога ќе бидам во Масачусец.

Во секој случај ќе бидеме во контакт и извести ме кога ќе доаѓаш и каков ти е распоредот. Чувај се и Господ нека те благослови.

Стив Херман

На 22.04.2008 му го пратив следното писмо:

Здраво Стив,

Ти благодарам многу за твојот ЧЕСЕН одговор. Навистина го почитувам твојот отворен и, пред се, чесен, приод. Верувам дека мнозина би ми одговориле: "Да, ние можеме да оствариме контакт со историски личности. Дојди и посети не." Но, твојот одговор е дека треба да се биде крајно внимателен со таквите, нешто што посебно го почитувам.

Ако одам за САД (што, меѓу другото, зависи и од тоа дали ќе најдам сериозен медиум кој ќе успее да

комуницира со историски личности), ќе престојувам во Арлингтон (веднаш до Вашингтон ДЦ) во домот на мои многу добри пријатели (американски државјани - едниот од нив е поранешен американски дипломат, а другата е госпоѓа од македонско потекло).

Бидејќи ми пиша дека и самиот си медиум (што го знаев од твојата веб-страница) и бидејќи ми докажа (преку твојот одговор до мене) дека си чесен човек, би сакал да те прашам дали би можел ти да организираш средба, во која би се обидел да контактираш со некои историски личности?

Ако е тоа можно, те молам извести ме за условите за една таква средба. Можеби ќе те посетам со мои пријатели. Ќе ти бидам благодарен ако ми одговориш на следниве прашања:

- Дали ќе бидеш во состојба да не примиш нас?

- Колку време најдоцна пред одржувањето на евентуалната средба треба да ти се јавам за да ја вклучиш таа средба во твојот распоред?

- Дали ќе биде проблем, барем кратки делови од таа средба, да бидам снимени со камкордер?

- Ако успееш да оствариш контакт со историски личности, колкумина од нив можат да "присуствуваат" на една средба и дали е можно на таа средба да присуствуваат заедно со моите покојни роднини, кои евентуално би се појавиле?

Се разбира дека, иако треба да престојувам во Арлингтон, нема да биде проблем јас и моите пријатели да отпатуваме во некое друго место на Источниот брег со цел да се сретнеме со тебе.

Се извинувам ако напишав нешто погрешно овде. Јас доаѓам од различна култура и ако сум

напишал нешто "невобичаено" овде, тоа е сосема ненамерно. Ќе ме радува да се сретнеме, иако моето доаѓање во САД се уште е неизвесно.

Поздрав до тебе и до твојата фамилија
и Бог нека ве благослови,
А. Донски

На 22.04.2008 го добив следниот одговор:

Здраво Александар. Мило ми е што ми се јави. Ќе ме радува да остварам средба со тебе. Дали знаеш точно кога ќе бидеш овде во текот на летово? Јас многу патувам заради мојата работа, па така, во зависност од тоа кога ќе доаѓаш, можеме да се договориме кога да организираме средба. Слободно можеш да ја снимаш средбата за да можеш подоцна да се повикуваш на таа снимка.

Секоја сеанса донесува висок степен на неизвесност, а резултатите зависат од психичките услови за време на нејзиното времетраење. Јас како медиум и посредник, не можам да повикувам ниту една спиритуална индивидуа (душа на покоен, з.м.). *Таа работа не оди така. Кога закажуваш средба со медиум ти истовремено закажуваш средба и со твоите духовни водичи и покојни сакани.*

Повисока духовна сила одлучува кој ќе комуницира и каква ќе биде агендата на сеансата. Ова не значи дека ние не можеме да прашаме дали можеме да оствариме контакт со определени луѓе, но тоа, пак, не значи дека овие индивидуи ќе бидат во можност да комуницираат.

Што се однесува до познати или историски личности, тие исто така можат да се појават, но

најверојатно ќе го сторат тоа на начин според кој ти самиот ќе знаеш за што зборуваат во врска со самите себе без да ми покажат мене знак со кого точно комуницирам.

На пример, ако Лав Троцки сакал да комуницира, тој најверојатно ќе се прикажел на начин на кој ќе можел да биде препознаен од луѓето што го познавале. Немало да има никаква смисла информацијата доколку тој би се претставил како "познат политичар" и сл., затоа што тоа секој го знае, но ако информирал за детаљи што само неговите блиски ги знаеле, тогаш тоа би имало смисла.

Постојат некои "медиуми" кои ќе се преправаат дека комуницираат со познати библиски или историски личности, па дури и ќе ти зборуваат со смешен акцент. Тоа е тешка измама. Таквите дури не умеат добро ни да глумат.

Ако доаѓаш околу јуни, јас ќе имам предавања и во Масачусец. Цела недела ќе ми биде исполнета со работа и учење како да се работи со медиуми и духовно лекување. Ако си заинтересиран да учествуваш, тоа ќе биде многу добро и ќе ти помогне во твоите духовни искуства.

Сепак, убаво е да се читаат твоите писма. Јас за малку ќе се оженев со една Бугарка од Софија. Иако се уште ги немам посетено тие краеви, знам дека твојата земја е исклучително богато духовно место и убаво е да се контактира со некого што верува во присуството на повозвишени облици на енергија.

Те молам извести ме кога отприлика ќе бидеш овде за да можам да те вметнам во распоредот за средба. Чувај се и Господ да те благослови.

Стив Херман

На 22.04.2008 му го испратив следното писмо:

Зраво Стив,

Уште еднаш ти благодарам за вредните информации што ми ги испрати. Ова навистина е нешто ново за мене. Ние овде (но и твојата девојка од Софија) живеевме во комунистички режим во кој атеизмот беше официјална идеологија и ваквите работи едноставно беа забранети.

Можеби си слушнал за една од најголемите јасновитки на светот, жена по име Ванѓа, која живееше во Бугарија, но беше родена во Македонија? За неа постојат неверојатни сведоштва.

Твоите услови за организирање сеанса се во ред, само што јас се уште не знам кога точно ќе дојдам, иако тоа најверојатно ќе биде во втората половина на јули или август. Има време дотогаш...

Поздрав,

А. Донски

На 23.04.2008 го добив следното писмо:

Здраво Александар,

Ванѓа беше многу познат медиум. Се сеќавам дека читав за неа во книгата "Психолошките откритија зад Железната завеса".

Мојата поранешна девојка била следена од тајната полиција, а еден нејзин близок пријател бил убиен од нив само затоа што практикувал јога и

медитација. Тоа беше помеѓу 1986 и 1989 година. Нејзиниот брат беше еден од најбогатите во Бугарија, па затоа неа не ја малтретираа.

Ќе биде убаво да се работи со тебе откако ќе дојдеш. Веднаш откако ќе имаш информација за датумите на твојата посета, те молам контактирај ме и ќе направиме договор за средба во склад со моето и твоето време.

Чувај се и Господ да те благослови.

Стив Херман

На 24.04.2008 го испратив следново писмо:

Здраво Стив,

Се сеќавам дека бев на одмор во Бугарија токму во 1986 година. Тоа навистина беа тешки времиња за нив. Сигурен сум дека не случајно комунистите и сатанистите имаат заеднички симбол - црвена петокрака (црвен пентаграм). Нивното брутално уривање на религиозни објекти (цркви, џамии, пагоди и сл.), понекогаш и со динамит, е уште еден заеднички елемент на комунистите и на сатанистите. Замисли си ако сатанисти во некоја земја добијат политичка моќ да владеат - тие ќе се однсуваат кон религијата потполно исто како што правеа и комунистите.

Се разбира дека ќе те контактирам пред да појдам за САД.

Поздрав,
А. Донски

По извесна пауза, на 05.05.2008 го пратив следново писмо:

Здраво Стив,

Се надевам дека ти и сите околу тебе сте добро. Јас треба да престојувам во САД од 16-ти јули, па се до крајот на тој месец. Ќе престојувам во Арлингтон (близу Вашингтон ДЦ).

Дали постои можност да се сретнам со тебе некаде на Источниот брег? Се разбира дека јас би дошол до местото каде што тебе ќе ти одговара.

Поздрав,
А. Донски

На 05.05.2008 го добив следниот одговор:

Здраво Александар,

Ме радува што ќе доаѓаш во САД. Се уште не сум сигурен каков ќе биде мојот распоред за последниве две недели од јули. Секако дека ќе бидам на Источниот брег, но не знам дали ќе одам на Флорида или во Масачусец каде во моментов се наоѓам. Во секој случај нема да има проблем да дојдеш и да направме средба.

Дали би сакал уште сега да прецизираме датум за средба или ќе биде подобро да се почека до почетокот на јули? Мислам дека сеансата може да се направи околу 23-ти, ако тоа тебе ти одговара.

Чувај се и наскоро пак ќе се читаме. Господ нека те благослови.

Стив Херман

На 07.05.2008 му го испратив следново писмо:

Здраво Стив,

Благодарам за твојот одговор. Веднаш откако ќе ги имам сите потребни детаљни информации во

врска со моето патување за САД, ќе те известам и ќе видиме кога ќе можеш да закажеш средба во склад со твоето слободно време.

Поздрав,
А. Донски

По пауза од пет недели, на 19.06.2008 го испратив следново писмо:

Здраво Стив,

Не ти пишав подолго време поради процедурите околу вадењето виза за САД. Имено, секој што сака да патува за САД мора да оди на разговор во вашата амбасада. Мојот датум за разговор беше закажан дури на 18-ти јуни (вчера), поради големиот број барателиа на виза за време на летниот период. Но, сега дефинитивно веќе имам виза и авионска карта за посета на твојата прекрасна земја.

Се разбира дека јас не се сомневав дека ќе добијам виза, но исто така не можев да побарам од тебе да закажеш средба, додека формално даја добијам.

Така, сега ќе бидам во САД (сместен во Арлингтон, близу Вашингтон ДЦ) од 16-ти до 29-ти јули. Тоа не е долг период, но од 4-ти август одам со моето семејство на одмор во Тунис. Во САД ќе престојувам во домот на мои пријатели (господин и госпоѓа), заедно со други гости.

Ќе биде добро да се видиме, па затоа те молам кажи ми дали ќе бидеш некаде во близина во тоа време? Мислам, кога и каде ќе бидеш за да можеме да те посетиме?

Поздрав,
А. Донски

На 19.06.2008 го добив следниов одговор:

Здраво Александар,

Многу ме радува што повторно ми се јави. На крајот од јули ќе бидам или на Флорида или во Масачусец, но точно ќе знам за ова на почетокот од јули.

Можеме точно да ги одредиме датумот и местото за средба откако ќе дојдеш овде.

Мојот телефон е: 413-772-0688. Јави ми се откако ќе стигнеш во реонот на Вашингтон. Тој реон е многу убав со висока култура и интелектуален развиток. Многу луѓе од целиот свет живеат таму.

Ако имаш телефонски број од местото каде што ќе престојуваш, пиши ми го за да ти се јавам. Чувај се и Господ нека те благослови.

Стив Херман

На 21.06.2008 го испратив следново писмо:

Здраво Стив,

Во Арлингтон ќе престојувам во домот на г-дин Мајкл Брекстон (поранешен американски дипломат). Таму ќе биде и неговата пријателка (Македонка од мојот роден град). Таа е позната поетеса и универзитетски професор, но исто така и државјанин на САД. Нејзиното име е Марија Кукубајска. Всушност јас кај нив ќе престојувам приватно на нивна покана бидејќи сме добри пријатели.

Неговиот тел. број е 703 533 1593. Ќе биде убаво да договориме состанок на место кое е

најблизу до Арлингтон, но се разбира дека тоа зависи од тебе.

Поздрав,
А. Донски

П.С. Видов фотографија од тебе со основачот на легендарната група "Кинкс". Јас имам нивна музика, но моја омилена група беа "Дорс". Во 1980 година дури го посетив гробот на Џим Морисон во Париз. Тоа беа убави времиња...

На 26.06.2008 од Стив Херман го добив следниов одговор:

Здраво Александар,

Јас треба да бидам во Алачуа, Флорида, која се наоѓа северно од градот Орландо. Извести ме дали ќе можеш да дојдеш на Флорида за да утврдиме време за средба. Претходно можеби ќе престојувам во Вашингтон ДЦ, но изгледа дека тоа ќе биде во времето кога ти нема да бидеш таму. Чувај се и ќе се зборуваме наскоро.

Стив Херман.

На 26.06.2008 му ја испратив следнава порака:

Благодарам за информацијата Стив. Дали можеш ти да дојдеш во Орландо на Флорида? Ако можеш, кога би било тоа?

Поздрав,
А. Донски

Истиот ден го добив одговорот:

Александар,

Јас сум оддалечен 130 милји од Орландо. Тоа не е далеку. Јас понекогаш организирам програми таму. Не сум сигурен дали ќе можам да дојдам, но ќе зборуваме за тоа. Можеби ти ќе можеш да додјеш овде ако јас не дојдам? Се слушаме наскоро.

Стив

На 04.07.2008 ја испратив следнава порака:

Здраво Стив,

На тебе и на твојата фамилија ви посакувам се најдобро по повод празникот 4 Јули - националниот ден на САД. Во врска со датумот и времето на нашата средба, планирам да дојдам на Флорида. Веројатно ќе дојдам со авион до Орландо, а оттаму ќе допатувам до местото каде што ќе бидеш ти. За ова детаљно ќе се договориме и тоа ќе зависи од твоето слободно време, од времето на летот, од автобуската врска со твоето место и сл.

Тоа за мене ќе биде единствено доживување и одвај чекам истото да се случи.

Што се однесува до мојата желба да остварам контакт со некои историски личности, дали треба да донесам слики од нив? Ако некои од нив не се појават, дали може да се направи обид за контакт со други историски личности кои живееле во истото тоа време? Се разбира дека ако се јават моите покојни роднини и пријатели, ќе ме радуав да слушнам нешто и од нив...

Што се однесува до снимањето, како што се договоривме претходно, јас би сакал да биде снимен

барем дел од сеансата за да можам овде пред луѓето да имам доказ за неа.

Подоцна планирам да напишам нешто за таа средба (на мојот мајчин јазик), но ако не сакаш да го спомнам твоето име, тоа е во ред. Можам да ги користам твоите иницијали или дури и некој псевдоним.

Те молам извести ме што мислиш за сето ова. Ти мене ми докажа дека си чесен човек и јас тоа многу го почитувам.

Поздрав,
А. Донски

На 05.07.2008 ја добив следната порака:

Здраво Александар,

Токму сега се наоѓам во Вашингтон ДЦ. Многу сум зафатен со патување. Што се однесува до историските личности, ниту еден вистински медиум не може да повика одредени личности, доколку тие самите не сакаат да остварат контакт со тебе. Јас сум имал случаи кога познати луѓе се јавувале на сеансите, иако не сум бил сосема сигурен како и зошто ова се случувало.

Мислам дека е најдобро да не ми кажуваш апсолутно ништо за твојата работа и поле на интерес. На ваков начин, ако успеам да ти доставам полезна информација, ќе знаеш дека истата сум ја добил од духовниот свет, па така таа ќе биде далеку повредна. Не треба да ми покажуваш слика, но ако инсистираш да донесеш фотографии, тоа нема да ми пречи.

Јас имам учествувано на истражувачки проекти организирани од универзитети во врска со феноменот на медиумите. Мислам дека повисоките субјекти од духовниот свет ќе најдат начин да ти помогнат за она што во моментов го работиш. Тие одлучуваат за агендата на секоја сеанса и обично овозможуваат да го слушнеш токму она што те интересира.

Јас ќе бидам овде од околу 11 јули се до крајот на месецот, па тогаш ќе треба да ја организираме средбата. Ќе ме радува ако успеам да ти помогнам на каков било начин во врска со твоите проекти.

Чувај се и Бог нека ти е на помош.

Стив Херман

На 05.07.2008 му ја пратив следнава порака:

Благодарам Стив.Веднаш штом ќе стигнам во САД (за десетина дена), ќе те контактирам за да се договориме околу време и место за средба.

Поздрав,
А. Донски

На 11.07.2008 година ја испратив следнава порака:

Здраво Стив,

Во САД стигнувам во вторник. Сакам да те прашам дали ќе бидеш слободен да се сретнеме за време на следниот викенд (сабота или недела)? Ако си слободен, те молам информирај ме кога и каде отприлика, за да ги замолам моите пријатели Мајкл и Марија да се распрашаат за сообраќајните врски (авионски и автобуски) до местото каде што ќе бидеш сместен.

За да знаеш како изгледам пред да се сретнеме, ти ги испраќам овие фоотографии што ги сликаше ќерка ми вчера кај нас.

Поздрав,
А. Донски

На 11.07.2008 ја добив следнава порака:

Здраво Александар,

Јас ќе бидам слободен во сабота цел ден и во недела до пред 15 попладне. Ќе биде добро да ја направиме сеансата во сабота. Ако на твоите пријатели им требаат инструкции како да дојдете до кај мене, кажи им нека ми се јават за да се договориме. Сега сум дома во Алачуа на Флорида. Ако ми се јават твоите пријатели ќе им кажам како најлесно да дојдете до мене. Јави ми кога ќе стигнеш ако имаш прашања околу патувањето до кај мене и сл. Чувај се и ќе се видиме наскоро. Господ нека те благослови.

Стив Херман

*

15.07.2008... Станување од дома во 02,45 по полноќ... Во 03.15 поаѓање кон Скопје со такси возилото на мојот пријател Стојанче (Танка)... Пристигнување на аеродромот “Александар Велики”... Чекирање на багажот и вадење на “боардинг” билетот... Поаѓање за Белград со авион на JAT... Слетување на белградскиот аеродром “Никола Тесла”...

Чекање околу два часа... Летнување за Женева повторно со ЈАТ... Зјапам над облаците над Унгарија, Австрија и Швајцарија... Чекање уште три часа на аеродромот во Женева... Обавезен разговор со безбедносните служби за целта на моето патување во САД... Рутински претрес на рачниот багаж... Качување во авионот на "Јунајтед Американ"... Од сите девет места во секој ред, ми се падна да седам токму на средината... По патот гледам филмови на мониторот пред моето седиште... Слушам и радио со добра музика, а гледам и во компјутерската анимација на летот на која во секој миг е прикажан авионот каде се наоѓа на патот кон Вашингтон... Летаме под Исланд, па под Гренланд, па крај канадскиот брег... По околу осум часовен лет, слетувам на аеродромот "Далес" во главниот град на најмоќната држава во светот... Таму е нешто по 14 часот попладне, а во Македонија е 20 навечер... Се сретнувам и братски поздравувам со Мајкл и Марија, кои таму ме чекаат... Ме носат со својот автомобил во Арлингтон... Во огромната куќа на Мајкл... Следните три дена шетаме низ вашингтонските музеи и другите тамошни атракции...

На 18.07.2008 му пишав:

Здраво Стив,

Утре доаѓаме на Флорида (во Џексонвил). Се гледаме.

Поздрав,
А. Донски

Истиот ден тој ми одговори:

Кога точно ќе слетате во Џексонвил? Извести ме за да знам кога да те очекувам. Чувај се и се гледаме наскоро.

Стив Херман

Конечно дојде и тој 19 јули 2008 година. Алармот на мобилниот телефон ме разбуди точно во 06 часот. Веднаш станав во собата и почнав со подготовки за патот што ме чекаше тој ден. Веќе се навикнав на големата куќа на моите домаќини Мајкл Брекстон (поранешен американски дипломат, а сега исто така ангажиран во американската администрација) и проф. Марија Кукубајска, наша позната поетеса и есеист и наша најдобра семејна пријателка. По трагичната смрт на нејзината сакана ќерка Емилија, Марија ми ја отстапи собата на Еми да ми биде дом во тие 15 дена (од 15-ти до 29-ти јули, 2008) додека престојував во нивниот дом на улицата "Норт Емерсон Стрит" бр. 2200 во Арлингтон (некои велат посебен град, а други предградие на главниот град на САД - Вашингтон ДЦ). Набрзина се подготвив и, според договорот, се најдовме со Марија и Мајкл на долниот кат. Сите бевме подготвени за пат. Претходно Марија двапати се слушна телефонски со Стив Херман за да и објасни како најлесно да го најдеме малото место Алачуа на Флорида, каде се наоѓаше тој во еден од своите домови. Мајкл и Марија широкоградо решија да ми прават друштво. И не само тоа. Тие и финасиски помогнаа ова патување, заедно со познатиот штипски бизнисмен Славе Ивановски "Оаза". Притоа сакам да потенцирам дека Мајкл и Марија не се инволвирани со ништо во ова мое

истражување, освен што ми правеа друштво и што пријателски ми помогнаа. Впрочем, беше сабота кога Мајкл беше слободен, па тој и Марија посакаа заедно да го поминеме викендот на Флорида...

Нешто пред 07 часот, со новиот џип на Мајкл веќе итавме кон аеродромот "Реган" во Вашингтон, кој како што ми објасниј, бил само за внатрешни летови, за разлика од аеродромот "Далес" на кој слетав пред неколку дена, кој бил меѓународен.

Мајкл замина да го паркира џипот, а јас и Марија го почекавме во огромната и непрегледна внатрешност на аеродромот, заедно со стотици идни патувачи околу нас. Одвреме навреме го вклучував камкордерот за да ги регистрирам сите поважни настани од тој ден и од мојот престој во САД воопшто. Повремено го давав и на Марија за да ме снима мене... По извесно време Мајкл се врати, носејќи ги "боардинг" билетите, по што ги минавме безбедносните процедури и заминавме во делот од аеродромот од каде се влегува директно во авионот. По 45 минути чекање, преку импровизираниот ходник, влеговме во авионот и си ги зазедовме местата. Летот до Џексонвил на Флорида траеше 2 часа и 10 минути. Се занимавав гледајќи низ прозорецот. Кратко разговарав со една жена до мене, која заинтересирано ме прашуваше за Македонија...

Слетавме во Џексонвил. Ми текна дека таму се наоѓа Македонец по име Горан, кој со својата сопруга, претходните денови ме поканија на ручек, но никако не можев да отидам, па дури ни да им се јавам... Надвор беше неиздржливо жешко и тешко... Од климатизираниот аеродром веднаш се упативме на огромното паркиралиште од каде Мајкл изнајми рента-кар... Без

да се задржуваме непотребно, Мајкл го вклучи “Џи-пи-ес” (ГПС) апаратот, ја внесе во него адресата од Стив Херман (која претходно ја набавивме) и тргнавме... Пред нас беа околу 140 милји пат (околу 210 километри). По патот се трудев да не мислам на она што ме очекуваше... Атмосферата во автомобилот повремено ја прекинуваше пријатниот женски глас од “Џи-пи-ес”, кој го известуваше Мајкл: “*За половина милја треба да свртиш десно... За 0,3 милји треба да свртиш десно... Сега свртувај десно...*” Небаре “Џи-пи-ес” беше четврт патник во колата кому не можевме да му се обратиме, туку само ги слушавме информациите, со помош на кои, требаше безбедно и сигурно да стигнеме до домот на Стив. По патот застанавме на бензинска помпа за да наполниме бензин и да ручаме... Таа беше како во филмовите... По вкусните сендвичи со месо од печена мисирка, сок и кафе, продолживме натаму. Како што се доближувавме до Алачуа, возбудата се повеќе растеше и некако инстинктивно молчевме, без да покажеме емоции. Барем јас така чувствував... Конечно влеговме во Алачуа. Претходно мислев дека ќе ме пречека гратче од типот на убаво средените, но густо населени, мали места, но не... Алачуа личеше повеќе на нашата винградска околина со викендички изградени на околните лозја. Среде широките зелени и грижливо одржувани ливади и дрвја, овде или онде штрчеше по некоја куќарка.

- *Како да стигнавме на крајот на светот*. - се пошегува Мајкл. Шегата ни беше потребна во тие, за мене, напнати мигови. Сите мои претходни подготовки, со месеци наназад, сега дојдоа пред конечниот испит... Надвор беше ужасно жешко. “Џи-пи-ес” гласот не из-

вести дека сме стигнале на означеното место. Десно од нас, прилично оддалечени една од друга, се наоѓаа две куќарки. Од едната излезе средовечен човек и тргна кон нас.

- *Ова ли е Херман*? - праша Марија.

- *Не. Тој е помлад*. - реков, а средновечниот веќе се довлече до нашиот автомобил.

- *Кого барате*? - не праша.

- *Стив Херман*. - реков.

Но, пред тој да одговори што и да било, од другата куќарка се појави лично Стив. Не виде оддалеку и ни мавна со раката да појдеме кај него. Се упативме јас и Мајкл, а Марија го зеде камкордерот и почна да снима. Се прегрнавме со Стив како стари пријатели и тој не покани внатре. Куќарката во која овде привремено живееше беше составена од една поголема соба (веројатно за прием на неговите посетители) во која на средината на древниот под имаше три стола ставени два спроти еден. Наоколу имаше и други простории, но не забележав колку... Сиот бев концентриран на она заради кое дојдов до овде... Штом веќе стигнав до изворот, сакав што побргу да се напијам... Затоа му реков дека брзаме и дека предлагам што побргу да ја изведиме сеансата. Го прашав дали може сите тројца да останеме во собата, а тој одговори дека во таков случај можно е да се појават духовите на блиски на сите тројца, па да си попречуваат... Така некако кажа... Без да чека Мајкл, сам предложи тој да излезе, а да останеме јас и Марија. Така тој замина во автомобилот каде остана во пријатната студеникава атмосфера обезбедена од

уредот за разладување среде пеколната горештина надвор.

Во собата останавме јас, Марија и Стив. Тој беше отприлика на моја висина, но послаб. Лицето му го истакнуваа вдлабнати очи и продорен поглед. Косата му беше подолга, но одвај забележително врзана отпозади.

Ме понуди да седнам на едниот стол, а тој се смести наспроти мене. Марија, без да го испушти камкордерот, нечујно го фати ќошот од собата. Дојде мигот што одамна го очекував. Што ли ќе се случи? Сите мисли ми беа обземени да се концентрирам на она што ќе ми го кажува и на евентуалните прашања што сакав да му ги поставам доколку се случеше она заради кое бев дојден... Инстинктивно погледнав во отворениот тефтер до мене... Тој како да ми кажа дека е тука за да ми се најде како потсетник...

Пред да почне сеансата Стив ми објасни дека информациите што ги добива од духовниот свет понекогаш се во форма на *гласови,* понекогаш тоа се повеќе или помалку јасни *слики,* понекогаш *мирис*, а понекогаш само неодреден *импулс* што во мислите му вметнува одредено сознание кое тој не знае како точно го примил, но го пренесува на човекот пред себе. Тој потсети дека ќе ми нуди информации преку кои јас ќе сум можел сам да препознаам за кого станува збор, т.е. со кого тој во моментов комуницира од духовниот свет...

Што се случуваше потоа, ќе видиме во продолжение. Впрочем, за целосниот впечаток беше потребно внимателно да се преслуша целата снимка...

Сеансата подоцна ќе ја опишеме, а овде ќе продолжам со она што се случи по нејзиното завршување. Не се многу задржавме во собата. Се поздравивме со Стив и излеговме кај Мајкл кој трпеливо чекаше во автомобилот паркиран под сенка триесетина метри подалеку од куќата. Заминавме кон Орландо. Во главата ми *вриеше* од впечатоци... Нешто подоцна, секогаш расположениот Мајкл, ни кажа:

- *Требаше да се видите како изгледавте со Марија кога излеговте од куќата. Цел пат во колата молчевте. За тебе знам дека си молчалив, но Марија ме изненади... Таа е зборлива, но и таа молчеше...*

Предвечер, по дожд, стигнавме во луксузниот хотел "Ембаси Сјутс", а потоа на прошетка низ дуќаните на Орландо. Утредента го напуштивме хотелот и бевме на незаборавна посета во "Дизни Ворлд"... Потоа со авионот назад за Вашингтон... Следниве денови: пред Белата куќа, споменикот на Линколн, обелискот, Природниот музеј... Амбасадата на Република Македонија и вечера со амбасадорот... Посета на големата протестантска црква "Мек Лејн" и разговор со тамошниот пастор... Конгресната библиотека... разни ресторани (мексикански, кинески, виетнамски, американски...)... Дојде и 29-ти јули... Испраќање со домаќините Мајкл и Марија и заминување на аеродромот "Далес"... Летање кон Женева... Чекање на женевскиот аеродром... Летање кон Скопје... Со мојот таксист Стојан (Танката) прекапан од умор стигнувам дома во Штип... Преполн со впечатоци од САД, веќе се пакувам за Тунис... На 04.08.2008 лет за Монастир... Следниве десетина дена прекрасен одмор со жена ми Загорка, ќерката и синот Љубица и Љупче во оваа убава африканска земја...

Главна дестинација ни е градот Сусе (или *Сус*, како што кај нас неправилно го викаат)... Плажи, екскурзии, музеи, спектакуларно ласерско шоу во Ал-Захра, посета на познатата Зоо-Фригија... Дури и со падобран летавме со синот... Тунижаните навистина ги бидува за туризам... На 15 август се прибираме дома... Точно еден месец по моето заминување за САД... Колку и да имав возбудлив месец, исполнет со секакви доживувања, едно нешто постојано ми ги *вознемируваше* мислите... Тоа беше кажаното од Стив Херман...

По атерирањето дома, конечно се фатив за работа. Со помош на Марија Кукубајска (која во меѓувреме се врати од САД) го симнавме текстот од касетата, па во продолжение ги предавам поинтересните моменти. Притоа сакам да напомнам дека изјавите од Стив Херман што овде се предадени целосно одговараат на она што е снимено на лентата. Единствено направив незначителни редакторски интервенции, кои со ништо не ја менуваат суштината и содржината на кажаното. Исто така ги отстранив извесниот број воведни и недокажани реченици. Ова за да се задржи само суштината на неговите изјави. На пример, на касетата се слуша следнава изјава:

Сакам да кажам, овде сакам да зборувам за... Сакам исто така да зборувам за влијанието на културите...

Јас оваа изјава ја пренесувам како:

Сакам исто така да зборувам за влијанието на културите...

Едноставно првата недокажана реченица овде нема ништо суштинско во неа, па истата непотребно би била објавена. Стив понекогаш употребуваше вакви

неважни незавршени реченици додека јасно да ја каже суштината на она што го чувствува. Впрочем веќе спомнавме дека не е секогаш едноставно пренесувањето на сознанијата од духовниот свет со зборови од земните јазици. Да се потсетиме на ваквите случаи што ги изнесовме кај луѓето кои преживеале клиничка смрт, па по враќањето во физичкиот свет, не умееле со зборови да го опишат она што таму го доживеале. Истиот проблем делумно го забележав и кај Стив. На моменти очигледно не умееше она што го почувствувал да ми го соопшти беспрекорно разговетно, па кажуваше испрекинати реченици, а понекогаш гесткулираше со рацете што е исто така доказ за јазична бариера - кога човек, поради една или друга причина, не умее соодветно да се изрази, *мавта* со рацете, обидувајќи се да си помогне во своето изразување. Некои реченици ги пренесуваше во трето, а некои во прво лице. Сепак и среде овие често пати испрекинати реченици, се наѕираа јасно изразени артикулации.

Тој исто така се префрлуваше од тема на тема, така како што добивал *импулси*. Притоа објасни дека имало повеќе *личности* од духовниот свет кои сакале да комуницираат со мене и дека за да ги пренесе сите нивни пораки, му требале барем осуммина помошници.

Но, што точно кажа Стив Херман? Дали се исполни она што го очекував и заради кое и беше сето ова патешествие? Еве што се случи на тој 19.07.2008 година во Алачуа на Флорида. Снимката почнува. Прво воведниот дел:

СТИВ: Мораш да бидеш ентузијастички расположен... Ако се однесуваш незаинтересирано можеби нема да оди...

ЈАС: Не знам како ќе се однесувам бидејќи ова ми е прв пат...

СТИВ: Знам, знам, но ова е експеримент. Ти мора да ја споделуваш енергијата...

ЈАС: Не знам...

СТИВ: Тие ја користат мојата енергија, но ја користат и твојата. Ги користат обете енергии. Ако твојата енергија е вознемирена, полна со ентузијазам, може да им помогне на оние кои ќе се појават... Мислам, понекогаш работам со луѓе кои се многу затворени и многу е тешко да се работи со нив не поради мене, туку поради душите...

ЈАС. Во ред. Ќе се обидам да се концентрирам на работите што ме интересираат.

СТИВ. Да, да. Биди релаксиран, среќен и позитивен. Тоа е многу важно.

ЈАС. Во ред.

СТИВ: Немој да бидеш премногу резервиран или затворен, така што...

ЈАС: Јас сум доживеал многу нешта, но никогаш не сум имал вакво искуство.

СТИВ: Да, да...

ЈАС: Љубопитноста ме доведе овде...

СТИВ: Како сакаш да зборувам? Јас обично зборувам многу брзо, но ако сакаш можам да зборувам и побавно.

ЈАС. Може ли да кажам уште една работа?

СТИВ: Секако.

ЈАС: Како што ти пишав во моте е-маил пораки, јас сум многу заинтересиран и, да бидам искрен, тоа е една од моите цели зошто сум овде, да остварам комуникација со историска личност. Да ти кажам ли со кого?...

СТИВ: Тие веќе знаат... Така што, да видиме прво што ќе се случи...

ЈАС: Ако тој не се појави тогаш јас ќе ти кажам многу општо...

СТИВ: Ќе биде подобро ако поставуваш прашања и тоа на начин на кој нема да ми даваш информации за кого се работи... Разбираш?

ЈАС: Да ти кажам ли сепак за кого се работи?

СТИВ: Не, не, не... (Покажува над мојата глава) *Твоите водичи веќе знаат за кого се работи... Не треба да ми кажуваш. Тие знаат. Тие ќе ми соопштат мене, па јас ќе ти пренесам.. Ајде да видиме што ќе се случи.*

ЈАС. Во ред.

СТИВ: Да ја кажеме прво молитвата. (Ми ги зема рацете, замижува и почнува да се моли. Јас молчам. Зборува не многу разбирливо и брзо. Го спомнува Бог, повикува да се помогне на неговиот пријател, т.е. на мене и да ги прими Бог чувствата од неговото срце... Потоа ги пушта моите раце и почнува...).

Во продолжение кажаното од Стив Херман ќе го пренесеме според темите за кои тој зборуваше, т.е. според карактерот на личностите од духовниот свет, за кои тој тврдеше дека се *присутни* во собата и сакале да комуницираат... Истовремено ќе направиме и критички осврт кон она што беше кажано.

Контакт со римски цар

СТИВ: Прва работа што ја чувствувам додека ги чувствувам твоите вибрации.. Има многу различни луѓе, но има еден човек кој доаѓа од духовниот свет. Всушност го гледам неговото наднесено лице... Има тенки мустаци... Тој не е многу крупен во однос на својата фигура... Всушност чувствувам дека е физички помал, но окружен е со многу големи луѓе, кои се на моќни позиции... Овој човек знае како да ги користи своите зборови, тој умее да ја користи својата моќ на убедување за да ги собира луѓето околу себе. Луѓето го сакаат овој човек... Овој човек, чувствувам дека има многу голем авторитет, има голема моќ... Тој е човек врз кого не можело да се влијае. Тој и кога не бил на моќна позиција, сепак успевал да го направи она што е исправно за луѓето, она што е исправно за сите во поширока смисла на зборот. И чувствувам... Како да сака да ти каже нешто на латински... Нешто поврзано со Римското право, со римското владеење... И чувствувам дека овој човек правел добри работи не само за луѓето кои биле на врвот, кои биле на повиска позиција од него, туку тој правел добро за сите... Тој сакал да има информации од секого, без разлика на каков социјален статус припаѓал, дали од улица или некој од повисоко. И чувствувам овде дека со зборовите што тој ги користел, со начинот на кој комуницира,... Сакам да кажам дека твојата поврзаност и пристап кон луѓето во материјалниот свет, се исти како и неговите способности. Чувствувам дека тој те води тебе, тој како да те тренира од

духовниот свет... Чувствувам дека кога одам назад, тоа како да почнало од кога си бил студент, на возраст од дваесетина години... Сакам да кажам дека тогаш си паднал под влијание... И овде чувствувам со тебе дека, на пример ако сакаш да напишеш некој напис во весник и слично, тоа го правиш на остар начин и ги предизвикуваш луѓето да реагираат, често и во негативна смисла... Но неговиот приод не бил таков. Тој е способен да ги убедува луѓето и на тој начин влијае врз нив и ги држи околу себе. Исто така ми се прикажани слики од римскиот свет... Би сакал да зборувам за римската цивилизација... Но, кога сакам да зборувам за римската цивилизација, мислам на тоа какви им биле законите, како функционирала владата во тој систем... И чувствувам овде дека тој не е сам, туку има цела група поединци од духовниот свет кои сакаат да комуницираат со тебе. И чувствувам овде дека... Всушност гледам... Гледам како на телевизија... Но, сакам да ја исклучам бидејќи не сакам да го слушам тоа што тие го зборуваат за тебе...

(...)

И чувствувам дека тој е дух водич и би сакал да зборувам за некој што бил римски водач, поврзан со римското владеење. Носи бела римска тога... И сакам да кажам дека го гледам на позиција на лидер... И многу луѓе велат дека Римјаните биле корумпирани, но за него гледам дека не бил корумпиран. Сакам да кажам дека тој праведно се однесувал. Чувствувам дека е поврзан со некоја римска колонија или слично. Тој за тој народ правел

добри дела и не бил таму за да ги експлоатира и да ги искористи...
(..)

Дефинитивно сакам да зборувам за некого што го опишав како римски владетел... И чувствуавм дека сум со некого што дефинитивно е некој со римско потекло и чувтствувам дека тој е од област која била колонизирана... Тој е како некој вид барбарин... Поврзан е со народ што Римјаните го покориле... Јас го сакам овој човек, но некои луѓе од власта не го сакале бидејќи не бил корумпиран. Скоро го чувствувам како некој заслужен од таа култура... Од таму од каде што доаѓа тој, исто така има висок степен на култура. И тоа не само римска култура, туку и неримска култура со која тој бил поврзан.

МОЈ КОМЕНТАР: Во врска со исказите од Стив Херман посветени на овој таинствен Римјанин кој (според него) самоиницијативно се појавил за време на нашата средба, можни се различни толкувања.

Скептиците веднаш ќе кажат декасето досега кажано е негова *измислица* или *фантазија*.

Понатаму некои сигурно дека ќе кажат оти овде Стив навел само општи карактеристики, кои можат да се вклопат во ликовите на неколку римски владетели, очекувајќи на тој начин јас *сам* во мојата свест да ги поврзам овие карактеристики со ликот на некој римски владетел, па да му потврдам подоцна дека бил *во право*.

Но, постојат и поинакви размислувања.

Како прво, Стив Херман е сериозен човек, за чија дарба досега имаат објавено податоци повеќе медиуми, меѓу кои и Асошиејтед Прес (иако тоа не

значи дека и тој понекогаш не греши). Тој не е историчар по струка, а на средбата сепак беа кажани некои детаљи, кои само човек што потесно се интересира за историјата може да ги знае (ова повеќе се однесува за следниот *лик* што се *појави*, за кого ќе пишуваме во продолжение).

Се разбира дека останува претпоставката дека тој се подготвил (читал историја) специјално заради средбата со мене, но и тоа е малку веројатно, имајќи ја предвид неговата презафатеност со други ангажмани и посетители, како и фактот што мене прв пат во животот ме виде, што значи дека, до последен миг, не можел ни да биде сигурен оти јас и навистина ќе дојдам кај него. А за читање историја и запознавање со дел од историјата на нашиве краеви, богами треба повеќе време... Освен тоа, се поставува и прашањето: кој би бил неговиот мотив мене да ме мами, посебно ако се знае дека којзнае дали друг пат и ќе се видиме во животот и ако се знае дека од мене не може да има никаква фајда или штета - едноставно јас сум за него далечен посетител, какви што секојдневно ги среќава. Ни сто години нема да му стигнат ако троши време на претходни истражувања на полето на интерес на секој негов однапред најавен посетител.

Сепак, најголем доказ за автентичноста на досега кажаното од негова страна, претставува фрапантниот контакт со моите покојни роднини, за што во продолжение ќе пишуваме. Имено, тој ми соопшти сензационални информации за моето семејство, кои немало шанси од никаде претходно да ги дознае, освен од *духовниот свет*. Па, според тоа, оваа констатација

секако дека важи и за останатите личности кои се *појавија* за време на сеансата.

Поради сето ова, можеме да кажеме дека барем една од претпоставките е дека и навистина за време на оваа средба се појави *личноста* на некој римски владетел.

Но, кој е тој таинствен Римјанин? Скептиците можат да кажат дека опишаните особини на овој *владетел* се премногу општи и тие можат да се вклопат во ликовите на неколку римски владетели (*бил добар со народот; сите го сакале; носел бела тога* и т.н.). Но, ако внимателно ги анализираме сите овие карактеристики дадени во исказот на Стив (како од аспект на дејноста и кариерата, така и оние за физичкиот изглед), тогаш лесно ќе се забележи дека, сепак, сите тие не можат да се вклопат во ликовите на најголемиот број римски владетели. На пример, точно е дека речиси сите римски владетели носеле бели тоги; точно е и дека некои од нив и навистина биле популарни среде народот и слично, но не секој од нив истовремено носел и *тенки мустаци* и не секој се занимавал со римското право. Да бидам искрен, додека бев таму и подоцна откако ја преслушував изјавата за Римјанинот, мислев дека нешто не е во ред и дека е невообичаено духот на некој римски владетел да сака *комуникација* со мене, посебно ако во духовниот свет *знаат* дека историјата на Рим не е предмет на мојот интерес. Напротив, Рим бил непријател и уништувач на античка Македонија... Меѓутоа, со дополнителни проверки, дојдов до претпоставка дека сепак описот даден од Стив можеби може да се вклопи во ликот на еден познат цар, а тоа е - **царот**

Јустинијан Велики! Ако го разгледаме кажаното од Стив и ако веруваме дека и навистина тој комуницираше со таква *личност*, тогаш дел од карактеристиките што тој ги даде можеби можат да се вклопат во ликот на овој славен цар. (Податоци за царот Јустинијан први Велики пренесуваме од мојата претходна книга "*Византиски цареви од македонско потекло*", во издание на МНЛД "Григор Прличев"; Штип/ Сиднеј, 2007). Следуваат некои од нив.

СТИВ:...*Всушност го гледам неговото наднесено лице... Има тенки мустаци...*



МОЈ КОМЕНТАР: На мозаикот во црквата "Сан Витале" во италијанскиот град Равена, кој бил завршен

во 548 година, т.е. кога Јустинијановото владеење било во полн ек, претставен е автентичниот лик на цар Јустинијан. На овој мозаик јасно се гледа дека Јустинијан и навистина имал тенки мустаци и тој бил еден од ретките владетели од тоа време кој носел мустаци.

СТИВ: Всушност чувствувам дека е физички помал, но окружен е со многу големи луѓе, кои се на моќни позиции... Овој човек знае како да ги користи своите зборови, тој умее да ја користи својата моќ на убедување за да ги собира луѓето околу себе. Луѓето го сакаат овој човек... Овој човек, чувствувам дека има многу голем авторитет, има голема моќ... Тој е човек врз кого не можело да се влијае. Тој и кога не бил на моќна позиција, сепак успевал да го направи она што е исправно за луѓето, она што е исправно за сите во поширока смисла на зборот.

МОЈ КОМЕНТАР: Јустинијан прво бил советник на својот вујко Јустин Први (450 - 527), кој е зачетник на т.н. Јустинијанова династија, која владеела со Источното Римско царство (денес познато под името *Византија*). Јустин дошол на власт во 518 година, како резултат на своите воени заслуги. Поради тоа што тој единствено бил упатен во воените вештини и речиси немал никакво практично искуство со владеење, бргу ангажирал околу себе искусни и доверливи советници. Најистакнат од нив бил неговиот млад внук (син од сестра) Петар Сабат (Петрус Саббатиус), кого тој подоцна го усвоил како свој син и му го дал името Јустинијан. Тоа е подоцнжениот познат цар Јустинијан Први Велики. Мнозина сметаат дека практично Јустинијан неколку години владеел со империјата и пред да

стане цар, т.е. додека бил влијателен советник на својот вујко Јустин Први, а од 527 година (по смртта на Јустин Први) Јустинијан завладеал самостојно.

Се прашуваме дали овие историски случувања можат да се вклопат во изјавата на Стив Херман, според која посоченият бил: ...*физички помал, но окружен е со многу големи луѓе, кои се на моќни позиции...* И навистина Јустинијан ја почнал кариерата како млад советик на својот моќен вујко и неговите останати соработници, кои и навистина биле на "*моќни позиции*".

Интересна е и реченицата: ...*Тој и кога не бил на моќна позиција, сепак успевал да го направи она што е исправно за луѓето...*

Ова можеби се однесува на фактот што тој дури и кога не бил на власт (туку само советник на својот вујко - цар), сепак успевал да ги реализира своите замисли, што одговара на вистината според која тој практично владеел наместо својот вујко.

СТИВ: *И чувствувам... Како да сака да ти каже нешто на латински... Нешто поврзано со Римското право, со римското владеење... Исто така ми се прикажани слики од римскиот свет... Би сакал да зборувам за римската цивилизација... Но, кога сакам да зборувам за римската цивилизација, мислам на тоа какви им биле законите, како функционирала владата во тој систем...*

МОЈ КОМЕНТАР: Еден од најзначајните акти што ги превзел Јустинијан бил во областа на правото. Всушност тој извршил сумирање на целокупното Римско право. Поради ова Јустинијан го ангажирал квесторот Трибонијан, кој на 7 април 527 година, му ја доста-

вил првата верзија на Цорпус Јурис Цивилис, поделена на три дела. Делото било напишано токму на **латински**, во склад со традицијата во Римското Царство. Подоцна била објавена збирка нови закони (Новеллае Цонститутионес). Денес сите овие закони претставуваат основа на повеќе европски и светски законодавства (“*Византиски цареви од македонско потекло*”... стр. 57).

СТИВ: И чувствувам дека тој е дух водич и би сакал да зборувам за некој што бил римски водач, поврзан со римското владеење.

МОЈ КОМЕНТАР: Значи овде имаме тврдење дека тој бил римски водач, поврзан со римското владеење (римското право), а воедно бил и *дух водич*.

Дека Јустинијан бил цар, кој се занимавал со Римското право, нема потреба да објаснуваме, но што може да значи квалификацијата *дух водич*? Ќе се обидеме да дадеме одговор секако повторно врз основа на претпоставки. Знаеме дека во православието и во католицизмот постои култот на светители. Тоа биле обични луѓе, кои во текот на својот живот дале значаен придонес во полза на христијанството и верата во Бога. Поради тоа, по нивната физичка смрт, од страна на христијанските заедници, биле канонизирани (прогласени) за светители. Се смета дека нивните души во духовниот свет се наоѓале *поблизу до Христос.* Мнозина православни верници си имаат по некој свој светител како еден вид *дух водич (заштитник*). Во нашата поширока јавност малку е познато дека поради големиот придонес во полза на христијанството, царот Јустинијан е канонизиран за

светител и неговиот празник се слави на 14 ноември стар стил (27 ноември нов стил).

Дали можеби на ова се однесува тврдењето на Стив дека овој римски владетел бил *дух водич*? Тоа останува во доменот на претпоставките.

Патем, Јустинијан се занимавал и со пишување на богословски дела и песни. Некои историчари сметаат дека прекрасната песна "*Иже херувими*" е негово дело. Тој ја основал и црквата Јустинијана Прима, од која подоцна се развила Охридската архиепископија. ("*Византиски цареви од македонско потекло*...", стр. 60).

СТИВ: *Носи бела римска тога... И сакам да кажам дека го гледам на позиција на лидер...*

МОЈ КОМЕНТАР: Познато е дека речиси сите римски цареви носеле бели тоги. Сепак за да не останеме должни во објаснувањето и на овој детаљ, ќе кажеме дека во претходно спомнатиот мозаик во Равена, Јустинијан е претставен во пурпурна наметка, под која, од неговата десна страна, јасно се назира бела тога.

СТИВ: *И чувтствувам дека тој е од област која била колонизирана... Тој е како некој вид барбарин... Поврзан е со народ што Римјаните го покориле... Јас го сакам овој човек, но некои луѓе од власта не го сакале бидејќи не бил корумпиран. Скоро го чувствувам како некој заслужен од таа култура... Од таму од каде што доаѓа тој, исто така има висок степен на култура. И тоа не само римска култура, туку и неримска култура со која тој бил поврзан.*

МОЈ КОМЕНТАР: Јустинијан не бил етнички Римјанин, туку потекнувал од Македонија, која била римска колонија. Иако ова се познати работи, само како илустрација ќе спомнеме извадок од книгата на Вилијам Џорџ де Бург “*Наследството од античкиот свет*”, каде во врска со македонското етничко потекло на Јустинијан Први, читаме:

Јустинијан бил латинизиран македонски селанец. (Њиллиам Георге ДеБургх, 1953, "*Тхе Легацѕ оф тхе Анциент Њорлд"* - Пенгуин Боокс, п.421).

Што се однесува до македонското потекло на зачетникот на оваа династија Јустин Први (веќе спомнатиот вујко на Јустинијан) во книгата на "*Историја на средновековната цивилизација во Европа*" од авторот Рос Вилијам Колинс, читаме:

Јустин бил македонски селанец, родум од една населба близу Бедеријана во римската провинција Македонија Салутарис. (Росс Њиллиам Цоллинс, 1936; "*А Хисторѕ оф Медиевал Цивилизатион ин Еуропе"* - Гинн анд цомпанѕ, п.138 *Јустиниан*).

Римската провинција "Македонија Салутарис" (Мацедониа Салутарис) главно се наоѓала на територијата на денешна Република Македонија и била создадена по римската окупација на античката македонска држава. Познато е дека Римското Царство водело три тешки војни за да ја освои Македонија. Тоа им успеало дури во 148 година пред Христа, кога бил поразен последниот македонски цар (за кои некои сметаат дека бил узурпатор) Андриск. Две години потоа (во 146 година пред Христа) Римјаните ја поделиле територијата на македонската држава на провинции. Во 3 или 4 век по Христа, територијата на некогашната македонска држава добила нова административна поделба. Од нејзиниот северен дел била создадена провинцијата Македонија Салутарис. На територијата на оваа провинција подоцна се родил Јустин Први, секако во семејство, кое припаѓало на тамошното македонско домородно население.

На интернет форумот за антички монети (хттп://њњњ.форуманциентцоинс.цом/романцоинс.асп?впар=886 &пос=0наслов: Форум Анциент Цоинс) во врска со потеклото на Јустин Први, читаме:

Јустин Први (518 - 527) имал македонско селанско потекло.

Што се однесува до самиот цар Јустинијан, спомнавме дека неговото вистинско име било Петар Сабат Јустинијан (Петрус Саббатиус Иустинианус).

Тој се родил на 11 мај 483 година. Неговиот роден град се викал Таорисиум (познат популарно како Јустинијана Прима) и истиот се уште не е откриен. Се смета дека се наоѓал во близината на Скопје, поради тоа што во близината на Скопје и денес постои село што се вика Таор, чие име несомнено е наследено од името на Таорисиум, кој се наоѓал некаде во близина (повеќе детаљи за македонското потекло на Јустинијановата династија во книгата "*Византиски цареви од македонско потекло*" од А. Донски, МНЛД "Григор Прличев" од Сиднеј, 2007).

Потсетуваме на зборовите на Стив Херман:

...*Тој е како некој вид барбарин... Поврзан е со народ што Римјаните го покориле...*

Јустинијан, во однос на Римјаните и навистина бил *барбарин* (според дефиницијата на овој поим, според која *барбарин* е недомороден човек, кој зборува неразбрлив јазик, т.е. *брбори* - повеќе детаљи за ваквото толкување на овој термин во странската наука се предадени во книгата *"Јазикот на античките Македонци"* од А. Донски, Штип, 2006).

И навистина тој бил ...*поврзан со луѓето кои Римјаните ги покориле...*, т.е. со Македонците на чиј народ и самиот припаѓал.

На крајот од овој пасус Стив вели:

Од таму од каде што доаѓа тој, исто така има висок степен на култура. И тоа не само римска култура, туку и неримска култура со која тој бил поврзан.

Мислам дека нема потреба да потсетуваме на високите дострели на античко-македонската култура, која по римската окупација на Македонија, се уште егзистирала во Македонија паралелно со новата римска култура.

Во останатиот дел од исказот на Стив Херман посветен на овој римски цар, гледаме дека има и неколу општи квалификации (кои, сепак, можат да се однесуваат и за други владетели, па затоа овде не ги анализираме). Има и неколку лични пораки, кои исто така, од разбирливи причини, ги оставаме без коментар.

Контакт со моите покојни роднини и искази за моите живи роднини

Со голем интерес очекував да слушнам што ќе каже Стив Херман за евентуалниот контакт со моите покојни роднини, како и за описот на моите живи роднини. Можеби ова беше клучен миг за валидноста на она што допрва следуваше? Имено, тој можеби можел да прочита по нешто за македонската историја, па да ми го пренесе истото како наводна информација од

духовниот свет, иако и ова е малку веројанто, поради причини што ги наведовме, како што се: неговата презафатеност, апсурдноста на помислата дека тој за секој свој иден посетител ќе чита однапред во детаљи за неговото поле на интерес - а такви ги има стотици, потоа фактот што пред сеансата јас воопшто не му спомнав за кого точно се интересирам и сл. Сепак, ете, само да претпоставиме дека тоа теоретски е можно. Но, за моите живи и покојни роднини апсолутно не постои никаква можност да знаел нешто однапред! За моето семејство нема објавено никакви детаљи на интернет, а уште помалку на англиски. Но, да видиме што кажа Стив во врска со моите роднини. Неговите изјави ги подредив според личностите за кои зборуваше:

СТИВ: ...Чувствувам семејни вибрации од духовниот свет... Гледам човек и жена кои доаѓаат овде. За жената чувствувам како да не јадела доволно, буквално чувствувам речиси како да гладува... Тие ми покажуваат голема торба со плодови. И би сакал да зборувам за плодовите, кои биле собрани, но бербата им била одземена, а она што им било оставено одвај им стигнувало... И тие ми покажаа расни свињи. Но свињите се мали бидејќи не можеле да ги прехранат. Не сум сигурен, но мислам дека се работи околу Втората светска војна, но јас дефинитивно чувствувам дека овие луѓе... Како да имале некоја берба на нешто, но таа им била одземена и не можеле тоа да го искористат за себе.

ЈАС: Кажи ми за човекот?

СТИВ: Чувствувам дека двајцата што ти ги опишав, ми испраќаат семејни вибрации. За другите

присутни не чувствувам дека ти се роднини. Такви информации добивам.

ЈАС: А што е со господинот?

СТИВ: Мислиш на оној со бербата и тие работи?

ЈАС: Да.

СТИВ: Само да се поврзам со него... (Се замислува). *Тој доаѓа со жена овде од духовниот свет...* (Објаснува со рацете) *Тоа е како тоа што го работел... Како плодовите на неговиот труд... да му биле одземени. Ме разбираш? Тоа е како да работел работа, но некој што владеел, некој од владата, некој што имал моќ, му го одзел тоа што го создал...*

ЈАС: Што друго можеш да ми кажеш за него?

СТИВ: Господинот што дојде од духовниот свет е како некој што создал плодови од својот труд. И како да му ги одзеле за да направат подобра распределба.. Тоа е што ми се прикажува...

(...)

МОЈ КОМЕНТАР: Повеќе детаљи од овој исказ фрапантно се поклопуваат со мои блиски роднини. Конкретно се работи за еден мој чичко (на татко ми брат), кому по Втората светска војна, комунистите му ја одзеле фабриката за намештај што ја поседувал, па тој буквално останал речиси да гладува. Точно е и дека чувале неколку свињи во дворот на својата куќа, заедно со мојата стрина, за да се прехранат. Овде Стив прво спомна "*плодови*" и "*берба*", која им "*била одземена*", но потоа објасни дека тоа всушност биле симболични плодови создадени од трудот на тој човек, т.е. нешто што самиот го создал, но му било "*одземено*" и тоа од страна на "*некој што владеел,*

некој од владата, некој што имал моќ", што целосно се поклопува токму со комунистичката власт. Интересно е и спомнувањето на мотивот за ваквото одземање. Стив вели: "*И како да му ги одзеле за да направат подобра распределба*". Ова јасно се поклопува со т.н. национализација кога на народот сосила му биле одземани материјалните добра во склад со тогашната комунистичка утопија за "еднаквост меѓу луѓето". Стив симболично спомнува "*голема торба со плодови*", што значи дека станува збор за некоја покрупна работа што тој човек ја создал, но му била одземена. Ова се поклопува токму со фабриката за намештај на чичко ми.

ЈАС: Уште нешто за моите роднини?

СТИВ: ...Сакам да зборувам за нешто како западен дел од Европа. И сакам да зборувам за уметност и за култура.

ЈАС: За уметност?

СТИВ: За уметност и култура од тој дел на светот... Знам од каде си ти, но зборувам за западниот дел, Белгија, Франција или така некако... И сакам да зборувам за жена, која се интересира за овие работи... Чувствувам некого од материјалниот свет која била таму... Чувствувам дека таа е од твоето место, но ја гледам и во другиот дел на Европа... Чувствувам луѓе од тие краеви на кои не им се допаѓала многу.. И чувствувам дека е од место во кое нема многу можности за едукација и затоа таа оди... Како да оди со воз во западна Европа... И таму работела некоја минимална работа за која била заинтересирана... А таа се интересирала за уметност... И се интересирала за земјоделие... Тоа

го чувствувам овде. Чувствувам нејзини сестри кои биле подалеку... И овде сакам да кажам дека таа превзела многу ризици... Имала луѓе во семејството кои не се согласувале со тоа што го работи и се обидувале да ја отргнат... Но таа не барала одобрување од нив заради својот ризик... Ти исто така во материјалниот свет превземаш ризици, но тие секогаш се исклучоци...

МОЈ КОМЕНТАР: И овде Стив кажа сосема точни податоци. Точно е дека имам блиска жива роднина, жена, која своевремено престојуваше во една западноевропска земја заради причини поврзани со уметноста (сликарството). Точно е и дека таа (пред да оди во пензија) се занимаваше со, така да се каже, "ризична работа" (новинарство, со кое понекогаш некои луѓе беа иритирани, реагираа и сл.), а точно е и дека хоби и е земјоделието.

СТИВ: ...Гледам маж од духовниот свет... Ги гледам неговите уметнички слики на плафонот и на sидовите... Тој бил откачен човек... Се занимавал со помодерна уметност и не е многу реалистичен во стилот. Овој човек е навистина откачен и тој ги работел своите уметнички проекти многу современо... Чувствувам дека уметноста на овој човек не била прифатена од просечните луѓе... И чувствувам дека ти и тој сте слични во многу работи...

ЈАС: Која му е возраста?

СТИВ: Чувствувам дека овој човек... Не можам добро да го проценам, но тој се обидувал да ги иритира луѓето околу себе... Понекогаш им доаѓал преку глава... И чувствувал задоволство кога ги

иритирал луѓето, бидејќи тогаш им покажувал кој е тој. И чувствувам овде дека уметничката критика или некој што е етаблиран во таа област, не го сакала делото на овој човек... Не го разбирала и се обидувала да пронајде слабости во него. Но овде чувствувам дека имал авторитет и всушност на луѓето им се допаѓал... Тој донесува овде многу човечност.

ЈАС: Како изгледал физички?

СТИВ: Не гледам како изгледал... Само ги чувствувам дека се овде горе (покажува кон таванот над мене) *И за овој човек чувствувам дека ако сум жена, ќе се држам настрана од него... Ти како да си прифатил некои од неговите сфаќања и си отишол уште подалеку, но исто така не си дозволил да застраниш. Ти си ги превзел неговите идеи и си ги подредил така што не си дозволил да бидат провокативни. Останале многу незавршени работи кај овој човек.. И чувствувам овде дека во некои работи претерувал и со тоа самиот себе си го скратил животниот пат... Работел на своја штета. И чувствувам дека имал многу гнев во себе и чувствувам дека со овој човек било тешко да се живее. Тој сакал да биде главен во се и да биде во центарот на вниманието... Но, ако нешто не му е по ќеиф, не сакал да биде втор во однос на никого. Не сакал на друг, освен нему, да биде обрнувано внимание... И овде сакам да кажам дека ако тој би бил овде чувстувам дека би покажал разбирање за она што го работиш... Тој е обземен со самиот себе и не му е грижа за тоа како луѓето го прифаќаат. Тој, во симболична смисла, е како "кловн". Тоа ми се*

прикажува... Чувствувам дека бил многу авангарден и предизвикувал внимание.
(...)

МОЈ КОМЕНТАР: Фрапантно поклопување со ликот на мојот друг покоен чичко (брат на татко ми). Точно е дека тој беше сликар, склон кон современата уметност. Точно е дека бевме многу блиски со него, но и точно е дека живееше боемски, живот честопати исполнет со некоја чашка повеќе и склоност кон припадничките на понежниот пол (“*...чувствувам дека ако сум жена, ќе се држам настрана од него...”*). Во суштина тој беше добар човек, иако понекогаш незло-намерно и навистина сакаше да биде во “центарот на вниманието”. Самиот доживеа голема несреќа по смртта на жена му, а подоцна и на ќерката (стрина ми и братучетка ми), по што релативно рано згасна и неговиот живот.

СТИВ: Еден друг човек... Тој бил далеку пред своето време... Кога ќе направи нешто, по две или пет години и другите ќе го прават тоа, но тој прв го почнал... Луѓето го критикувале, други уметници, други луѓе... “Ова не е добро. Ова не е релевантно”... А потоа сите го правеле истото (...) Тој човек, кој чувствувам дека е сликар... има измачкано врз себе бои насекаде... Како да седнува да вечера, но вели дека не сака да се преоблече... Рацете и алиштата целите му се измачкани со бои, но не сака да се преоблече... Разбираш што зборувам? Тој човек е извалкан, ама сепак ќе седне да јаде... И чувствувам жена која доаѓа од духовниот свет, на која тоа не и се допаѓа. Таа му вели да се преоблече и измие. Таа е постара како баба, но таа е упорна бидејќи тој е

измачкан со терпентин и бои по алиштата и рацете, а таа се нервира заради тоа. И таа не ја сакала многу уметноста...

ЈАС: Кажи ми за човекот чии алишта биле извалкани со бои?

СТИВ: Тој сакал така да се однесува... За жената чувствувам дека таа е како баба или така некако. Таа е постара. И видов дека овој човек сепак си терал по свое...

МОЈ КОМЕНТАР: Додека присуствував на сеансата, признавам дека оваа изјава најмногу емотивно ме погоди. Овој опис целосно се поклопува со мојот татко познатиот македонски сликар и писател Љубомир Донски (1926 - 2006). Точно е дека тој, во извесна смисла, бил "*далеку пред своето време*". Имено тој е автор на првиот научно-фантастичен роман за возрасни објавен на македонски јазик. Тоа е романот "Враќање од пеколот" (1966 год.). Ова е јасно потенцирано и во "Енциклопедијата за научна фантастика" (*Просвета*, Белград, 1990 стр. 330). За ова свое дело, во 1997 година, тој доби признание од Центарот за научна фантастика на Македонија "Визија". Интересно е тоа што во својот роман тој имаше предвидено неколку изуми и технички помагала, кои подоцна станаа стварност (мобилни телефони, видеофони, интерпланетарни станици, театри со вградени екрани во ложите сл.). Поради сето ова литературниот критичар и уредник во Македонското радио Гордица Величковска го нарече Љ. Донски "*македонски Жил Верн*", а слично пишуваше и познатиот литературен критичар и есеист д-р Соња Стојменска Елзесер во својот подолг есеј под наслов: *Научно-фантастичниот роман "Враќање од пеколот"*

од Љубомир Донски (*Спектар* - Списание на Институтот за македонска литература, Скопје, бр. 43 - 44, 2004 год.). Инаку, повеќе детаљи за дејноста за Љ. Донски се објавени во Монографијата за него (во издание на "ЕМАРИ", Штип, 2008 год.).

Понатаму, точно е и дека понекогаш занесен во сликањето, татко ми не внимаваше многу на своите алишта, кои честопати му беа измачкани со бои и терпентин, па овој детаљ најмногу ме погоди. Дали постарата жена што Стив ја опиша како "баба" (моја?) е неговата мајка Рајна (1888 - 1968), која го "карала" затоа што бил измачкан со бои - тоа не можев да го потврдам, но факт е дека таа како стара жена веројатно сакала нејзиниот син да се занимава со некоја друга "посигурна" дејност отколку со уметност.

Пораки поврзани со мојот приватен живот

Стив Херман ми пренесе неколку пораки и за мојот приватен живот, минато, сегашност, па и иднина. За оние негови пораки што се однесуваат на иднината, не можам да дадам коментар. Ќе видиме што ќе се случува. Но, меѓу оние посветени на некои состојби од мојата сегашност, имаше такви кои целосно се поклопија со реалноста во која живеам.

СТИВ: И чувствувам со тебе, за она што го работиш, безмалку како да ми требаат шест или осум помошници за да ми помогнат бидејќи чувствувам со тебе како да одам ту во овој, ту во оној правец, како да одам во осум насоки наеднаш... И сакам да зборувам за една жена. Таа жена

практикува многу прогресивен начин на размислување и сака да ти помогне. Сакам да кажам дека други луѓе од таа професија од вашиот дел на светот, изгледа како да не сакаат да те прифатат, како да не сакаат да ја согледаат релевантноста на тоа што ти го истражуваш. И чувствувам дека ти како да не си од нивната култура, така да се изразам. Но чувствувам и сакам да кажам дека ти ќе одиш понатаму и ќе направиш нови истражувања... И чувствувам како... Не може да бидеш одеднаш на сите пет страни... Така тие сугерираат... Наместо да ја расплинуваш својата енергија на различни работи наеднаш, ти треба да се фокусираш на ова токму сега, поврзано посебно со регионот на Персија... Тие како да ми ја потенцираат таа област... И сакам да ти кажам дека твоето минато животно искуство во тој дел од светот, не гледам дека било позитивно... Какви и да си имал намери, не мислам дека си стигнал далеку... Чувствувам дека си бил спречен... Значи дефинитивно се чувствувам многу непријатно поради тие сеќавања. Така да се изразам.

ЈАС: Мислиш на мој претходен живот?

СТИВ: Да. Но, тоа било во тој дел од светот. А овде сакам да кажам дека ти си досозреал и си се развил во значителна мера оттогаш и сакаш да се вратиш таму. Сакам да кажам дека младата генерацијаа од твојот дел од светот, како и една госпоѓа, и други на иста линија, тие во голема мера ќе ги прифатат истражувањата што ги работиш. И би сакал да кажам дека луѓето кои се на официјални позиции, посебно оние од постарите генерации, не ќе

го прифатат тоа. Знаеш оние од бирократските кругови... Тие ќе стојат на страна.

МОЈ КОМЕНТАР: Стив на двапати спомнува некоја жена која ми помагала во работата. Точно е дека постои таква жена. Тоа е проф. Марија Кукубајска, која од пред извесно време целосно застана зад објавувањето на моите книги со секаков вид материјална и интелектуална помош. Веќе спомнав дека таа, заедно со својот американски пријател и поранешен дипломат Макл Брекстон го организираа и помогнаа моето патување во САД и во Алачуа на Флорида. Марија помогна и во објавувањето на мои претходни книги.

Понатаму, точно е и дека одделни кругови од постарите генерации кај нас, кои своевремено поинаку биле воспитувани, не ги прифаќаат некои од моите историски трудови, иако зад речиси сите мои книги, како рецензенти, стојат и врвни имиња од нашата "официјална" наука.

За тоа дека во мојата работа сум "расплинат" на повеќе места наеднаш, не треба ни да објаснувам...

СТИВ: И гледам овде, чувствувам овде многу долга брада во симболична смисла... И чувствувам некој доста стар... Чувствувам дека е вклучен во сето ова... Ти ќе работиш... Ти ќе пронајдеш многу... Луѓе кои сега се деца, кога ќе пораснат на дваесет години, кога ќе осозреат, тие тогаш ќе те поддржуваат, а сега има луѓе кои не ја прифаќаат релевантноста на тоа за кое зборуваш, но следната генерација, откако ќе порасне, чувствувам дека од нив ќе имаш голема поддршка да продолжиш со напорите да го работиш тоа што сега го работиш...

И чувствувам дека во материјалниот свет има луѓе кои немаат исти идеали како ти што имаш. И чувствувам дека едукацијата ќе одигра голема улога среде младите генерации овие идеи да бидат ширени од нивна страна. Тие ќе ги шират во својот живот и начин на размислување... И овде сакам да кажам дека ако ти објавиш книга, нешто со лесен стил за да можат 13 и 14 и 12 годишни деца да го читаат, тоа ќе остави влијание врз нив. Тоа ќе ја оформи нивната животна филозофија... Кога тие 12-13 годишни деца ќе ја прочитаат, ќе ја апсорбираат за оформување на својата филозофија, која ќе ја задржат и кога ќе пораснат.

... И овде чувствувам дека како што ги работиш работите, твоите толкуања, без разлика што некои луѓе мислат дека се невообичаени и неконвенционални, всушност ти имаш многу добри идеи за тоа. Твоите толкувања се всушност многу точни, тоа го чувствувам овде. И чувствувам дека некои луѓе речиси како да кријат информации од тебе, ама тоа нема да им успее и ти треба да одиш понатаму... Ако сакаш да одиш во библиотека за да побараш книга, или ракопис, тие се уплашени во стилот: "Тој не е квалификуван, тој нема докторат", а всушност ти подобро го интерпретираш тоа во однос на некој што има докторат.

... Ти ќе добиеш идеи за кои отпрвин ќе ти се чини дека немаат смисла, но сепак ќе се нафатиш да ги одработиш.

...Исто така чувствувам овде во материјалниот свет господин, кој ти е пријател или познаник... И чувствувам дека тој има голема интуиција.

Гледам создавање на асоцијација преку која ќе ти помогне и всушност чувствувам помош за тебе и за твоето претставување...

... Ти ќе сликаш фотографии поврзани со археолошко истражување што ќе го направиш... Ти ќе раководиш со проект... Мислам на духовни аспекти од тоа фотографирање... Ти ќе направиш уште работи кои ќе ги намисираш... Такво чувство имам...

... И чувствувам дека во тоа има порака за тебе бидејќи чувствувам дека ти тоа што го работиш, она што луѓето погрешно го сфаќаат и не го разбираат всушност ќе биде целосно прифатено посебно од младите генерации откако ќе пораснат. Разбираш? Она што го работиш сега можеби сега не е признато во доволна степен, но во блиска иднина тоа ќе биде прифатено. И за тоа ќе поминат години... Многу од сегашните мали деца тогаш ќе бидат потпаднати под тоа влијание, откако ќе дојдат на позиции, откако ќе пораснат.

...Ти уште сега си ја создаваш иднината. Чувствувам како удар на молња и тоа е добар знак... Тоа е духовна моќ што доѓа од Господ. И сакам да кажам дека ќе одиш накај Индија... И ми се прикажуваат заедници... Европски заедници кои живеат во Индија... Тие се со потекло од Европа, но живеат индиски начин на живот... И тоа ми е прикажано... И овде чувствувам дека ќе одиш на многу места но треба да се фокусираш на една работа, да се концентрираш на една, а не да правиш се наеднаш. И чувствувам дека ќе бидеш овде на подолго време, но нема да правиш иста работа за следниве четири години....

И чувствувам како да работиш на многу проекти 5 или 6 книги или проекти наеднаш, но најдобро ќе биде ако се фокусираш на една... Овде исто така гледам некој вид ракопис ... И чувствувам како некој да сака да сними филм... И сакам да кажам дека има човек во материјалниот свет кој изгледа дека е заинтересран да го направи тој филм, но не му верувај... Сакам да кажам дека тој човек е измамник... И чувствувам дека тој измамил многу луѓе, а ќе се обиде да те измами и тебе... Има многу негативно за овој човек... Ако ти направиш нешто, тој нема да го прифати начинот на кој тоа си го направил... Начинот на кој си го извел тоа... И овде сакам да кажам дека ќе создаваш и понатаму, она што се бара од тебе... И навистина ќе го направиш тој филм... Некој вид проект... Тоа е она што го чувствувам ... Чувствувам соработа со некој видео или филмски продуцент, кој ќе документира една книга... И тоа ми изгледа како некоја важна работа...

МОЈ КОМЕНТАР: И овде ќе спомнам дека личните пораки за мене и за моето творештво нема да ги коментирам, освен некои од нив. Стив вели:

...Исто така чувствувам овде во матерјалниот свет господин, кој ти е пријател или познаник... И чувствувам дека тој има голема интуиција. Гледам создавање на асоцијација преку која ќе ти помогне и всушност чувствувам помош за тебе и за твоето претставување...

Ова е сосема точно, т.е. целосно се поклопува со реалноста во времето на пишувањето на оваа книга. Имено, отприлика во тоа време добив работа во новооформениот Институт за историја и археологија при

универзитетот “Гоце Делчев” од Штип, па ова целосно се поклопи со кажаното од Стив.

Понатаму вели дека сум работел на неколку проекти наеднаш (*5 или 6 книги*). Верувале или не, во мигот кога тоа ми го кажа, работев точно на пет книги наеднаш (романот “Обединувањето на Македонија”; книга за античко-македонските историчари: книга со старогрчки сведоштва за засебноста на античките Македонци, превод на англиски на мојот роман “Тајната на Бакарната книга” и монографијата посветена за животот и делото на мојот татко). Се разбира дека по враќањето од САД почнав со работа и на шестата книга, која во моментов ја читате.

Точно е дека се водеа и неуспешни преговори за снимање филм за една моја книга, иако луѓето со кои се разговараше се исклучително чесни, па останува да се види дали и што ќе се “исполни” од кажаното (преговори за филм со некој не многу чесен; одење кон Индија кај луѓе кои “*потекнувале од Европа*”, можеби Хунзите, иако тие живат во Пакистан, но таа држава порано била составен дел од Индија) и сл.

Како завршен коментар посветен на исказите во врска со мене и моето семејство, ќе кажам дека Стив несомнено спомна детаљи, кои целосно се поклопуваат со реалноста од мојот приватен живот и семејство.

Контактот со Александар Велики Македонски

На крајот ќе го пренесеме она што јасновидецот Стив Херман го кажа во врска со појавувањето на

духот на царот Александар Велики Македонски, секако проследено со кратки коментари.

СТИВ: Чувствувам овде, друг човек се појави напред, тој знае како да ги разбуди луѓето, тој знае како да ги придвижи нештата. Чувствувам овде дека тој направил нешто заради што луѓе на повисоки позиции во власта ќе го отстраниле...
(...)

Овде чувствувам... Тој доаѓа овде... Има и други луѓе, но... Тој човек изгледа како некој римски тип на водач... Тој доаѓа и е на повисоко ниво... Го чувствувам тоа според начинот на кој е облечен... И чувствувам... како да е некој главен окружен со војници налик на Римјани... И овде сакам да кажам дека тоа е некој кој минувал планини... Не знам дали се тоа Алпи или какви било планини, но тој ги минувал и им нудел мир на народите. Не можам да го кажам неговото име, но можам да дадам негов опис, во ред?

ЈАС: Во ред. Дали е тој млад или...?

СТИВ: Сакам да кажам дека овој човек е како... Ме потсетува на филмските ѕвезди Чарлтон Хестон или Рок Хадсон... Тие изгледаат младолико... Тоа го примам.. Всушност не ми е прикажана неговата физичка возраст... Тој ми зборува повеќе за својата политика и ми зборува за неговите ставови и гледишта.

ЈАС: Дали е можно дека тој можеби не е Римјанин? Мислам... И други луѓе тогаш се облекувале така...

СТИВ: Да, да, можно е... Двајца се, а едниот е под римско влијание, поради латинскиот...

ЈАС: Дали може да ти каже нешто?

СТИВ: Овде сакам да зборувам за... влијанието на културите... За региони што денес се под муслиманите. Тоа е што го чувствувам овде... Како да ме тера да патувам на Средниот исток, Турција и тие земји, каде дефинитивно имало искушенија... Чувствувам дека станува збор за нешто... Како да е поврзано со Персија или така некако... Има нешто како златно руно... Чувствувам како да сакам да се загрнам со лавовско крзно околу телото и како да сакам да имам лавови околу себе... Сакам онде да се постават лавови, сакам лавови овде (покажува со рацете како да поставува нешто околу себе)*. Оставал лавови околу себе... Големи лавови... Тоа ми е прикажано овде... Сакам да кажам и дека оваа личност била поврзана со Индија... Сакам да зборувам посебно за Шива... За окото на Шива... Тоа не е само персиски тип на култура, но чувствувам дека исто така е нешто што се среќава во Индија... Дали разбираш што сакам да кажам?*

ЈАС. Би сакал да знам повеќе за таа личност...

СТИВ: Тој дојде овде...

ЈАС: Те молам кажи ми колку што можеш повеќе за него.

СТИВ: Кога ти зборуваш и сакаш да поставиш прашања, јас сум медиум...

ЈАС: Замоли го да каже некоја порака.

СТИВ: Не сум сигурен дали тоа ќе ми се прикаже во мислите...

ЈАС: Кажи што и да ти се прикаже...

СТИВ: Во ред... Од сето она што го примам јас нешто чувствувам, нешто слушам... Ќе видам што можам...

ЈАС: Обиди се, те молам.

СТИВ: Само да се обидам да дојдам поблизу... (Молчи извесно време и се напнува. По извесно молчење зборува испрекинато и низ тешко дишење). *Ние сакаме да комуницираме со вас...* (Пак молчи. Мижи и се концентрира)*... Она што е неправедно поделено, никогаш... никогаш нема да опстои...* (Пак молчи)*... Ние сакаме се да биде исто за сите...* (Молчи и се напнува) *Ви го давам мојот печат... Мене како рацете да ми се отсечени... Како да сум ја пресекол...* (пак пауза)*... земјата... Чувствувам... пат... Чувствувам како да сакам да пронајдам свила... Сакам да пронајдам... Да зборуваме за цела Персија, за сите култури, за сите работи овде... Јас стигнав до тука... Сакав да одам уште подалеку... И ми се прикажуваат камили... И чувствувам дека сум заинтересиран за јазикот, заинтересиран сум за писмеността од оваа област... Заинтересиран сум за начинот на кој тие всушност пишуваат... Заинтересиран сум за стекнување знаења...* (Пак пауза)*... Ние стоиме зад тебе и работиме со тебе.... За она што ние сме заинтересирани... За она што јас сум заинтересиран, исто и ти си заинтересиран... Многу е ретко некој да биде посветен толку колку што си ти... И мора да продолжиш натаму... Каде што ќе одиш, повеќе ќе се открива, повеќе ќе ти се даде... за на што го бараш... И тој ви дава вам* (воздишка) *Чувствувам како да сака да ви даде нешто како голем ... Не сум сигурен нешто како рубин... Голем камен...*

Но, чувствувам дека е од исток... Чувствувам како да ви ги дава овие подароци... од луѓето кои владееле таму... Јас не одев за да водам војна, иако чувствувам дека таму имало војна... Јас дојдов заради култура... Чувствувам како да сакам да зборувам за лингвистика... Сакам да зборувам за јазикот... (Пауза)... *А твојата... Твоите написи, твојата работа... твоите истражувања што ги работиш... ќе те одведат уште подалеку... Но, тој ти дава на тебе... заштита, но исто така ти дава и моќ... Чувствувам дека се работи за моќ и способност за пишување, за моќ за изразување... Значи не треба да се бориме... Треба да создаваме пријатели среде народите... Да ги доближиме поблизу до нас... Да им ги доближиме нашите ставови...*

...Чувствувам овде дека оваа личност била голем водач и голем освојувач... Чувствувам не само освојување, туку и дека тој ги образувал луѓето... Ширел култура...Тој како да ги извлекувал добрите работи од секоја култура и ги пренесувал натаму.

ЈАС: Прашај го за неговиот гроб?

СТИВ: Да видам што ќе ми каж ат за тоа... Тој ми прикажува рог... Со многу чуден облик... Не знам како да го опишам (гестикулира со рацете)*... И чувствувам дека овој човек... Сакам да кажам дека каде и да одел луѓето всушност го сакале... "Ако сакаш да не освоиш, ќе не радува да не освоиш."*

ЈАС: Може ли да ти даде информации за неговиот гроб?

СТИВ: Можеби, не знам.. Понекогаш вакви работи (нејасно зборување на двајцата)... *Овде сакам да кажам дека она што било сторено, во однос на мес-*

тото каде се наоѓал гробот, ми изгледа како... овој гроб да бил запоставен... Чувствувам деа луѓето оделе на тој гроб, упаѓале во него и изнесувале, тој бил занемарен и ми личи дека бил ограбуван или така некако. И јас го расчистувам тој гроб... Како да влегувам во него и како да правам светилиште и споменик. Како да го препородувам. И чувствувам дека многу од твоите ставови, и твоите знаења и твојот приод се поврзани со овој политиката на овој човек и начин на раководење... Овој човек е од дамнешните времиња... Далеку пред времето на твојата животна филозофија и проучувања... И сакам да кажам дека што и да се зборува за неговиот гроб, чувствувам дека тој е многу радосен заради тоа... Ќе се случи... оживување на сеќавањето за неговиот гроб... И тоа е нешто кон кое тој е многу наклонет... Многу негови идеи, од времето на неговото постоење се деформирани и тоа е она за кое ти зборуваш... Тоа е дволичност...

ЈАС: Значи не ти кажа ништо за неговиот гроб?

СТИВ: Што и да...

ЈАС: Дали ќе биде откриен?

СТИВ: Овде чувствувам дека... Сакам да го ставам под закрила неговиот гроб и да направам место за поклонение од него. Тоа ми е прикажано... Како да го најдов, како да го претворам во парк.. со цвеќиња... Сакам да кажам овде дека неговиот гроб... Тоа е нешто запоставено, но исто чувствувам дека тоа е нешто што ќе биде откриено... Тоа го чувствувам... Тоа ми се прикажува... Но, исто сакам да кажам дека ако неговиот гроб бил тука, некој

изградил високи згради над него... И изградил други градби наоколу. И овде сакам да кажам дека каде и да се најде гробот, кој и да го најде прв, нема да препознае во него археолошко значење... Можно е тие да не знаат чиј гроб е тоа... И кое е неговото значење, но ако биде превземно вистинско истражување, ќе биде потврдено со факти дека тоа е токму неговиот гроб... И гледам луѓе археолози, кои ќе велат: "Ова не е неговиот гроб" и секогаш ќе наоѓаат причини за тоа, но тоа ќе биде неговиот гроб. И ќе има борба за неговиот гроб и ќе се престори во светилиште... И знаеш... Гледам цвеќиња... Гледам прекрасно чисто место... И сакам да кажам дека многу од неговата агенда, многу од неговите идеи, се искривоколчени и запоставени. И сакам да кажам дека ти треба да се бориш за тие идеи бидејќи потребно е младите да бидат запознати со тие идеи...

ЈАС: Дали тој знае, ако е тој Александар Велики, за спомеником за него во мојот роден град?

СТИВ: (Пауза). *Чувствувам дека луѓето таму сакале да го обезличат. Дека луѓето сакале да го урнат затоа што ја предизвикува власта... Чувствувам како да го обземал градот... "Ние не го сакаме, па затоа тргнете го". И овде сакам да кажам дека твојот град се противел... Тоа ми се прикажува... И чувствувам овде дека тој е многу горд на ова бидејќи, каде и да се наоѓа твојот град и што и да се случило таму, на крајот се испаднало како што треба.. И гледам човек... Тој е многу отворен... Тој не се грижи за она што локалните луѓе го*

зборуваат за него... Тоа е она што овде го чувствувам... Многу луѓе го сакаат овој човек...

ЈАС: Дали овој водач не смета мене и мојот народ за исти како него? И што ни порачува да правиме како нација, како Македонци?

СТИВ: Сакам да кажам дека кога вие самите на себе си наштетувате, никој не моѓе да ви помогне... (...)

ЈАС: Ме интересира водачот. Дали тој вели дека ние сме ист народ?

СТИВ: Овде сакам да кажам...

ЈАС: Те молам прашај го повторно за ова?

СТИВ: Чувствувам дека луѓето на кои тој припаѓал всушност го населувале истиот простор каде вие живеете... Значи, да, вие сте ист народ... Но, исто сакам да кажам дека имало луѓе таму и... тие станале едно... И навистина има продолжение на нивното потекло. Чувствувам како да има пат и... Тоа е како во Америка. Ние имаме источен брег и западен брег. Иако тие се целосно одвоени физички, меѓу нив има големо растојание, тие навистина се ист народ и имаат иста култура...

ЈАС: Тоа ми е доволно.

СТИВ: ОК.

ЈАС: Прашај го за неговиот јазик.

СТИВ: (Извесно време молчи)*. Сакам да кажам дека... Вие го разбирате јазикот... Други народи не го разбираат...Ти разбираш од каде потекнува тој јазик, а овој човек има... Тој е многу директен и чесен за она што го зборува... Но некои што читаат нешто за него, како да имаат предрасуди, некои нема да ја сфатат смислата, нема да ја сфатат идејата за*

него. Тие гледаат негативно кон овој човек. Тоа е што ми се прикажува. И овде сакам да кажам дека гледам некои на академско ниво кои имаат теорија и идеја за која изнесуваат претпоставки, но таа не се е уште до крај прецизирана. И овие луѓе нема да ги променат своите теории и ќе напишат книга за тоа... Но, овде сакам да кажам дека ти мора да продолжиш да се бориш како оган со оган и да ги користите неговите зборови бидејќи ти всушност пишуваш под негов директен диктат за луѓе кои самиот ги познавал... Тоа се описи од прва рака.
(...)

И овде сакам да кажам дека тој не ми зборува на својот јазик, туку тој зборува за идеи кои доаѓаат до мене, тие работат преку моите помагачи и ти треба да го разбереш значењето на сето тоа.

ЈАС: Дали јас го разбирам значењето на неговиот јазик?

СТИВ: Да, ти го разбираш неговиот јазик... Исто така сакам да зборувам за твојот мајчин јазик, во ред? И сакам да зборувам за клучни пишани зборови. Како да треба да одиме кон постарите јазици од порано... Од нив постојат зборови што се уште се во употреба, кои се зачувани... Тие клучни зборови се модифицирале со текот на вековите, но потекнуваат од дамнина... Чувствувам дека треба да зборувам за лингвистиката. Ти како да си зборувал со некого кој е постручен од тебе, кој е експерт за лингвистика за античките јазици и за нивните корени како што се разгранувале, низ разни региони... Како да гледам некои оригинални истражувања што треба да се спроведат... Досега се уште се во

зачеток, но мора да се продолжи се додека може... И чувствувам некого во материјалниот свет, кој е експерт за лингвистика. Тие ќе покажат интерес да го истражат ова... Всушност тоа е многу провокативно... Нешто што на професионално и на лично ниво предизвикало љубопитност... И чувствувам дека... Како да сакам да го студирам стариот традиционален јазик од твојата земја... Не мислам да одиме назад кон Грција или слично, туку оној од пред последниве неколку стотици години со традиционалните пишувања... И чувствувам дека ќе бидат откриени промените што се случиле во однос на основните елементи...

(...)

И чувствувам многу врски... Трговски врски, патишта... кон Блискиот исток... Патишта кон муслиманските земји и Индија, кон тие предели... И чувствувам дека треба се оди во музеј каде и да се наоѓа, за да се најдат артефакти од таму... Однесени таму преку трговија во воена смисла... И овој човек ви нуди мапа. И чувствувам дека тоа е мапа на светот, на Персија. И сакам да зборувам за некого кој се интересира за изработка на мапи и всушност на мапата поставува координати. И чувствувам дека овој човек се интересирал за богатствата на светот. Што има на овој пат? Што има зад планината? Што има овде? И тој сакал да знае какви се народите. Чувствувам дека треба да зборувам за Африка, треба да зборувам за Индија и за Африканците... Чувствувам опаснот, луѓе речиси како дивјаци... Ако да ја поминат реката ќе ги нападнат... Бил многу заинтересиран за индискиот начин на живеење...

Дефинитивно тој поминал многу време околу Персија и тој дел од светот, тоа го чувствувам овде. Дефинитивно бил заинтересиран и за африканскиот континент... Луѓе со црна кожа... Дали ова има смисла?

ЈАС: Да, да...

(...)

МОЈ КОМЕНТАР. Најнапред сакам да потенцирам дека коментарите што следуваат во продолжение се лично мои субјективни мислења и немам претензии истите да ги наметнувам како "апсолутна вистина", пред се поради самиот карактер на содржината на она што е коментирано. Од друга страна се обидувам да понудам што е можно повеќе аргументи, па на крајот, самиот читател нека заклучи што може да биде вистина во сето ова. Но, да почнеме со анализа на досега изнесеното.

Како прво некој можеби ќе забележи дека Стив Херман, за време на сеансата, никаде јасно не го спомна името на Александар Велики. Меѓутоа, во нашата подоцнежна преписка тој потврди дека верува оти душата на водачот што се појави на сеансата била токму на Александар Велики Македонски. Па, зошто тогаш тој не го спомна неговото име? Одговорот на ова прашање ми го даде самиот Стив во разговорите вон сеансата. Тој ми објасни дека обично не спомнува имиња на историски личности, туку наместо тоа, тој *прима* импулси од духовниот свет и се обидува да пренесе што е можно повеќе детаљи за животот и активноста на нивниот *испраќач*, преку кои заинтересираниот сам ќе може да го препознае. Тој ми рече: "*Многу е лесно некому да му кажеш дека се појавил*

Александар Велики, Наполеон или Ајнштајн. Секој може да ти го каже тоа. Но, потешко е да изнесеш детаљи од нивниот живот преку кој самиот слушател треба да ги препознае."

Мислам дека има логика во ова. И навистина, ако беше во прашање некој несериозен, лесно можеше да каже дека во собата е "*душата на Александар Македонски*", па потоа да зборува општо познати работи за него и сл. Но, Стив не направи така. Иако и тој кажа општо познати работи за Александар, сепак кажа и детаљи кои може да ги знае само добар познавач на ликот и делото на овој славен македонски цар. А Стив не е таков. Тој не е историчар и воопшто не знаеше за која личност јас бев заинтересиран да се појави. Можев да кажам дека ме интересира, на пример, Јулие Цезар или Клеопатра или Марко Крале или Сталин или илјадници други познати и непознати историски личности. Дали тоа значи дека на сите нив Стив однапред им ги проучил животите и дејноста само заради мене? Секако дека е несериозно и да се помисли такво нешто.

Освен тоа, во продолжение ќе видиме дека тој кажа фрапантно точни податоци за споменикот на Александар Македонски во Штип, кои никако и од никаде не можел да ги дознае во материјалниот свет (за што ќе пишуваме во продолжение). Понатаму, веќе спомнавме дека тој јасно препозна и детаљи од мојот приватен живот и семејство, коиисто така немало шанса од никаде да ги дознае. Оттаму, логично е да се претпостави дека ако тој успеал да комуницира со мои роднини од духовниот свет, можел да комуницира и со

други такви субјекти, па и со ликот на нашиот најголем цар...

Впрочем два дена по сеансата и по моето враќање во Арлингтон, на Стив му ја пратив следнава порака:

21.07.2008

Здраво Стив,

Се вратив во Арлингтон по мојот прекрасен престој во Флорида. Ти благодарам за средбата, која треба да ја анализирам, иако ти очигледно кажа неверојатни работи за мојот приватен живот, кои не си можел да ги знаеш од претходно.

Понатаму, јас никогаш однапред не спомнав дека сакам да остварам контакт со Александар Велики, но тебе ти се прикажа токму тој. Сакам да кажам дека јас можев да побарам средба со Наполеон или Линколн, но тебе ти се прикажа токму личноста со која сакав да остварам контакт.

Иако ти спомна "римска облека", можеби тоа е бидејќи ти не си стручњак за историја (исто како што ни јас не сум стручен за многу други области), па не можеш да знаеш дека речиси сите европски народи во антиката слично се облекувале. А бидејќи Римјаните долго време биле најпознати среде античките народи, поради фактот што владееле со векови, можеби затоа ти ми кажа дека тој носел "римска облека"!?

Патем, јас доживеав вистински емотивен шок кога ми спомна уметник, сликар, чии алишта биле извалкани со бои. Мојот покоен татко беше уметник и сликар и нему честопати алиштата му беа извалкани со бои.

Откако ќе си одам дома, ќе напишам книга за сето ова. Ако не сакаш да го спомнам твето име во книгата, те молам извести ме и јас ќе употребам за тебе некое друго измислено име.

Ако се сетиш за нешто дополнително во врска со сеансата, те молам извести ме.

Поздрав,
А. Донски

Истиот ден (21.07) од Стив го добив следниот одговор:

Здраво,

Ми беше задоволство да работам со тебе и да бидам во можност да комуницирам со твоите блиски и твоите водичи од духовниот свет.

Беа присутни две историски личности од духовниот свет, кои дојдоа преку истиот "канал". Еден од нив најверојатно беше Александар Велики, но другиот сигурно дека беше римски водач. Јасно ми се прикажа латинскиот јазик.

Иако ти не си побарал да комуницираш со Римјанин, тоа не значи дека не постои некој од тоа време кој сака да работи со тебе.

Преслушај ја внимателно касетата и ќе видиш дека понекогаш описите на луѓето што се појавија, се испреплетуваат еден со друг.

Слободно употреби го моето име.

Ќе бидеме во контакт и Господ нека те благослови.

Стив Херман

Овде практично понудивме и можно објаснување за изјавата на Стив за време на сеансата:

...Тој човек изгледа како некој римски тип на водач... Тој доаѓа и е на повисоко ниво... Го чувствувам тоа според начинот на кој е облечен... И чувствувам... како да е некој главен окружен со војници налик на Римјани...

Всушност сосема е можно дека Стив овде ги *видел* Александар со своите македонски војници кои (според овој јасновидец, т.е. во склад со неговите поскромни познавања на историјата) биле облечени "*налик на Римјани*", што значи дека не биле Римјани, туку така некако биле облечени, т.е. биле облечени според добро познатата мода во антиката (туника, тога, оклоп и сл.), која горе-долу била иста за сите антички народи од јужните делови на Европа и пошироко.

Во врска со физичкиот изглед на појавениот војсководец (Александар з.м.), откако претходно поставив прашање, Стив ми одговори:

Сакам да кажам дека овој човек е како... Ме потсетува на филмските ѕвезди Чарлтон Хестон или Рок Хадсон... Тие изгледаат младолико...

Мислам дека и овде состојбата е јасна. Според автентичниот лик на Александар Македонски тој и навистина бил младолик (изгледал помлад во однос на својата возраст), исто како што Стив овде направи аналогија со, нему блиски, поими, а тоа се младоликите американски актери Чарлтон Хестон и Рок Хадсон.

Да ги разгледаме и следниве зборови од Херман:

Овде сакам да зборувам за... влијанието на културите... За региони што денес се под муслиманите. Тоа е што го чувствувам овде... Како да ме тера да патувам на Средниот исток, Турција и тие земји,

каде дефинитивно имало искушенија...Чувствувам дека станува збор за нешто... Како да е поврзано со Персија или така некако...

Општо познато е дека во најголем дел од некогашната македонска империја што ја создал Александар Велики Македонски, денес се наоѓаат држави во кои исламот е доминантна вероисповед (Иран, Авганистан, Пакистан, Турција, Ирак, Сирија, Либан, Египет...).

Познато е и дека најголемите битки на Македонската војска против Персија (битката кај Граник, битката кај Ис ибитката кај Гавгамела) се одиграле токму во областа на денешна Турција и Средниот исток. Можеби на овие битки се однесуваат зборовите дека во тие земји "*имало искушенија*"? На крајот од овој пасус гледаме дека директно е спомната и самата Персија.

Следува еден многу интересен дел од исказот на Стив:

Чувствувам како да сакам да се загрнам со лавовско крзно околу телото и како да сакам да имам лавови околу себе... Сакам онде да се постават лавови, сакам лавови овде (драматично покажува со рацете како да поставува нешто околу себе)*. Оставал лавови околу себе... Големи лавови... Тоа ми е прикажано овде...*

Првите зборови на Стив очигледно се однесуваат на носењето лавовско крзно од страна на Александар. Ова целосно се поклопува со историската вистина. Познато е дека Александар и навистина понекогаш така се облекувал (по угледот на митскиот

јунак Хераклe), а како таков е претставен и на некои антички монети.

Античка монета со ликот на Александар Македонски загрнат со лавовско крзно

Што се однесува до тврдењето дека Александар поставувал лавови околу себе (кое Стив мошне драматично го прикажа низ гестови), според мое мислење, тоа е детаљ што само добро упатен историчар може да го знае, а Стив воопшто не е таков. Имено, и ова тврдење во целост се поклопува со историската вистина, конкретно со подигањето споменици во форма на лавови од страна на Александар во чест на воените победи што ги остварувал. Македонците подигнале споменик во форма на лав уште по битката кај Херонеја во 338 година пред Христа, во која ја поразиле здружената грчка војска. Овој споменик е зачуван до денес.

Македонскит лав поставен како споменик кај Херонеја во чест на победата над грчката војска

Ваквата традиција ја продолжил и Александар, кој поставил споменици во форма на лавови дури и во Индија. Современиот индиски историчар д-р Ранаџит Пал, пишувајќи за влијанието што Александар Македонски го оставил врз индиската култура и врз будизмот, пишува за судбината на спомениците (олтари) што Александар своевремено ги изградил во Индија во чест на победата над Индијците. Познато е дека пред да се врати во Вавилон, Александар во Индија подигнал дванаесет масивни олтари во чест на боговите, кои се спомнати во делата на неколку антички историчари. До неодамна официјално се сметаше дека овие олтари не се зачувани, т.е. дека не е пронајдена ни трага од нив. Меѓутоа, по темелните истражувања што ги има извршено д-р Пал, тој понуди интересен одговор на

прашањето зошто досега не се пронајдени овие олтари. Д-р Пал смета дека некои од овие олтари до денес стојат, но дека се преправени. Имено, тој тврди дека овие масивни олтари ги искористил и ги преправил подоцнежниот индиски моќен владетел Асока и дека тоа всушност се денешните познати Столбови на Асока. Во врска со сето ова д-р Пал пишува:

Внимателната анализа на грчките, латинските и санскрит изворите ни зборува дека неговите (Александровите, з.м.) *познати олтари не се најдени бидејќи тие биле употребени од страна на Асока за презентирање на сопствените пораки.* (Д-р Ранајит Пал: "*Тхе Алтар оф Алеџандер ноњ станднг ат Делхи*"хттп://њњњ.геоцитиес. цом/ ранајитда/).

Д-р Пал прави детаљна анализа во врска со потеклото на Столбовите на Асока, при што констатира дека тие очигледно биле изградени пред времето на Асока, т.е. пред времето кога биле испишани.

Дека Столбовите на Асока биле порано подигнати во однос на времето кога биле испишани смета и британскиот историчар Монахан.(Ф.Ј. Монахан *Тхе Еарлс Хисторс оф Бенгал,* 1925, стр. 227).

Инаку, еден од првите западни истражувачи кои ги забележале Столбовите на Асока бил Англичанецот Томас Корјат (Тхомас Цорsат). Тој дошол во Делхи во 1616 година, каде видел еден од столбовите, што пред тоа таму бил пренесен. Корјат бил импресиониран и восхитен од овој столб. Интересно е тоа што тој веднаш изјавил дека столбот е подигнат од Александар Македонски во чест на победата на индискиот крал Пор.

Конечно, д-р Пал тврди дека никој друг во Индија не можел да подигне такви споменици пред Асока, освен Александар Македонски. Тоа, според д-р Пал, е доказ дека фамозните олтари што Александар ги изградил во Индија (а кои наеднаш "исчезнале"), всушност се Столбовите на Асока. Во врска со ова д-р Пал пишува:

Невозможно е и да се помисли дека кој и да било друг, освен Александар, би можел да подигне толку голем столб од времето пред владеењето на Асока. Има малку сомневање дека столбот во Делхи, на кој е запишан седмиот едикт на Асока, всушност е еден од изгубените олтари на Александар Велики. (Исто...).

Д-р Ранаџит Пал ја анализира и уметноста на еден од овие Столбови, познат под името *Сарнат-столб* (Сарнатх пиллар), што се смета за ремек-дело во уметноста на древна Индија. Конкретно д-р Пал ја анализира претставата на лавовите на овој столб. Во врска со тоа д-р Пал потсетува дека лавовите во ликовните претстави на древна Индија биле увезен мотив.

Слично смета и еден од најголемите познавачи на индиската уметност Алфред Фоучер (Алфред Фоуцхер), кој пишува дека лавот како уметничка претстава нема своја традиција во источниот дел на Индија, туку само во западниот, каде што и се случил допирот со културата што ја донел Александар Македонски (Д-р Пал, цит. дело).

Д-р Пал ја потенцира улогата на лавот во уметноста на древна Македонија, при што заклучува дека Александар Македонски бил тој што им ја претставил

на Индијците уметничката претстава на лавот како симбол. Тој потсетува дека и Филип Втори Македонски своевремено подигнал споменик со лав за да ја овековечи победата кај Херонеја, па претпоставува дека такви столбови подигнувал и Александар за да ги овековечи своите победи во Индија. Во врска со сето ова д-р Пал пишува:

Лавот е увезен елемент во индиската уметност. Од друга страна лавот како симбол бил фаворизиран во Микена. Тој исто така имал големо значење и за Македонците. Кога Филип сакал да ја овековечи големата македонска победа кај Херонеја, тој таму поставил статуа на лав. ***Поради тоа многу е веројатно дека неговиот славен син исто така подигнал столбови со лавови во Индија. Се знае дека тој секогаш носел со себе мал златен лав****.* (Д-р Ранајит Пал: "*Тхе Алтар оф Алеџандер ноњ стандинг ат Делхи*", цит. дело).

Дека лавовите на столбовите на Асока претставуваат директно влијание од културата што Александар Македонски ја претставил во Индија, пишува и историчарот Џон Маршал. Тој пишува дека лавовите на Столбовите на Асока претставуваат нова ера во индиската уметност, која нема свои домородни претходници. ("*Цамбридге Хисторѕ оф Анциент Индиа*", ед. E.J. Рапсон).

И во книгата "*Периодот на Нанда и Маурја"* пишува дека лавовите на Столбовите на Асока биле сосема различно изведени од дотогашните уметнички претстави во Индија. Овде читаме:

Уметноста претставена преку овие лавови кои клечат припаѓа на различен свет на концепција и

на изведба, на стил и на техника, кои се многу посложени, урбани и цивилизирани. Во нив нема ништо архаично и примитивно... Инспирацијата за оваа уметност сигурно дека доаѓа однадвор. (“*Аге оф тхе Нандас анд Маурсас”*, Мотилал Банарасидас, 1967, п. 376).

И индискиот историчар Нихаранџан Реј (Нихарранјан Рas) пишува дека лавовите на Столбовите на Асока се тесно поврзани со уметноста што токму Александар Македонски ја донел во Индија (повеќе детаљи за сето ова во книгата од А. Донски: “*Уделот на Македонците во светската цивилизација*; второ издание, 2003 год.)



Претстави на лавови на Столбовите на Асока во Индија, своевремено подигнати од Александар Велики Македонски

Постојат податоци според кои Александар и самиот учествувал во лов на лавови, кои во негово време живееле и во Македонија (според пишувањето на Херодот и други извори). За ова постојат не само историски податоци, туку и ликовна претстава. Впрочем, средновековните и нововековните Македонци токму благодарение на Александар и античките Македонци го задржале лавот како еден од своите национални симболи.

Александар Велики со својот пријател Кратер во лов на лав (мозаик од Пела)

Да заклучиме дека, податоците за поврзаноста на Александар Велики Македонски со лавот им се познати само на добро упатените познавачи на неговиот живот и дело и тие целосно се поклопуваат со сугестивното тврдење на Херман дека големиот водач што му се појави на сеансата "*оставал лавови околу себе*".

Следуваат зборовите од Стив Херман во кои пак јасно се препознаваат дејности поврзани со животот на Александар Велики Македонски:

Сакам да кажам и дека оваа личност била поврзана со Индија... Сакам да зборувам посебно за Шива... За окото на Шива... Тоа не е само персиски тип на култура, но чувствувам дека исто така е нешто што се среќава во Индија...

Познато е дека Александар стигнал до Индија и ова нема потреба подетаљно да го објаснуваме. Во овие зборови на Стив единствено можеби отскокнува спомнувањето на Шива (индиско божество) за кое (барем во зачуваните информации за дејноста на Александар во Индија) не постојат податоци дека Александар покажувал посебен интерес (иако не значи дека и навистина било така). Но, за спомнувањето на Шива можно е и друго толкување. Имено, Шива е назив и за оазата во Египет, која Александар ја посетил и во која бил прогласен за "син на Амон Ра" (врховно египетско божество). Стив (како недоволно упатен во историјата поврзана со Александар) можеби кога добил информација со името Шива, автоматски ја поврзал со името (и со *окото*) на индиското божество без да помисли дека тоа може да биде име и на египетска област што Александар и навистина ја посетил.

Воопшто, примањето информации од духовниот свет, барем така како што ми објасни Стив и како што сум читал изјави од други познати јасновидци, сликовито може да се спореди со добивањето слика на старите црно-бели телевизори со помош на старите антени. Помладите генерации не знаат, но во тоа време секогаш антената се поставуваше на највисокиот дел од станот или куќата и истата се вртеше лево или десно од човек качен крај неа, додека оние долу,

гледаа во телевизорот и му довикуваа на оној горе кога ќе се фати или изгуби сликата. Така се случуваше повремено да "блесне" сликата за време на неколку секунди, а потоа пак да ја снема. Но, тие неколку секунди појавување на сликата не беа секогаш доволни за да се сфати каква емисија се емитува на програмата. Да претпоставиме на пример дека за цело време на телевизорот има "снег" (празен екран), а наеднаш во траење од неколку секунди се појавува слика на човек што чита текст. Најверојатно мнозина од нас ќе помислат дека на програмата има вести. Но што ако не е така? Можеби во тој момент на програмата немало вести, туку некој игран филм во кој, во една сцена, се појавува човек што "чита вести" налик на ТВ спикер? Таа некако е и со јасновидците. Тие примаат повремени и не секогаш јасни импулси (исто како црнобелиот телевизор со некоја стара антена), кои се обидуваат најдобро што можат да ги објаснат и пренесат на слушателот. Но, тоа не значи дека тие можат секогаш прецизно да го направат тоа, не само поради не секогаш јасниот *сигнал* што го добиваат, туку и поради јазичната бариера што ја спомнавме на почетокот од книгава, според која не е лесно пораки од *возвишената реалност надуховниот свет* да се пренесат со јазикот од материјалниот свет. Можеби токму тоа се случи и со овде спомнатата *Шива*? Можеби Стив примил *сигнал* со такво име, но помислил дека тоа се однесува на индиското божество, а не на египетската оаза што ја посетил Александар. Се разбира дека сето ова се само претпоставки.

Одиме на следнава целина од сеансата:

ЈАС: Замоли го да каже некоја порака.

СТИВ: Не сум сигурен дали тоа ќе ми се прикаже во мислите...

ЈАС: Кажи што и да ти се прикаже...

СТИВ: Во ред... Од сето она што го примам јас нешто чувствувам, нешто слушам... Ќе видам што можам...

ЈАС: Обиди се, те молам.

СТИВ: Само да се обидам да дојдам поблизу... (Молчи извесно време и се напнува. По извесно молчење зборува испрекинато и низ тешко дишење). *Ние сакаме да комуницираме со вас...* (Пак молчи. Мижи и се концентрира)*... Она што е неправедно поделено, никогаш... никогаш нема да опстои...* (Пак молчи)*... Ние сакаме се да биде исто за сите...* (Молчи и се напнува) *Ви го давам мојот печат... Мене како рацете да ми се отсечени... Како да сум ја пресекол...* (пак пауза)*... земјата....*

МОЈ КОМЕНТАР: Ова што Стив го пренесе (според неговите зборови) е порака од Александар Велики Македонски до современите Македонци. Дали Стив успеа веродостојно да ги пренесе низ зборови импулсите што тврди дека ги примил? И што значат овие зборови? Дали зборовите: "*Она што е неправедно поделено, никогаш... никогаш нема да опстои...*" се однесуваат на поделбата на Македонија? Што значи пораката "*Ви го давам мојот печат...*"? Дали таа се однесува на смелата претпоставка дека неговиот дух кој очигледно *некаде* се уште опстојува) е на страна на денешните Македонци? И дали изјавата дека "*Мене како рацете да ми се отсечени*" значи дека тој од *онаму каде што се наоѓа* малку што може да стори за денешниве Македонци? Сето ова останува

во доменот на имагинацијата на толкувачот и на шпекулациите.

Следува изјавата од Стив:

СТИВ: *Чувствувам... пат... Чувствувам како да сакам да пронајдам свила... Сакам да пронајдам... Да зборуваме за цела Персија, за сите култури, за сите работи овде... Јас стигнав до тука... Сакав да одам уште подалеку... И ми се прикажуваат камили... И чувствувам дека сум заинтересиран за јазикот, заинтересиран сум за писмеността од оваа област... Заинтересиран сум за начинот на кој тие всушност пишуваат... Заинтересиран сум за стекнување знаења...* (Пак пауза)*... Ние стоиме зад тебе и работиме со тебе.... За она што ние сме заинтересирани... За она што јас сум заинтересиран, исто и ти си заинтересиран... Многу е ретко некој да биде посветен толку колку што си ти... И мора да продолжиш натаму... Каде што ќе одиш, повеќе ќе се открива, повеќе ќе ти се даде... за на што го бараш...*

МОЈ КОМЕНТАР: И на ова не е потребен дополнителен коментар. Мнозина современи историчари се согласуваат дека љубопитноста за откривање нови земји, нови знаења, природни богатства, народи и култури била главниот мотив на Александар да оди што подалеку. Сигурно дека во своите колони Македонците и припадниците на другите народи во Македонската војска користеле и камили.

СТИВ: И тој ви дава вам (воздишка) *Чувствувам како да сака да ви даде нешто како голем ... Не сум сигурен нешто како рубин... Голем камен... Но, чувствувам дека е од исток... Чувствувам како да ви*

ги дава овие подароци... од луѓето кои владееле таму...

МОЈ КОМЕНТАР: Не можам да ја утврдам симболиката на *каменот како рубин* што потекнувал *од исток* и за кој Стив Херман тврди дека Александар им го дава на современите Македонци, па ова исто така останува во доменот на шпекулациите, а можеби и на иднината?

СТИВ: Јас не одев за да водам војна, иако чувствувам дека таму имало војна... Јас дојдов заради култура... Чувствувам како да сакам да зборувам за лингвистика... Сакам да зборувам за јазикот... (Пауза)... *А твојата... Твоите написи, твојата работа... твоите истражувања што ги работиш... ќе те одведат уште подалеку... Но, тој ти дава на тебе... заштита, но исто така ти дава и моќ... Чувствувам дека се работи за моќ и способност за пишување, за моќ за изразување... Значи не треба да се бориме... Треба да создаваме пријатели среде народите... Да ги доближиме поблизу до нас... Да им ги доближиме нашите ставови...*

МОЈ КОМЕНТАР: И овде е прикажана љубопитноста (а не желбата за војување) како главен мотив за освојувањата на Александар. Веќе рековме дека ова го признаваат повеќе современи историчари и добри познавачи на целокупното дело на Александар. Стив Херман е далеку од таков познавач - нему Александар не мора да му значи ништо посебно - исто како што и нам не ни значат ништо посебно, на пример, ликот на Џингис Кан или на најпознатиот јапонски цар Тојотоми. Кој просечен Македонец знае детаљи за овие два азиски цара? Речиси - никој! Исто е и со Стив Херман.

Нам Александар ни значи нешто затоа што е дел од нашата историја, но на овој далечен Американец, жител на мало гратче (речиси село) на Флорида, ликот на Александар сигурно дека го нема истото значење како на пример ликовите од нивната американска историја. Сепак Стив кажа некои детаљи за Александар, што само добри познавачи на неговиот лик ги знаат.

На крајот од овој пасус е и *пораката* до денешните Македонци да создаваат пријатели среде народите и да ги доближуваат до своите ставови. Одиме понатаму.

СТИВ:...Чувствувам овде дека оваа личност била голем водач и голем освојувач... Чувствувам не само освојување, туку и дека тој ги образувал луѓето... Ширел култура... Тој како да ги извлекувал добрите работи од секоја култура и ги пренесувал натаму.

МОЈ КОМЕНТАР: И најминималното познавање на историјата на најславниот македонски цар докажува дека и оваа изјава целосно се вклопува со историската вистина. До денес во сите области што тогаш се наоѓале во склопот на Македонската империја, опстојуваат културни траги што своевремено ги втемелил Александар. Ова не се однесува само на градовите што тој ги основал (меѓу кои најпознати се Александрија во Египет, Кандахар во Авганистан и уште шеесетина други), туку и на културни траги од областа на ликовната уметност и скулптурата, архитектурата, па дури и литературното творештво. Денес постојат легенди и преданија за Александар на над 80 јазика. Тој е спомнат и во Библијата и во Кур'а-

нот, а оставил значаен придонес и во ширењето на будизмот. (Повеќе детаљи за сето ова во книгата "*Уделот на Македонците во светската цивилизација"* од А. Донски, цит. дело). Следува уште еден интересен пасус од сеансата.

ЈАС: Прашај го за неговиот гроб?

СТИВ: Да видам што ќе ми каж ат за тоа... Тој ми прикажува рог... Со многу чуден облик... Не знам како да го опишам (гестикулира со рацете)*... И чувствувам дека овој човек... Сакам да кажам дека каде и да одел луѓето всушност го сакале... "Ако сакаш да не освоиш, ќе не радува да не освоиш."*

МОЈ КОМЕНТАР: Познато е дека на некои ликовни претстави Александар бил прикажан со два мали рога на главата, а како таков е спомнат и во исламската света книга Кур'ан. Всушност, се смета дека Александар овде е спомнат под описното име *Зу'л-Карнијан*. Овој израз може да се преведе на неколку начина. Според буквалниот превод, овој израз значи "*оној со два рога*". Германскиот историчар Улрих Вилкен пишува дека ваквото детерминирање на Александар потекнува од старото египетско предание, според кое, Александар е претставен како "*син на Амон*". Од своја страна, синот на Амон, во ликовните претстави секогаш бил прикажуван како лик кој на главата има два мали рога. Поради тоа Вилкен смета дека оттука потекнува описното име на Александар како "*оној со два рога*" (Улрих Вилкен: "*Александар Македонски*" Скопје, 1988, стр. 353). Ваквото тврдење е застапено и во официјалната "*Енциклопедија на исламот*", каде читаме:

"*Општо е прифатено, како од исламските толкувачи, така и од современите западни научници дека Зу'л-Карнијан или "оној со два рога", спомнат во сурата 18, 82/83-98, всушност го претставува Александар Велики*." ("*Енцѕцлопаедиа оф Ислам*",Нењ Едитион,В. ИВ, 1978).

Постои и ирачка легенда во која главен лик е токму Александар и неговите два мали рога на главата (Повеќе детаљи во книгата од А. Донски: "*Уделот на Македонците во светската цивилизација*", цит. дело).

Александар Велики Македонски прикажан со рогови на главата

Целосно се поклопува со историската вистина и тврдењето дека некои народи и градови без отпор прифаќале да бидат освоени од Александар по што тој им им гарантирал висок степен на самоуправа, религиозна и културна слобода. Сметам дека и ова се добро познати податоци за кои нема потреба од дополнителни објаснувања.

ЈАС: Може ли да ти даде информации за неговиот гроб?

СТИВ: Можеби, не знам.. Понекогаш вакви работи (нејасно зборување на двајцата)... *Овде сакам да*

кажам дека она што било сторено, во однос на местото каде се наоѓал гробот, ми изгледа како... овој гроб да бил занемарен... Чувствувам деа луѓето оделе на тој гроб, упаѓале во него и изнесувале, тој бил занемарен и ми личи дека бил ограбуван или така некако. И јас го расчистувам тој гроб... Како да влегувам во него и како да правам светилиште и споменик. Како да го препородувам. И чувствувам дека многу од твоите ставови, и твоите знаења и твојот приод се поврзани со овој политиката на овој човек и начин на раководење... Овој човек е од дамнешните времиња... Далеку пред времето на твојата животна филозофија и проучувања... И сакам да кажам дека што и да се зборува за неговиот гроб, чувствувам дека тој е многу радосен заради тоа... Ќе се случи... оживување на секќавањето за неговиот гроб... И тоа е нешто кон кое тој е многу наклонет...

ЈАС: Значи не ти кажа ништо за неговиот гроб?

СТИВ: Што и да...

ЈАС: Дали ќе биде откриен?

СТИВ: Овде чувствувам дека... Сакам да го ставам под закрила неговиот гроб и да направам место за поклонение од него. Тоа ми е прикажано... Како да го најдов, како да го претворам во парк.. со цвеќиња... Сакам да кажам овде дека неговиот гроб... Тоа е нешто занемарено, но исто чувствувам дека тоа е нешто што ќе биде откриено... Тоа го чувствувам... Тоа ми се прикажува... Но, исто сакам да кажам дека ако неговиот гроб бил тука, некој изградил високи згради над него... И изградил други градби наоколу. И овде сакам да кажам дека каде и да

се најде гробот, кој и да го најде прв, нема да препознае во него археолошко значење... Можно е тие да не знаат чиј гроб е тоа... И кое е неговото значење, но ако биде превземно вистинско истражување, ќе биде потврдено со факти дека тоа е токму неговиот гроб... И гледам луѓе археолози, кои ќе велат: "Ова не е неговиот гроб" и секогаш ќе наоѓаат причини за тоа, но тоа ќе биде неговиот гроб. И ќе има борба за неговиот гроб и ќе се престори во светилиште... И знаеш... Гледам цвеќиња... Гледам прекрасно чисто место....

МОЈ КОМЕНТАР: Официјалните податоци зборуваат дека гробот на Александар Велики Македонски до денес не е откриен. Според античките извори (Страбо, Плутарх, Диодор) Александар го напуштил Египет во 331 година пред Христа и се упатил кон Вавилон (во денешен Ирак). Таму се разболел, веројатно од маларија и на враќање кон Македонија, ненадејно умрел. Цели две години била подготвувана погребната поворка, иако не е познато каде била нејзината крајна дестинација. Мнозина современи историчари веруваат дека неговите посмртни останки требало да бидат погребани во Македонија. Но, во меѓувреме почнале отворените судири помеѓу генералите на Александар за превласт над делови од Империјата. Пердика имал намера да организира погреб во Македонија. За таа цел мумифицираното тело на Александар било положено во златен саркофаг, кој бил носен од богато декорирана златна кочија. Сиот овој луксуз во детаљи е опишан од античкиот историчар Диодор Сицилијанецот. Меѓутоа, генералот (и другар од детството, а според некои извори и полубрат на Алек-

сандар) Птолемеј, сакал да ја задржи богатата територија на Египет под своја контрола. Јасновидецот на Александар по име Аристандер, му рекол на Птолемеј дека (цитат): "*земјата во која ќе биде погребано телото на Александар ќе биде најуспешна на светот*". Поради тоа Птолемеј посакал телото на Александар да биде погребано во Египет. За таа цел неговата војска ја пресретнала погребната поворка и го одзела телото на Александар, кое било погребано во Мемфис. Овој настан (со мали варијанти) го опишуваат сите антички автори. Диодор Сицилијанецот детаљно го опишува гробот на Александар во Мемфис (Египет). Синот на Птолемеј, познат како Птолемеј Втори (309 - 246 година пред Христа), го пренел телото на Александар од Мемфис во Александрија. Со големи почести, телото било оставено да почива во мавзолејот, кој се наоѓал во луксузниот кварт Сома во Александрија каде била сместена и кралската палата. Бројни антички автори пишуваат за ова (Ахил, Татиј, Зенобиј, Страбо, Лукијан и други). Според овие сведоштва, посмртните останки на Александар почивале во златен саркофаг во грандиозниот мавзолеј. Гробот на Александар Македонски во Александрија бил отворен за посета и мнозина угледни луѓе од тоа време го посетиле. Меѓу нив бил и познатиот антички историчар Страбо, кој го посетил гробот на Александар во првиот век по Христа. Меѓутоа, тој запишал дека златниот саркофаг бил заменет со стаклен од страна на Птолемеј Деветти (кој владеел од 116 - 107 и од 87 - 81 година пред Христа). Историчарот Дио Касиј (155 - 235 година) пишува дека римскиот император Ок-тавијан Август (кој ја поразил последната египетска кралица од македонско потекло

Клеопатра Седма и кој живеел од 63 година пред Христа до 14 година по Христа) покажаувал голема почит кон гробот на Александар Македонски. Дио Касиј дури запишал дека Октавијан Август ги бакнал посмртните останки на Александар. Пред него, гробот на Александар го посетил и Гај Јулие Цезар (во 45 година пред Христа). Подоцна овој гроб бил посетен и од римскиот император Калигула (роден во 12, а починал во 41 година по Христа). Римскиот император Септимиј Север го затворил гробот за јавноста, ставајќи во него многу "*тајни книги*" (како што пишива римскиот историчар Дио Касиј), со цел "*никој во иднина да не може да го виде телото на Александар, ниту пак да го прочита тоа што е напишано".* Наводно потоа телото било вратено од страна на императорот Каракала, но за ова нема сигурни докази. Веќе во 4 век Свети Јован Златоуст пишува дека не се знаело каде е телото на Александар. Потоа ниту еден автор нема напишано дека го видел неговиот гроб. Денес постојат разни претпоставки околу локацијата на овој гроб. Се спомуваат Египет, Турција и други земји, но и Република Македонија.

Во својот исказ Стив вели дека од гробот на Александар биле изнесувани предмети, што целосно одговара на вистината. Што се однесува до локацијата на овој гроб, тој вели дека на тоа место денес има изградено *високи згради и други градби*. И ова целосно се поклопува со вистината, т.е. барем со првобитната локација на овој гроб, за која спомнавме дека се наоѓала во реонот Сома во Александарија, што до денес не е откриен бидејќи истиот е покриен со голем број згради и други објекти. Но, веднаш потоа Стив

спомнува природен амбиент (цвеќиња и сл.), што може да асоцира на сегашната локација на овој гроб, доколку го прифатиме тврдењето на Дио Касиј, според кое римскиот цар Септимиј Север го пренел телото на овој голем македонски цар на *непознато место.* Стив вели и дека Александар бил радосен што повторно се појавил интерес за локацијата на неговиот гроб, а вели и дека гробот ќе биде *откриен*, но археолозите нема да го препознаат, а ќе има и такви кои постојано ќе го негираат тоа откритие. Ќе видиме дали и што ќе се случи...

СТИВ: Многу негови идеи, од времето на неговото постоење се деформирани и тоа е она за кое ти зборуваш... Тоа е дволичност...

...И сакам да кажам дека многу од неговата агенда, многу од неговите идеи, се искривоколчени и запоставени. И сакам да кажам дека ти треба да се бориш за тие идеи бидејќи потребно е младите да бидат запознати со тие идеи..

МОЈ КОМЕНТАР: Во најголем дел од моето творештво јас се *борам* да ја убедам јавноста во вистината дека античките Македонци не биле никакви Грци, како и дека денешните Македонци во најголем степен се директни потомци на античките Македонци. Сосема добро е познато кој денес ги *искривоколчва и деформира* Александровите *идеи*. Трагикомично е кога денешните жители од егејскиот дел на Македонија, кои себеси се нарекуваат *Грци* се декларираат како "*потомци на Александар*", кога се знае дека најголем дел од нив се доселеници од Турција (Грци и Турци христијани) во 20-те години на 20 век во домовте на прогонетите Македонци. Токму таквите како нив денес

најмногу ја *искривоколчуваат и деформираат* вистината за Александар.

ЈАС: Дали тој знае, ако е тој Александар Велики, за спомеником за него во мојот роден град?

СТИВ: (Пауза). *Чувствувам дека луѓето таму сакале да го обезличат. Дека луѓето сакале да го урнат затоа што ја предизвикува власта... Чувствувам како да го обземал градот... "Ние не го сакаме, па затоа тргнете го". И овде сакам да кажам дека твојот град се противел... Тоа ми се прикажува... И чувствувам овде дека тој е многу горд на ова бидејќи, каде и да се наоѓа твојот град и што и да се случило таму, на крајот се испаднало како што треба.. И гледам човек... Тој е многу отворен... Тој не се грижи за она што локалните луѓе го зборуваат за него... Тоа е она што овде го чувствувам... Многу луѓе го сакаат овој човек...*

МОЈ КОМЕНТАР: Стив Херман со оваа своја изјава дефинитивно докажува дека е еден од најголемите јасновидци во САД и пошироко. Овде тој 100% точно ја опиша состојбата околу споменикот на Александар Велики Македонски во Штип. Имено, во 2006 година овој споменик беше поставен на градскиот плоштад. Негов донатор е познатиот штипски бизнисмен Славе Ивановски "Оаза". Но, поставувањето на споменикот не помина без проблеми. И навистина поединци од локалната самоуправа се противеа на неговото поставување, кое (благодарение на нивните подметнувања) се оддолжи со месеци. Сепак, на крајот верувам дека сфатија оти Штип може само да добие со ваков споменик (лично знам неколкумина туристи кои дојдоа во нашиот град само заради овој споменик), па на

крајот се се заврши добро. Стив Херман навистина блескаво го опиша сето ова, иако нема шанси да знаел нешто однапред за овој локален штипски проблем. Најверојатно последните зборови на Стив се однесуваат токму на Славе Ивановски кој (и покрај пречките од некои локални политичари) ...*не се грижи за она што локалните луѓе го зборуваат за него.*

ЈАС: Дали овој водач не смета мене и мојот народ за исти како него? И што ни порачува да правиме како нација, како Македонци?

СТИВ: Сакам да кажам дека кога вие самите на себе си нататувате, никој не може да ви помогне...
(...)

ЈАС: Ме интересира водачот. Дали тој вели дека ние сме ист народ?

СТИВ: Овде сакам да кажам...

ЈАС: Те молам прашај го повторно за ова?

СТИВ: Чувствувам дека луѓето на кои тој припаѓал всушност го населувале истиот простор каде вие живеете... Значи, да, вие сте ист народ... Но, исто сакам да кажам дека имало луѓе таму и... тие станале едно... И навистина има продолжение на нивното потекло. Чувствувам како да има пат и... Тоа е како во Америка. Ние имаме источен брег и западен брег. Иако тие се целосно одвоени физички, меѓу нив има големо растојание, тие навистина се ист народ и имаат иста култура...

ЈАС: Тоа ми е доволно.

СТИВ: ОК.

МОЈ КОМЕНТАР:Вистината дека денешните Македонци во најголема мера се потомци на славните антички Македонци се повеќе излегува на виделина.

Факт е дека сите негатори на македонската нација се плашат од обелоденувањето докази според кои денешните Македонци се потомци на античките. Вакви докази постојат и голем дел од нив се објавени во мојата претходна книга "*Античко-македонското наследство во денешната македонска нација - прв дел (фолклорни елементи)"*.

Оваа книга, која настана како резултат на неколкугодишната истражувачка работа на полето на докажување на етно-културните врски помеѓу денешните и античките Македонци, меѓу другото, нуди податоци дека:

- Во македонската историографија за време на југословенското едноумие тенденциозно беше запоставувана античко-македонската историја. Во бројни историски книги античките Македонци не беа ниту спомнати.

- Денешните Македонци антрополошки се разликуваат од старите Словени. Византискиот историчар Прокопие јасно ги опишал старите Словени како високи и развиени луѓе. Тој пишува и дека сите до еден биле русокоси и дека помеѓу нив немало ниту еден со поинаква боја на косата. Јасно е дека денешните Македонци имаат сосема поинакви антрополошки особини, што значи дека не можат да бидат чисти потомци на старите Словени.

- Постојат византиски сведоштва според кои во 8 век од Македонија биле иселени огромен број Словени и овие автентични сведоштва во нашата историографија не беа многу популаизирани.

- Ни Словените не биле заткарпатски народ, туку потомци на античкиот народ Венети (споманти уште од

Хомер, а потоа и од Херодот како балкански народ). Постојат податоци за малоазиско-балканското потекло на Словените - факт што од неодамна е внесен и во историските учебници во РМ.

- Во македонскиот фолклор постојат голем број песни, приказни, легенди и преданија со античко-македонска содржина регистрирани уште во 16, 18, 19 и 20 век. За некои од нив сведочеле и странски патеписци кои ја посетувале Македонија. Содржините на некои од овие творби фрапантно се поклопуваат со историските настани. Така, на пример, во една народна песна за Александар Македонски (запишана во 19 век) јасно е посочена маларијата како болест од која Александар умрел, иако овие податоци добија научна потврда дури на крајот од 20 век.

- Во македонскиот фолклор постојат бројни македонски народни творби за некои од античко-македонските владетели. Постојат и одредени фолклорни елементи (посебно во приказните), кои несомнено влечат корени од времето на античка Македонија. Такви се: мотивот со лавот (кој спомнавме дека и навистина живеел во времето на античка Македонија и затоа е толку застапен во македонските народни приказни, но и во хералдиката); царот со рог (приказна посветена на Александар Македонски); рисот; филозофот; мотивот со тројцата браќа (преземен од Херодотовата приказна за настанокот на македонската држава); култот кон водата; верувањето во гавранот како кобна птица и во орелот како победоносна птица и други. (Сето ова аргументирано е објаснето во спомнатава книга).

- Постојат голем број обичаи, обреди и народни верувања кои останале уште од античките Македонци

среде Македонците во 19 и 20 век. Така, на пример, Херодот пишува дека на веселбите во античка Македонија мажите седеле одделно од жените. Овој обичај кај нас е евидентиран и од запишувачите на македонски народни умотворби од 19 и 20 век, па дури е останат и до денес. Од античките Македонци ни останал и обичајот на кршење леб за време на свадбените обичаи, кој е спомнат од биографот на Александар Македонски, Квинтиј Куртиј Руф. Од античките Македонци се задржало и третирањето на машкиот појас од народната носија како симбол за машкост (кое го запишал Аристотел, а исто такво верување е регистрирано и во 19 век). И подарувањето прстен на наследникот (пред умирачка) е обичај регистриран кај античките Македонци, а така е и со стрижењето на косата за време на голема жалост. Дури и античко-македонскиот обичај за избор на крал (што се одвивал преку масовен собир на војската и избор со аклама-ција) останал среде Македонците од 19 век како обичај за избор на селски старешнина. Античко-македонски елементи постојат и во прославите на празниците: Лазара, Ѓурѓовден, Руса Среда и Прочка. Античко-македонски елементи се регистрирани и во денешните македонски додолски обичаи, кои се вршат за повикување на дожд. Од античките Македонци останало и верувањето во магиската моќ на змијата; потоа неколку погребни обичаи и друго. И ова детално е елаборирано во книгата.

- Во македонските народни умотворби регист-рирани во 19 и 20 век се забележуваат и огромен број елементи од античката митологија, позната во светот под името “Грчка митологија”. Меѓутоа, постојат несо-

борливи докази за негрчкиот карактер на оваа митологија! Така, на пример, врз основа на педантни истражувања докажано е дека над 80% од сите досега познати антички и средновековни автори на делата посветени на оваа митологија - воопшто не биле Грци. И најголемиот дел од ликовите спомнати во нејзините митови немале грчко потекло. Па, како може тогаш оваа митологија да биде "грчка", кога ниту нејзините најзастапени автори не биле Грци, ниту пак најголемиот дел од ликовите спомнати во неа имале грчко потекло!? И ова аргументирано и детално е претставено во книгава.

- Во античката митологија огромен придонес имале и античките Македонци. Постојат изјави од светски авторитети кои тврдат дека музите биле македонски божества (митолошки ќерки на легендарниот македонски крал Пиер). Македонско потекло имал и богот Дионис, а македонско потекло имал и легендарниот крал Орфеј (кој бил роден и убиен во Македонија). Македонец бил и еден од лапитите, како и еден од аргонавтите на Јасон и други.

- Постојат бројни мотиви во македонскиот фолклор наследени од античката митологија. Такви се: мотивот за самовилите (наследен од мотивот за античките менади); мотивот за персонализација на сонцето и небеските тела; мотивот за позлатување со допир; мотивот за ламјата и за змејот; мотивот за персонализација на судбината, среќата и смртта; мотивот за бог престорен како старец; мотивот за јуначките подвизи на Крали Марко (кои се поклопуваат со јуначките подвизи на Хераклe), мотивот за подземниот свет; мотивот за метаморфозите и многу други. Во кни-

гата се изнесени паралелни прегледи на овие мотиви од македонските приказни и песни со соодветните мотиви од легендите од античката митологија, при што јасно се забележува нивната идентичност.

- Голем број Македонци од 19 и 20 век (наспроти жестокиот притисок од странските пропаганди) себеси се декларирале како директни потомци на славите антички Македонци, што секако дека им било наследено од нивните предци.

На крајот ќе ги спомнеме и ДНК анализите, вршени во Шпанија и Швајцарија според кои, денешните Македонци во најголема мера се потомци на античките и за што веќе известија нашите медиуми.

Во својата изјава Стив Херман асоцира на фактот што од исчезнувањето на античка Македонија како држава (кое се случило во 168, т.е. 148 година пред Христа), па се до возобновувањето на самостојна македонска држава во 1991 година, поминал *долг пат* (што тој го симболично го спореди со растојанието помеѓу источниот из западниот брег на САД), но народот во најголема мера останал ист (имало "*продолжување на нивното потекло"*), исто како што и во САД на двата оддалечени брега, живее ист народ.

ЈАС: Прашај го за неговиот јазик.

СТИВ: (Извесно време молчи)*. Сакам да кажам дека... Вие го разбирате јазикот... Други народи не го разбираат...Ти разбираш од каде потекнува тој јазик, а овој човек има... Тој е многу директен и чесен за она што го зборува... Но некои што читаат нешто за него, како да имаат предрасуди, некои нема да ја сфатат смислата, нема да ја сфатат идејата за*

него. Тие гледаат негативно кон овој човек. Тоа е што ми се прикажува.

МОЈ КОМЕНТАР: Поради фактот што јазикот на античките Македонци е предмет на мојот интерес (за што во 2006 објавив и книга под наслов "*Јазикот на античките Македонци*"), овде само накратко ќе спомнам некои позначајни моменти околу овој јазик.

Во таа книга за прв пат во македонската јавност беа претставени сите досега познати зборови од овој јазик, собрани од делата на античките автори, при што е укажано на сличноста на голем дел од нив со зборови од денешниот македонски јазик.

Рецензент на книгата е реномираниот универзитетски професор од Филолошкиот факултет во Скопје и наш познат научник д-р Вера Стојчевска Антиќ, која во својата рецензија, помеѓу другото, запишa: *"Овој труд, не само што ги отвора клучните прашања, туку дава можности за дополнувања, интервенции и проширување на знаењата. Сметам дека објавувањето на ракопиот ќе предизвика интерес не само кај научниот свет, туку и во поширокатa јавност и сметам дека е неопходно објавувањето на понудениот ракопис*".

Во книгата "*Јазикот на античките Македонци*", помеѓу другото, е опфатено:

- Критика на современите грчки и прогрчки настроени историчари, кои тврдат дека јазикот на античките Македонци бил "грчки дијалект". Притоа е откриен еден неверојатен **современ грчки фалсификат** во однос на античката македонска историја.
- За прв пат пред македонската јавност пренесено е сведоштво од познатиот антички грчки писател Атенај,

кој дословно запишал дека античките Грци превзеле голем број зборови од јазикот на Македонците.

- Повеќе антички наративни сведоштва за засебноста на античкиот македонски јазик. Античкиот грчки историчар Аријан во Биографијата за Евмен, јасно запишал дека македонските војници го поздравиле својот омилен генерал (цитат): "*на македонски јазик*". Античкиот историчар Плутарх во својата Биографија за Александар Македонски запишал, дека кога Александар во една прилика помислил дека се наоѓа во смртна опасност, ги повикал на помош своите телохранители на својот мајчин (цитат) "*македонски јазик*". Плутарх запишал дека македонскиот јазик бил мајчин јазик и на славната египетска кралица од македонско потекло "Клеопатра Седма". Латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф, пак, во својата Биографија за Александар Македонски јасно посведочил дека Македонците и Грците комуницирале преку преведувачи. Посебниот македонски јазик го спомнал и латинскиот филозоф Сенека. Пишувајќи за Македонците кои, уште од времето на походот на Александар Македонски, останале да живеат во Индија и Персија, во своето дело "*Де цонсолатионе ад Хелвиам*", 7,1), Сенека запишал: "*Од каде македонскиот јазик среде Индијците и Персијанците?*"На еден натпис во Македонија од 212 година по Христа девојчето Ника било запишано дека припаѓа на семејство кое "*зборувало македонски*"...

- Дека Македонците биле третирани како "барбари" од страна на Грците. Наведени се повеќе антички сведоштва и современи толкувања, од кои јасно се гледа

дека терминот “барбари” се однесувал на луѓе кои не зборувале грчки.

- Дека повеќе десетици античко-македонски зборови се сочувани во делото на александрискиот грамаичар Хесихиј, кој живел во 5 век, како и во Лексиконот “Суда”, но и во делата на други антички автори, кои овде детаљно се предадени. За зборовите од Лексиконот на Хесихиј, во светски познатата енциклопедија “Колумбија” сосема коректно е презентирана вистината според која, овој лексикон нуди податоци за, макар и сосема мала, реконструција на некои загубени јазици, меѓу кои посебно е потенциран јазикот на античките Македонци. Овде читаме:*”... Овој лексикон претставува извор практично на целиот материјал што сега е достапен за некои од исчезнатите јазици, како што е случајот со античко-македонскиот јазик.”*

Интересно е и тоа што Лексиконот на Хесихиј до денес се уште не е во целост презентиран пред светската јавност и во моментов на негово целосно претставување работи Данската академија на науките. Македонските зборови во овој Лексикон се претставени во поглавието “Зборови од народите”, а во мојата книга се претставени сите овие зборови.

- Дека на територијата на Македонија не е откриен **ниту еден** натпис на грчки од пред 4 век пред Христа, т.е. од времето кога Македонците немале никакви посериозни контакти со Грците. Па, како е можно Македонците да биле “Грци”, кога немало грчки натписи во Македонија од времето кога таа живеела автохтон културен живот? Предадени се официјални

признанија објавени од Грчкото министерство за култура, во кои се потврдува овој факт.

- Во книгата се предадени докази за вештачкото грцизирање на стотици лични имиња, топоними и други зборови од разни антички јазици, направени од страна на античките грчки автори. Пренесени се стотици персиски, индиски, либиски, латински, тракиски, илирски, еврејски и други вакви имиња, кои исто така во делата на старогрчките автори биле вештачки грцизирани, т.е. им бил додаван грчкиот завршеток "с" ("ос"). Посочени се значајни сведоштва во врска со ваквите фалсификати!

- Конечно во книгата се претставени и коментирани самите античко-македонски зборови (повеќе десетици на број) со краток осврт на нивниот изговор и значење. Најголем дел од овие зборови ги немало во грчките дијалекти, а добар дел од нив (и покрај тоа што останале до нашево време запишани од страна на грчки автори и грчка транскрипција) имаат сличност со современите македонски зборови, како и со зборови од други *словенски* јазици. Така, на пример, античките Македонци, постелата на ногарки ја нарекувале *кравaт(ос*), што несомнено дека е истиот збор со денешниот збор *кревет*; бранот го нарекувале - *далаган*, што е слично со нашиот збор *далга*; за *води* го користеле зборот *веди*; за *гранка* велеле *гаркан*; за *црн* велеле *кара* (што е исто со нашиот архаизам *кара*); за*ведра* велеле *адраја*; за *јагма* велеле *агема*;за *арчен* велеле *аркон*; за *глава* велеле *гавалан*; за *гуде* велеле *готан*; за *дрво* велеле *дарвлос*, за *клинец (ексер)* велеле *ескор*; за *аргати* велеле *еркети*; за *канџи* велеле *канадои* и други вакви примери.

- Предаден е список на сите досега познати лични имиња што ги носеле античките Македонци, кои до денес се задржале среде Македонците. Некои од овие лични имиња и топоними, иако останале запишани од старогрчките автори во грцизирана форма (со завршетокот “ос” или “с”), очигледно дека имаат сличност со зборови од денешниот македонски јазик и други *словенски* јазици. Некои од нив се: *Сопол(ис), Стамен(ос), Мило, Бере(с), Димно(с), Зајка, Дита(с), Вител(ис), Главки(ас), Ластен, Мамина, Пита, Платор, Сита, Стасанор... Дојдие (*малоазиска населба создадена од Македонци ***дојден***ци*), *Била зора* (Бела зора); *Благан(оис), Дравеск, Бора, Палена, Смила, Стибера* и други.

Практично постојат голем број историски податоци кои ја поткрепуваат очигледната сличност на денешните и античко-македонските зборови (според изговор и значење) што пак доведува до заклучок за сличноста на овие два јазика, исто како што изјави и Херман дека ние го “*разбираме неговиот* (Александровиот, з.м.) *јазик”* додека други народи “*не го разбирале”*.

СТИВ: *И овде сакам да кажам дека гледам некои на академско ниво кои имаат теорија и идеја за која изнесуваат претпоставки, но таа не се е уште до крај прецизирана. И овие луѓе нема да ги променат своите теории и ќе напишат книга за тоа...*

МОЈ КОМЕНТАР: Оваа изјава се поклопува со истражувањата на академик Бошевски и проф. Тентов (*луѓе на акемско ниво*) за писменоста и јазикот на античките Македонци преку нивните толкувања на

јазикот од Розетата од Египет, што е добро познато во нашата јавност.

СТИВ: И овде сакам да кажам дека тој не ми зборува на својот јазик, туку тој зборува за идеи кои доаѓаат до мене, тие работат преку моите помагачи и ти треба да го разбереш значењето на сето тоа.

ЈАС: Дали јас го разбирам значењето на неговиот јазик?

СТИВ: Да, ти го разбираш неговиот јазик... Исто така сакам да зборувам за твојот мајчин јазик, во ред? И сакам да зборувам за клучни пишани зборови. Како да треба да одаиме кон постарите јазици од порано... Од нив постојат зборови што се уште се во употреба, кои се зачувани... Тие клучни зборови се модифицирале со текот на вековите, но потекнуваат од дамнина... Чувствувам дека треба да зборувам за лингвистиката. Ти како да си зборувал со некого кој е постручен од тебе, кој е експерт за лингвистика за античките јазици и за нивните корени како што се разгранувале, низ разни региони... Како да гледам некои оригинални истражувања што треба да се спроведат... Досега се уште се во зачеток, но мора да се продолжи се додека може... И чувствувам некого во материјалниот свет, кој е експерт за лингвистика. Тие ќе покажат интерес да го истражат ова... Всушност тоа е многу провокативно... Нешто што на професионално и на лично ниво предизвикало љубопитност... И чувствувам дека... Како да сакам да го студирам стариот традиционален јазик од твојата земја... Не мислам да одиме назад кон Грција или слично, туку оној од пред пос-

ледниве неколку стотици години со традиционалните пишувања... И чувствувам дека ќе бидат откриени промените што се случиле во однос на основните елементи...

МОЈ КОМЕНТАР: Во овој пасус подетално е дополнета суштината на претходните изјави на Стив, според која, јазикот на античките Македонци е сличен со денешниот македонски јазик, па коментарите што за нив ги дадовме, важат и овде. Интересно е тоа што за проучување на јазикот на античките Македонци тој вели дека не требало да се оди "*назад кон Грција"*, туку дека било доволно да се изучува јазикот од "*мојата земја"* каков што бил од пред неколку стотини години.

СТИВ: И чувствувам многу врски... Трговски врски, патишта... кон Блискиот исток... Патишта кон муслиманските земји и Индија, кон тие предели... И чувствувам дека треба се оди во музеј каде и да се наоѓа, за да се најдат артефакти од таму... Однесени таму преку трговија во воена смисла... И овој човек ви нуди мапа. И чувствувам дека тоа е мапа на светот, на Персија. И сакам да зборувам за некого кој се интересира за изработка на мапи и всушност на мапата поставува координати. И чувствувам дека овој човек се интересирал за богатствата на светот. Што има на овој пат? Што има зад планината? Што има овде? И тој сакал да знае какви се народите. Чувствувам дека треба да зборувам за Африка, треба да зборувам за Индија и за Африканците... Чувствувам опаснот, луѓе речиси како дивјаци... Ако да ја поминат реката ќе ги нападнат... Бил многу заинтересиран за индискиот начин на живеење... Дефинитивно тој поминал многу

време околу Персија и тој дел од светот, тоа го чувствувам овде. Дефинитивно бил заинтересиран и за африканскиот континент... Луѓе со црна кожа... Дали ова има смисла?

ЈАС: Да, да...

МОЈ КОМЕНТАР: И овојпат најминималните познавања на дејноста на Александар Велики Македонски укажуваат на поклопување на кажаното овде со историската вистина за што и претходно пишувавме (неговата љубопитноист да открива нови земји; неговиот ангажман околу Персија и Африка; веројатно битката кај реката Инд, кога Македонците, отако ја поминале, реката биле нападнати од другата страна и сл.).

НАМЕСТО ПОГОВОР

На крајот од сето ова, ќе го кажам следново. Во оваа книга јас само веродостојно го опишав она што сум го доживеал и истото го објаснив со воведни информации и свои толкувања. Практично, овде изнесов само мои размислувања, кои се обидов да ги направам колку што е можно пообјективни (иако не тврдам дека сум го постигнал тоа). Впрочем, зарем требаше да го премолчам и сокријам од јавноста она што го доживав кај Стив Херман само затоа што науката, на сегашниов степен од својот развиток, не е способна истото да го протолкува? Па, токму таквите субјекти јас постојано ги критикувам - научници и истражувачи кои за цело време пред себе јасно

гледаат очигледни **факти**, а се прават дека не ги гледаат, само затоа што се *плашат* за сопствената кариера и други привилегии. Ова го согледувам и кај дел од македонската историографија во однос на етно-културните врски помеѓу денешните и античките Македонци, а секако дека така е и во други области на истражување.

Наместо ваквиот, би рекол *кукавички* однос, јас сум приврзаник на евидентирање на сите појави околу нас, а посебно на оние кои не се вклопуваат во постоечките прифатени *шеми* во науката и чие објаснување и толкување бара поинаков приод. Таквите појави должни сме барем да ги евидентираме за да може идната наука беспрекорно да ги протолкува.

Ете затоа јас го евидентирав ова свое доживување и си дозволив истото субјективно да го коментирам.

*

ЈАС: Дали е тоа се?

СТИВ: Па, тоа се најважните работи. (Кон Марија) Колку е часот?

МАРИЈА: Помина точно еден час.

СТИВ: Помина точно еден час? Господи... Во ред.

ЈАС: Морам да го аналзиирам сето ова, па да напишам нешто...

СТИВ : Во ред.

(ПОВТОРНО СЛЕДУВА МОЛИТВА)...

АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ е роден во ноември 1960 година во Штип. Потекнува од уметничко семејство. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје на групата Историја на уметноста со археологија. Има објавено голем број написи, авторски документарни радио-емисии и фељтони од областа на фолклорот, историјата и религијата во повеќе македонски и странски списанија и весници. За својата истражувачка дејност добитник е на извесен број награди и признанија. Во 1987 година, како резултат на неговите истражувања во Јапонија, од кои произлезе трудот Јапонскиот печат за Илинденското востание ја доби највисоката тогашна награда на Штип - наградата 8 ноември. Во 1989 година ја објави книгата-зборник Фолклорното богатство на Штип. Во 1993 ја доби стипендијата на Фондот за отворено општество на Џорџ Сорос (ЦЕУ РСС) за истражувачкиот проект "Детскиот фолклор во источна Македонија", кој со успех го заврши. Во 1994 година ја објави книгата "Натприродни одгласи". Во 1995 година ја објави книгата "Што ќе ни се случи по смртта?", книга со сведоштва на македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт. Има објавувано и свои кратки раскази во реномирани македонски списанија за литературата, а се занимава и со преводи на литературни дела и есеи од хрватски, српски и бугарски јазик за списанието за уметност СУМ. Во 1996 година ја објави збирката раскази под наслов "Морбидни раскази". Еден е од ко-авторите на книгата "Македонија - богата и сиромашна земја", која на германски јазик е објавена во Германија во 1997 година. Автор е и на неколку документарнаи радио и ТВ серии,

снимени во продукција на Радио Штип и ТВ ИРИС од Штип. Неколку години соработувал и со “. “Народна волја” (македонски весник од Бугарија) и со “Австралиско-македонски неделник” од Мелбурн. Објавува свои текстови и на Интернет. Автор е и на неколку книги со историска содржина: “Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите”; “Исус Христос и Македонците”, “Уделот на Македонците во светската цивилизација”; “Античко-македонското наследство во денешната македонска нација - прв дел фолклорни елементи” (објавена и на англиски); “Денешните потомци на Самуиловата царска династија” (објавена и на англиски со посебен осврт на роднинската врска на цар Самуил со британската кралица Елизабета Втора), “Сведоштва за Илинденскиот период” (во ко-авторство со Атанас Кирјаков, македонски активист од пиринскиот дел на Македонија), “Сите светители од Македонија”, “Македонското потекло на некои од американските претседатели”, која е објавена и на англиски, “Византиски цареви од македонско потекло” “Денешните потомци на античко-македонската царска династија”, романот “Тајната на Бакарната книга” (кој е објавен и на англиски) и романот “Обединувањето на Македонија”.

Авторот со својата сопруга и издавачот на книгата го посветуваат ова издание во чест на:

Емилија Донева КУКУБАЈСКА
(16.08.1979 - 11.09.2006)